# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Излегува по потреба | 30 Декември 2021 година Скопје Бр.18 Год. XVI |
|---|---|



www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/2033-309


*Содржина:*


1. Одлука за утврдување на потреба од ангажирање на работници за вршење на јавна работа на територијата на општина Ѓорче Петров ....................стр.2
2. Програма за јавни работи на територија на општина Ѓорче Петров за 2022 година .........стр.5
3. Одлука за усвојување Извештај за реализација на Програмата за остварување на социјална заштита во општина Ѓорче Петров, за период од 01.01.-30.09.2021 година ........................стр.10
4. Програма за остварување на социјална заштита во општина Ѓорче Петров за 2022 година ....................стр.18
5. Одлука за усвојување Извештај за реализација на Програмата за активностите на општина Ѓорче Петров во областа на културa и поддршката на невладиниот сектор, за период од 01.01.-30.09.2021 година ....................стр.29
6. Програма за активностите на општина Ѓорче Петров во областа на култура и поддршката на невладиниот сектор во 2022 година ....................стр.42
7. Одлука за усвојување Извештај за реализација на Програмата за активностите на општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор за период од 01.01.-30.09.2021 година ....................стр.56
8. Програма за активностите на општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор за 2022 година ....................стр.64
9. Одлука за усвојување Извештај за реализација на Програма од областа на предучилишнот образование и воспитание на општина Ѓорче Петров за период од 01.01.-30.09.2021 година ....................стр.77
10. Програма за предучилишно воспитание и образование на општина Ѓорче Петров за 2022 година ....................стр.84

11. **Одлука за усвојување Извештај за реализација на Програмата за активностите на општина Ѓорче Петров во областа на образованието, за период од 01.01.-30.09.2021 година .......стр.91**
12. **Програма за активностите на општина Ѓорче Петров во областа на образованието за 2022 година ..........стр.99**
13. **Одлука за усвојување Извештај за реализација на Програмата за еднакви можности на жените и мажите на општина Ѓорче Петров, за период од 01.01.-30.09.2021 година .....стр.112**
14. **Програма за еднакви можности на жените и мажите на општина Ѓорче Петров за 2022 година ..........стр.119**
15. **Одлука за усвојување Извештај за реализација на Програмата за урбано планирање, Програмата за комунални дејности , Програма за локални патишта, сервисни и станбени улици, Програмата за Јавна Чистота и Програмата за изградба и одржување на јавни објекти за 2021 година, за период од 01.01.-31.10.2021 година ..........стр.130**
16. **Програма за урбано планирање „Ф“ на општина Ѓорче Петров за 2022 година .............стр.187**
17. **Програма за комунални дејности на општина Ѓорче Петров за 2022 година ..................стр.214**
18. **Програма за локални патишта, сервисни и станбени улици на општина Ѓорче Петров за 2022 година ..........стр.224**
19. **Програма за Јавна чистота на општина Ѓорче Петров за 2022 година ............................стр.237**
20. **Програма за изградба и одржување на јавни објекти на општина Ѓорче Петров за 2022 година ..........стр.245**
21. **Одлука за усвојување Извештај за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата, Програмата за енергетска ефикасност, Програмата за јавно осветлување и Програмата за ЛЕР на општина Ѓорче Петров, за период од 01.01-31.10.2021 година ..........стр.259**
22. **Програма за животна средина на општина Ѓорче Петров 2022 година ...........................стр.268**
23. **Програма за чист воздух на подрачјето на општина Ѓорче Петров за 2022 година ......стр.274**
24. **Програма за оддржување и развој на јавно осветлување на подрачјето на општина Ѓорче Петров за 2022 година ..........стр.280**
25. **Програма за подршка на Локален Економски Развој на општина Ѓорче Петров за 2022 година ..........стр.287**
26. **Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиштево сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Ѓорче Петров ......................стр.295**
27. **Програма за земјоделие на општина Ѓорче Петров за 2022 година ..................................стр.311**
28. **Програма за дезинфекција, дезинсекција и дератизација на општина Ѓорче Петров за 2022 година ..........стр.316**
29. **Одлука за усвојување Извештај за реализација на Програмата за заштита, спасување и управување со кризи на општина Ѓорче Петров, за период од 01.01-30.09.2021 година ..........стр.320**
30. **Програма за заштита, спасување и кризи на општина Ѓорче Петров за 2021 година....стр.326**
31. **Одлука за формирање на Општински штаб за заштита и спасување и управување со кризи ..........стр.331**
32. **Буџет на општина Ѓорче Петров за 2022 година ..........стр.334**
33. **Одлука за извршување на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2022 година ...............стр.373**
34. **Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2022 година ..........стр.380**
35. **Одлука за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотација на основните училишта на општина Ѓорче Петров за 2022 година ..........................................стр.382**
36. **Одлука за доделување еднократна парична помош на семејствата со новороденче на подрачјето на општина Ѓорче Петров во 2022 година ..........стр.386**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за утврдување на потреба од ангажирање на работници за вршење на јавна работа на територијата на општина Ѓорче Петров**

**Се објавува Одлуката за утврдување на потреба од ангажирање на работници за вршење на јавна работа на територијата на општина Ѓорче Петров, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Шесттата седница на советот, одржана на ден 30.12.2021 година.**

**Број 09-2410/1**
**од 31.12.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ број 5/ 022), во врска со член 2 и 3 од Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија" бр. 111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21), член 16 став 1 точка 23 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), советот на општина на 6-тата на седницата одржана на ден 30.12.2021 година ја донесе следната:**

## О Д Л У К А
## за утврдување на потреба од ангажирање на работници за вршење на јавна работа на територијата на општина Ѓорче петров

### Член 1

**Со одлуката се утврдува потреба од ангажирање на работници за вршење на јавни работи за одржување на хигинена на јавни површини, одржување на зелени површини и одржување јавни пешачки површини во зимски услови.**

**Јавните работи по конкретно се определени во годишната програма за јавни работи.**

### Член 2

**За вршење на јавните работи од член 1 од оваа Одлука, во општина Ѓорче Петров се ангажираат потребен број на работници. Бројот на работници се утврдува со јавниот оглас.**

**Работниците јавната работа ја извршуваат на подрачјето на Општината, на начин и под услови утврдени со годишната програмата за јавни работи на територијата на општина Ѓорче Петров.**

### Член 3

**Начинот и постапката за избор на работници се уредува во годишната програмата за јавни работи, односно преку спроведување Јавен оглас.**

### Член 4

**Висината на нето дневниот надоместок за ангажираните работници изнесува од 600,00 денари до 800,00 денари во зависност од тоа на која работна активност се распоредени.**

**Со секој работник посебно се склучува договор на месечно ниво и со истиот поблиску се уредуваат меѓусебните права и обврски.**

### Член 5

**За реализација на одлуката е надлежно Одделението за инвестиции, комунални дејности и тековно одржување од Секторот за урбанизам, комунални дејности и инвестиции на општина Ѓорче Петров.**

**Член 6**

**Одлуката стапува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08-2326/3**
**Од 30.12.2021 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за јавни работи на територија**
**на општина Ѓорче Петров за 2022 година**

**Се објавува Програмата за јавни работи на територија на општина Ѓорче Петров за 2022 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Шесттата седница на советот, одржана на ден 30.12.2021 година.**

**Број 09-2410/2**
**од 31.12.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ број 5/ 022) во врска со 2 и 3 од Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија“ бр. 111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21), член 16 став 1 точка 22 и 23 од Статутот на општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), советот на општина на 6-тата на седницата одржана на ден 30.12.2021 година ја донесе следната:**

## П Р О Г Р А М А
## За јавни работи на територија на општина Ѓорче Петров за 2022 година

1. **Цел на Програмата**
2. **Обем, видови, динамика и ниво на одржување**
3. **Организациска поставеност и обврски на учесниците**
4. **Постапка и критериуми за ангажирање на лица за вршење на јавни работи**
5. **Финансиски средства потребни за подготовка и реализација на програмата**
6. **Извршување на програмата и надзор**
7. **Завршни одредби**

### 1.Цел на Програмата

**Програмата има за цел да предвиди активности за ефикасно организирање и реализација на одржувањето на чистотата на јавните површини, одржувањето на зеленилото на јавните површини и парковите на територија на Општина Ѓорче Петров, одржување на локалните улици, патишта, јавни пешачки површини и тротоари во зимски услови на подрачјето на општината и сл. активности, и тоа преку:**

- **одредување на видот и обемот на работите ;**

- **дефинирање на работата и задолженијата на сите учесници кои се одговорни за реализација на Програмата;**

- **дефинирање на обврските на сите директни учесници во реализација на оваа Програма.**

### 2. Обем, динамика и ниво на одржување

**Тргнувајќи од основната цел на Програмата, физичкиот обем и начинот на вршење на работите зависи од:**

- **Густината на населението на делови на Општината,**
- **Фреквенција на луѓе и моторни возила,**
- **Вид и број на јавни, станбени, деловни и инфраструктурни објекти**
- **Време на извршување на јавните работи**

- **Квалитет на извршување**

**3. Организациска поставеност и обврски на учесниците**

**Одделението за инвестиции, комунална дејности и тековно одржување на Општина Ѓорче Петров е носител на работите и активностите кои се однесуваат на севкупното организирање и функционирање на работите предвидени со оваа Програма. За таа цел Општината ангажира работници, кои под директна организација и надзор од одговорни лица за работа на терен ги извршуваат поставените работни задачи по определни реони.**

**Општина Ѓорче Петров остварува потребна соработка и со Градот Скопје и јавните претпријатија основани од Градот, при појавена зголемена потреба од вршење на работите.**

**Општина Ѓорче Петров соработува и со концесионерот за собирање, третман и транспорт на комунален смет во руралнииот дел на општината.**

**Обврски на ангажираните работници се:**

**- одржувањето на чистотата на јавните површини (чистење на смет, празнење на уличните корпи за отпадоци, чистење на суви лисја, гранки и сл),**
**- одржувањето на зеленилото на јавните површини и парковите на територија на Општина Ѓорче Петров (косење трева, поткастрување гранки и сл.),**
**- одржување јавни пешачки површини и тротоари во зимски услови на подрачјето на општината (чистење на пешачките премини, пешачките патеки, плочници и тротоари, целосно чистење на мостовите, чистење на снег од уличните клупи и корпи за одпадоци) и сл.**

**Потребна механизација, опрема, матерјали и работна сила:**

**- механизација и опрема сопственост на општината:**
**- два(2) камиони**
**- две (2) возила Лада Нива**
**- алат (лопати, метли, колички, пили, стружки, копачи, канти и сл.)**
**- косилки за трева (тракторки), тримери, дувалки, телескопски пили,**
**- заштитна опрема, облека и обувки**

**- механизација и опрема од договорна фирма за зимско одржување:**
**- моторно возило со нож и рикорасprскувач со носивост на корпа над 4,5 т,**
**- моторно возило со нож и рикораспрскувач со носивост на корпа од 0.9 до 4,5 т,**
**- мала машина со нож за чистење на тротоари од снег (бобкет),**
**- градежна машина за утовар (скип),**
**- камион за транспорт на снег од јавни површини**

- механизација и опрема од договорна фирма за чистење на смет:
- специјално возило за собирање на смет од јавни пешачки површини со
- моторно возило – цистерна за миење на улици со капацитет на цистерна до 8 м3
- механизација и опрема од договорна фирма за чистење на отпад (депонии и др. отпад):
  - комбинирана машина утоварач-ровокопач
  - мала машина за утоварање со зафатнина на корпа од 0,3 м3 до 0,5 м3
  - мала машина за утоварање со зафатнина на корпа од 2,5 м3 до 3,5 м3
  - камион кипер со зафатнина на сандак мин 10 м3
  - камион кипер со зафатнина на сандак од 3,5 м3 до 5 м3

Работна сила:

- Ангажирани сезонски работници,
- Мобилна единица за зимско одржување,
- Работници од договорни фирми за чистење на снег и смет,

4. Постапка и критериуми за ангажирање на лица за вршење на јавни работи

Изборот на работниците кои треба да се нагажираат за спроведување на активностите предвидени со прогрмата се врши со постапка за избор, односно по пат на јавен оглас. За таа цел Градоначалникот формира комисија за спроведување на постапката.

Основни критериуми врз основа на кои одлучува Комисијата се:

- претходно работно ангажирање во наведената областа (се смета како предност)

- невработени лица пријавени во Агенцијата за вработување на Република Македонија (корисници на паричен надоместок имаат предност),

- работноспособни,

Потребата од ангажирање работници, периодот за кој би се ангажирале истите, како и висината на надоместокот за извршените работи се регулираат со одлука на Советот на Општина Ѓорче Петров.

5. Финансиски средства потребни за подготовка и реализација на програмата

Финансирањето на активностите предвидени со оваа Програма се врши со средствата предвидени во Буџетот на општината Ѓорче Петров за 2022 година, во програмата Ј.4 во износ од 15.600.000,00 денари.

**За реализација на програмата се обезбедуваат финансиски средства за набавка на алат и ситен инвентар, заштитна опрема, обувки, униформи, набавка, поправка и одржување на машини за одржување на јавни зелени површини, надоместоци за ангажираните работници и сл.**

## 6. Извршување на програмата

**Програмата ја следи и реализира Градоначалникот на општината преку Одделението за инвестиции, комунални дејности и тековно одржување - Секторот за урбанизам,комунална дејности и инвестиции на Општина Ѓорче Петров.**

**При реализацијата на програмата се изготвуваат на планови за работа на терен и се изготвуваат извештаи за нивно извршување.**

**До советот се доставува годишен извештај за реализација на Програмата за извршување на јавни работи**

## 7.Завршни одредби

**Програмата стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08-2326/4**
**Од 30.12.2021 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за усвојување Извештај за реализација на програмата за остварување на социјална заштита во општина Ѓорче Петров**
**за период од 01.01.-30.09.2021 година**

**Се објавува одлуката за усвојување на Извештај за реализација на програмата за остварување на социјална заштита во општина Ѓорче Петров, за период од 01.01.-30.09.2021 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Шесттата седница на советот, одржана на ден 30.12.2021 година.**

**Број 09-2410/3**
**од 31.12.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), советот на општина Ѓорче Петров на 6-тата седница одржана на ден 30.12.2021 година, ја донесе следната**

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за остварување на социјална заштита во општина Ѓорче Петров за 2021 година**
**за период од 01.01.-30.09.2021 година**

**Член 1**

**Советот на општина Ѓорче Петров го усвои Извештајот за реализација на Програмата за остварување на социјална заштита во општина Ѓорче Петров за 2021 година, за период од 01.01.-30.09.2021 година.**

**Извештајот е составен дел од оваа Одлука.**

**Член 2**

**Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров".**

**Број 08-2326/5**
**Од 30.12.2021 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

# ИЗВЕШТАЈ
## За реализација на Програма на општина Ѓорче Петров во остварување на социјална , детска и здравствена заштита за период 01.01.- 30.09.2021 година

**Скопје, Декември 2021 година**

## I. ВОВЕД

**Извештајот е изготвен во насока да даде целосна слика за реализација на активностите предвидени во Програмата за остварување на социјална, детска и здравствена заштита во општина Ѓорче Петров за период од 01.01.2021 до 30.09.2021 година, кој беше донесена од советот на општина Ѓорче Петров.**

**Согласно наведеното, Извештајот ги вклучува реализираните активности и финансиски средства поединечно за секоја категорија опфатена во Програмата.**

## II. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

- **Во делот на социјалната и здравствената заштита остварени се следниве активности :**

**1. Еднократен паричен надомест за новороденчиња**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста** | **Во периодот од 01.01.2021 до 30.09.2021 поднесени 193 барања за новороденче, од кои 97 се машки баратели и 86 женски ,а се близнаци се 5 пара.**<br><br>**Исплатени се вкупно 1.034.445,00 ден.**<br>**За новороденчиња планирани се 1.600.000,00 ден** |
| **Време на реализација** | **01.01.2021-30.0.9.2021** |
| **Трошоци** | **Вкупно нето 1.034.445,00ден** |

**2. Еднократна парична помош**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста** | **Во периодот од 01.01.2021 до 30.09.2021 разгледани се поднесени 105 барања еднкратна парична помош. Одобрени барања се 71, од кои жени се 43 и мажи 28. Неосновани барања има 34, при што се исплатени вкупно 753.000,00 ден.**<br>**За еднократна парична помош планирани се 1.600.000,00ден.** |
| **Време на реализација** | **Од 0.1.01 2021- 30.09.2021год** |

| | |
|---|---|
| **Трошоци** | **Вкупно нето<br>753.000,00** |

**3. Патролна Социјална служба**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста** | **Проектот „ Патролна социјлна служба „ не се релизираше во изминатиот период поради Ковид 19.<br>Планирани сретства се 130.000 ден за 12 месеци.** |
| **Време на реализација** | **Од 0.1.01 2021- 30.09.2021 год** |
| **Трошоци** | **0, ден** |

**4. Еднократна матерјална поддршка во дрва и сл.**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста** | **Во периодот од 01.01.2021 до 31.09.2020 доделена е матерјална поддршка во дрва во вредност 90.650,00ден на 5 лица<br><br>За дрва се планирани 50.000,00 ден** |
| **Време на реализација** | **0д.01.01.2021- 30.9.2021 год** |
| **Трошоци** | **90.650,00 ден** |

**6. Отварање на канцеларија во Даме Груев  за административни права од обласа на социјалната заштита преку МТСП и Центар за социјална работа**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста** | **Во тек е проектот за Отварање на канцеларија во Даме Груев за административни права од обласа на социјалната заштита.<br>Потпишан е Меморандум за соработка помеѓу општина Ѓорче Петров , МТСП и Центар за социјална работа .** |

| | |
|---|---|
| | **Канцеларијата е целосно опремена и треба да започне со работа . Очекуваме од центарот за социјална работа да пратат луѓе. Поради Ковид 19 одложено е отварањето.** |
| **Трошоци** | **Проектот е финансиоран од МТСП и Светска банка** |

**7. Крводарителска акција во Културниот дом Ѓорче Петров во соработка со црвен крст**

| | |
|---|---|
| **Дата 25 Септември<br>Крводарителска акција<br>Во соработка со црвен крст** | **На ден.25.09.2021 одржана е крводарителска акција во Културниот дом во општина Ѓорче Петров. Крв дадоа 42 крводарители.<br><br>Од општина Ѓорче Петров помош за крводарителската акција се: 50 штампани маици, 50 води. Планирани се 40.000,00ден** |
| **Трошоци** | **/** |

**8. Локален акциски план за вработување на ромки**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста** | **Со НВО Хера изготвен е локален акциски план за вработување ромки .<br><br>Министерство за Локална самоуправа ќе додели 120.000,00 ден** |
| **Трошоци** | **/** |

**8. Хуманитарни акции во текот на целата година**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста**<br><br>**-Хуманитарни акции**<br><br>**-Со црвен крст и волонтери помогнато е на лица во социјален ризик кои сами неможат да си набават лекови и храна** | **За време на Ковид 19 организирана е хуманитарна акција за социјално загрозени лица во соработка со КАМ Маркет и дадени се 50 пакети со храна и хигиенски сретства на социјално загрозени лица**<br><br>**За време на Ковид 19 ангажирани се волонтери од Црвен крст за помош на старите лица при набавка на лекови и прехранбени продукти. Дадена е помош од 150 пакети со храна и хигиенски сретства.** |
| **Трошоци** | **/** |

**V. Рекапитулар за потрошени финансиски сресства**

**За активностите од областа на социјалната заштита за период од 01.01.2021 до 31.09.2021 година планираните од 3.540.000,00 ден, потрошени се вкупно 1.878.095,00 ден.**

**Планирани: 3.540.000,00 денари**
**Потрошени: 1.878.095,00**

| | | |
|---|---|---|
| **1.Еднократен паричен надомест за новороденчиња** | **1.600.000.00** | **1.034.445,00** |
| **2. Еднократна парична помош,** | **1.600.000,00** | **753.000,00** |
| **3.Патролна Социјална служба** | **130.000,00** | **0** |
| **4. Еднократна матерјална поддршка во дрва и сл.** | **50.000,00** | **90.650,00** |
| **6.Отварање на канцеларија во Даме Груев за административни права од областа на социјалната заштита преку МТСП и Центар за социјална работа** | **0.** | **Проектот е финансиоран од МТСП и Светска банка** |
| **7.Крводарителска акција во Културниот дом Ѓорче Петров .** | **40.000,00** | **Активноста е реализирана но фактурите** |

| | | |
|---|---|---|
| | | **не се доставени** |
| **8. Локален акциски план за вработување на ромки** | **120.000,00** | **0** |
| **9. Хуманитарни акции** | | **0** |
| | **Вкупно планирани финансиски средства 3.540.000,00** | **Вкупно потрошени финансиски сретства 1.878.095,00** |

**Извештајот за реализација на Програмата за активностите на општина Ѓорче Петров во областа на социјална, детска и здравствена заштита за период од 01.01.-30.9.2021 година, градоначалникот како Предлагач на истиот го доставува до советот на општина Ѓорче Петров на разгледување и усвојување.**

**Градоначалник**
**Александар Стојкоски с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1  точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров- Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за остварување на социјална заштита во општина Ѓорче Петров за 2022 година**

**Се објавува Програмата за остварување на социјална заштита во општина Ѓорче Петров за 2022 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Шесттата седница на советот, одржана на ден 30.12.2021 година.**

**Број 09-2410/4**
**од 31.12.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**Врз основа на член 22 став 1 точка 7, член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02),а во согласност со член 15 став 1 точка 7 од Законот за град Скопје (Службен Весник на РМ број 55/04), член 3, член 11, член 12 и член 214 став 2 од Законот за социјална заштита („Службен весник на РМ" број 79/09), и член 16 став 1 точка 16 од Статутот на општина Ѓорче Петров-пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), советот на општина Ѓорче Петров на 6-тата седница одржана на ден 30.12.2021 година, ја донесе следната**

## П Р О Г Р А М А
## за остварување на социјална и здраствена заштита во општина Ѓорче Петров за 2022 година

## I. ПОЈДОВНА ОСНОВА НА ПРОГРАМАТА

**Со оваа Програма се уредува спроведувањето на социјалната заштита во општина Ѓорче Петров преку превземање на следниве мерки и активности :**

**1. Превентивна заштита за намалување на основните социјални ризици на кои се изложени граѓаните на општина Ѓорче Петров,**

**2. Намалување на сиромаштијата и социјална исклученост,**

**3. Јакнење на капацитетот на општината и општинската администрација за унапредување на системот за социјална заштитана локално ниво**

**4. Унапредување на детската заштита,**

**5. Превентивна здравствена заштита**

**6. Подобрување на соработка со НВО сектор и**

**7. Унапредување на родовата еднаквост.**

**Корисници на социјална заштита во општина Ѓорче Петров се;**

**- лица за кое е потребна хируршка интервенција во странство, тешко болни лица и примател на терапија, кои не се во можност финансиски да ги покријат трошоците за лекување;**

**- децата без родители и родителска грижа;**

**- поединец или семејство кое се нашло во положба наприродна непогода (земјотрес, поплава пожар);**

**- лица корисници на минимална социјална помош;**

**- лица со телесно оштетување или пречки во развојот.**

**-еднократна парична помош за новороденчиња.**

**Социјалната заштита во општинта ќе се спроведува преку институционални и вонинституционални облици на социјална заштита, превентивни мерки за подигање на свеста на населението за потребите од обезбедување на социјална заштита, согласно со одредбите на Законот за социјална заштита каде Општината, Градот Скопје и општините во Градот Скопје обезбедуваат спроведување на социјална заштита во согласност со овој закон донесуваат програми за потебите на граѓаните од областа на социјалната заштита, согласно Нациопналната програма од чл.4 став 1 на овој закон ги обезбедуваат обврските со овој закон и донесуваат општи акти од областа на социјалната заштита,**

**Реализирањето на програмата ќе се спроведе со низа активности од различни области во рамките на социјалната заштита , здравствена  заштита утврдени во Програмата.**

**II. Посебни цели**

- **Унапредување на работата со корисниците на социјална помиш во  насока на зајакната партиципација, вклученост во донесување одлуки, зајакнување и искористување на нивните потенцијали ;**
- **Развој на социјалната превенција како организирана континуирана и координирана активност на територија на општина Ѓорче Петров;**
- **Зајакнување на вонинстуционалната заштита преку развивање на постојаните  и обезбедување на нови видови социјални услуги согласно со потребите на граѓаните, како и унапредување на начините за обезбедување и нивно достигнување;**
- **Здобивање со основни знаења, вештини и навики од здравствена заштита кај децата;**
- **Подигање на свеста за општествена одговорност и активно вклучување во општественииот живот, развивање на смисла за прифаќање, доживување и вреднување  на естетски вредности и  градење правилен однос сперема животната средина.**
- **Подигање на здравствено воспитание кај оваа категорија на социјано загрозени граѓани.**
- **Подигање на здравственото образование кај децата.**
- **Продлабочување на активностите за поквалитетно згрижување, воспитание и образование, пред се создавање на стимулативни услови за развој на детето и развивање на неговите позитивни страни и творечки потенцијали .**
- **Овозможување на сите деца од предучилишна возраст да посетуваат јавна установа во најблиската околина ;**

**II. АКТИВНОСТИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕНА ПРОГРАМАТА**

**А. Превентивна и здравствена заштита**

**1. Цел**

**Основна цел оваа активност е организирање на крводарителски акции во соработка со Црвен крст и институт за трансфузиона медицина во Културен дом Ѓорче Петров .**

**2.Носител**

**Оваа активност, како посебна мерка во рамки на реализација на програмата за социјална заштита на општина Ѓорче Петров за 2022 година, ќе се спроведе од страна на одделение за јавни дејности на  општина Ѓорче Петров.**

**Програмата од Превентивна и здравствена заштита ќе се спроведе со следните активности**:

**1. Крводарителски акции**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | **Крводарителски акции во Културниот дом во Ѓорче Петров** |
| **Главна цел:** | **Организирање на Крводарителски акции во Културниот дом во Ѓорче Петров во соработка со Црвен крст и трансфузиона медицина .** |
| **Време на реализација** | **Во текот на годината** |
| **Носител на активноста** | **Одделение за јавни дејности** |
| **Резултати:** | **Собрана крв која ќе помогне на граѓаните** |
| **Предвидени финансиски средства:** | **80.000,00ден** |

## 2.Еднократна парична помош

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | **Еднократна парична помош, на физички лица во сл. категории<br>-Физички лица на кои е потребна хируршка интервенција<br>-Тешко болни лица и приматели на терапија<br>-Самохрани родители со висок степен на социјален ризик<br>-Деца без родители и родителска грижа** |
| **Главна цел:** | **Намалување на основните социјални ризици на кои се изложени граѓаните и намалување на сиромаштијата и социјална исклученост на Општина Ѓорче Петров** |
| **Време на реализација** | **По барање** |
| **Носител на активноста** | **Одделение за јавни дејности** |
| **Резултати:** | **Одделение за јавни дејности и Комисија за разгледување на барања за еднократни финансиски средства** |
| **Предвидени финансиски средства:** | **1.600.000,00 ден** |

**3.Еднократна парична помош за секое новородено дете во 2022 год .**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | **Доделување на еднократна финансиска поддршка во висина од 5.000 денари за семејство со новороденче во 2019 година** |

| | |
|---|---|
| **Главна цел:** | **Намалување на основните социјални ризици на кои се изложени граѓаните на Општина Ѓорче Петров.**<br><br>**Намалување на сиромаштијата и социјална исклученост,** |
| **Време на реализација** | **По барање** |
| **Носител на активноста** | **Одделение за јавни дејности и Комисија за разгледување на барања за еднократни финансиски средства** |
| **Резултати:** | **Унапредување на работата со корисниците на социјална помиш во насока на зајакната партиципација, вклученост во донесување одлуки, зајакнување и искористување на нивните потенцијали ;** |
| **Предвидени финансиски средства:** | **1.600.000,00 ден** |

**Б. Парична помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита за одредени категории на лица**

**1. Цел**

**Согласно можностите и во рамки на расположливите средства во Буџетот на општината за 2022 година, општината финансиски ќе потпомага и ќе пружа услуги за социјална превенција и заштита за одредени категории на лица како: лица на кои им е потребна хируршка интервенција, тешко болни лица, приматели на терапија, самохрани родители, деца без родители и родителска грижа, семејство кое се нашло во положба на природна непогода, корисници на минимална социјална помош и лица без сретства за егзистенција, како и вклучување на патролна социјална служба која ќе функционира со соработка со Црвениот крст.**

**Основна цел на оваа активност, е согласно надлежноста на општината во областа на социјалната заштита, утврдена во Законот на локална самоуправа(„Службен весник на РМ" бр. 05/02), како и посебните законски и подзаконски акти во оваа област, општината да им излезе во пресрет на здравствено, финансиски или на друг начин загрозените лица, кои имаат потреба од социјална заштита, превенција и помош.**

**2. Висина на помошта и потребна документација**

**Висината на надоместокот, видовите на мерки и услуги за социјална заштита и превенција за горенаведените категории на лица, ќе се утврдува врз основа на поднесени барања, со комплетна документација од која би се потврдил основот на барањето, а по дадено позитивно мислење од страна на Комисијата формирана од Градоначалникот, односно по дадено позитивно мислење од страна на Комисијата за образование, социјална заштита, односно донесена одлука од страна на Советот на Општина Ѓорче Петров.**

**Решенијата за доделување на оваа помош ќе ги донесува Градоначалникот, односно, Одлуките ќе ги донесува Советот на Општина Ѓорче Петров.**

**3.Носител**

**Оваа активност, како посебна мерка во рамки на реализација на програмата за социјална заштита на Општина Ѓорче Петров за 2022 година, ќе се спроведе од страна на одделението за јавни дејности во соработка со Секторот за финансиски прашања на Општина Ѓорче Петров, а во согласност со Правилникот за критериуми за доделување парична помош.**

**4.Извори на средства**

**Средствата за исплата на парична помош и за обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита за горенаведените категории на лица, се планира во рамки на расположливте средства во Буџетот.**

**Граѓаните кои се корисници на социјални парични надоместоци, можат да бидат работно ангажирани од страна на Општина Ѓорче Петров за изведување на јавни работи во соработка со Центарот за социјална работи и Агенцијата за вработување на Република Македонија, Општината може за нивното ангажирање да исплаќа дополнителен надоместок во рамки на средствата предвидени во Буџетот.**

**Програмата од социјална превенција и заштита ќе се спроведе со следните активности:**

## 4.Еднократна материјална поддршка во дрва

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | **Доделување на огревно дрво во зимскиот период на семејства во социјален ризик како еднократна материјална поддршка во дрва или сл.** |
| **Главна цел:** | **Намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост преку намалување на основните социјални ризици на кои се изложени граѓаните на Општина Ѓорче Петров.** |
| **Време на реализација** | **По барање** |
| **Носител на активноста** | **Одделение за јавни дејности и Комисија за разгледување на барања за еднократни финансиски средства** |
| **Резултати:** | **Зајакнување на инстуционалната заштита преку развивање на постојаните и обезбедување на нови видови социјални услуги согласно со потребите на граѓаните, како и унапредување на начините за обезбедување и нивно достигнување** |
| **Предвидени финансиски средства:** | **90.000,00 ден.** |

## 5.Патролна социјална служба

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | **Отварање на сервис на граѓаните**<br>**-Патролна социјална служба за подобрување на системот на социјална заштита на социјалните случаи во соработка со Црвен Крст.** |
| **Главна цел:** | **Намалување на основните социјални ризици на кои се изложени граѓаните на Општина Ѓорче Петров.** |

| | |
|---|---|
| **Време на реализација** | **Континуирано во текот на целата година** |
| **Носител на активноста** | **Одделение за јавни дејности и Комисија за разгледување на барања за еднократни финансиски средства** |
| **Резултати:** | **Добивање на релевантни податоци за структурата на население по основ на: образование, вработеност, социјален статус, пол, итн.** |
| **Предвидени финансиски средства:** | **130.000,00ден** |

## 6.Обезбедување помош и нега на стари лица

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | **Со услугата помош и нега во домот се обезбедува помош во вршење основни и инструментални активности од секојдневниот живот до 80 часа месечно, за лица со намален функционален капацитет кои не можат сами да се грижат за себе, со цел да се оспособи корисникот за само-помош, односно да ја врати, стекне или одржи способноста самиот да се грижи за себе, за да продолжи да живее во сопствениот дом и да води независен живот во заедницата. Непосредни даватели на услугата помош и нега во домот се негувателите. Целна група се стари лица со навршени 65 години живот со намален функционален капацитет кои не можат сами да се грижат за себе, а живеат на територија на општина Ѓорче . На годишно ниво ќе се обучуваат 20 лица од општина Ѓорче Петров кои спаѓаат во ранлива категорија на граѓани, со што на долг рок ќе се влијае врз вклучувањето во пазарот на труд кај тие лица.** |
| **Главна цел:** | **Зголемување на квалитетот на живеење и должината на животниот век кај старата популација во општина Ѓорче Петров. Истовремено, намалувајќи ја невработеноста кај работоспособни лица во општина Ѓорче Петров преку нивно ангажирање како негуватели на стари и немоќни лица. Тоа ќе се оствари преку обезбедување на нега и грижа во домашни услови од страна на професионални сертифицирани негуватели во општина Ѓорче Петров .** |
| **Време на реализација** | **По одобрување на проект. Планиран почеток Мај 2022** |
| **Носител на активноста** | **Црвен крст на град Скопје и Одд. за јавни дејности** |
| **Резултати:** | **1.1. 20 обучени негуватели за помош и нега на стари лица и лица со попреченост во првата година, за 5 години обучени 100 негуватели**<br>**1.2. Опслужани над 60 корисници на годишно ниво со нега и остварени 28.800 часа помош и нега во домот** |

| | |
|---|---|
| **Предвидени финансиски средства:** | **0 денари** |

**7.Хуманитарна акција**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | **Општината финансиски и логистички организира хуманитарни акции** |
| **Главна цел:** | **Поддршка и помош на социјално загрозени граѓани и поттик за хуманост, човечност и меѓусебна помош на граѓаните.** |
| **Време на реализација** | **тековно** |
| **Носител на активноста** | **Општина Ѓорче Петров/ Одделение за Јавни дејности** |
| **Резултати:** | **Поттикнување на хуманоста, човечноста, будење на свеста за меѓусебна помош на граѓаните.** |
| **Предвидени финансиски средства:** | **(од донации) 0 ден** |

**8.Хуманитарна акција по повод Нова Година**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | **Општината организира Хуманитарна акција по повод празникот на Општина Ѓорче Петров од донации на локални фирми. (Даути-комерц , Тинекс , Сел-ис и др.** |
| **Главна цел:** | **Поддршка и помош на социјално загрозени граѓани и поттик за хуманост, човечност и меѓусебна помош на граѓаните.** |
| **Време на реализација** | **Еднаш во годинта** |
| **Носител на активноста** | **Општина Ѓорче Петров/ Одделение за Јавни дејности** |
| **Резултати:** | **Поттикнување на хуманоста, човечноста, будење на свеста за меѓусебна помош на граѓаните.** |
| **Предвидени финансиски средства:** | **( Од донации) 0 ден** |

## 9. Годишна чланарина на Црвен крст на РСМ општинска организација Карпош

| | |
|---|---|
| Краток опис на активноста: | Обновување на годишна членарина за 2022 година за Црвен крст и вработени од ОЃП., 6 ООУ та и 1 градинка „ Росица„ |
| Главна цел: | Формално зачленување во организација на Црвен крст за 1 година ( 100-120 члена ) за општинска администрација , 6 ООУ та и 1 градинка „ Росица „ |
| Време на реализација | Еднаш годишно (јануари – март ) |
| Носител на активноста | ОЃП – (Одд за јавни дејности ) и Црвен крст |
| Резултати: | Зачленети 100 – 120 члена |
| Предвидени финансиски средства: | 18.000,00 |

## 11. Акциски план за вработување на ромки

| | |
|---|---|
| Краток опис на активноста: | Спроведување на активности, работилници, споделување на информации на социјалните мрежи,отварање канцеларија за социјални услуги во Даме Груев, организирање на саем за вработување за ромската популација. |
| Главна цел: | ВРАБОТУВАЊЕ НА РОМКИ |
| Време на реализација | 2022година |
| Носител на активноста | Министерство за Локална самуправа 152.754,00 ден. |
| Резултати: | Вработени ромки (2) во јавните институции на територија на Општина Ѓ. Петров |
| Предвидени финансиски средства: | 0 денари |

## III. ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ОБЛАСТА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

**Финансирањето на активностите утврдени со програмата на Општина Ѓорче Петров, кое во вкупен износ изнесува 4.500.000,00 ден денари, предвидено со Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2022 година.**

| Рекапитулар<br>**Програмата за социјална, и здравствена заштита Активност/позиција** | Транспорт на луѓе (ученици, наставници) | Прехрамбени продукти и пијалоци | Еднократна парична помош | Матерјална помош во дрва | Помош за новороденче | Услуги за печатење, копирање и издавање | Други договорни услуги | Други оперативни расходи | Други трансфери | Трансфер до НВО | **Вкупно по активност** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | |
| **1. Крводарителска акција во соработка со Црвен крст во Културен дом Ѓорче Петров** | | 40.000,00 | | | | 40.000,00 | | | | | **80.000,00** |
| **Парична помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита за одредени категории на лица** | | | | | | | | | | | |
| **2. Еднократна парична помош** | | | 1.6000,00 | | | | | | | | **1.600.000,00** |
| **3.Еднократна парична помош за секое новородено дете** | | | | | 1.600.000 | | | | | | **1.600.000** |
| **4. Еднократна парична помош за дрва или сл.** | | | | 90.000,00 | | | | | | | **90.000.00** |
| **5. Патролна социјална служба** | | | | | | | 130.000 | | | | **130.000,00** |
| **6.Обезбедување помош и нега на стари лица** | | | | | | | | | | | **0** |
| **7. Хуманитарна акција** | | | | | | | | | | | **0** |
| **8. Хуманитарна акција по повод празникот на Општина Ѓорче Петров** | | 0 | | | | 0 | 0 | | | | |
| **9.Годишна членарина на Црвен крст на РСМ општинска организација Карпош** | | | | | | | | | | 18.000,00 | **18.000,00** |
| **10. Акциски план за вработување на ромки** | | | | | | | | | | 0 | **0** |
| | | | | | | | | | | | |
| **Вкупно** | | **40.000** | **1.600.000** | **90.000,00** | **1.600.000** | **40.000,00** | **130.000,00** | | | **18000** | **3.518.000,00** |

**VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Реализацијата и следењето на активностите од оваа Програма ќе се одвива преку Одделението за јавни дејности.**

**Програмата е отворена за предлози, сугестии и мислења.**

**Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров".**

**Број 08-2326/6**
**Од 30.12. 2021 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

## РЕШЕНИЕ

**За објавување на Одлука за усвојување Извештај за реализација на програмата за активностите на општина Ѓорче Петров во областа на култура и поддршката на невладиниот сектор, за период од 01.01.-30.09.2021 година**

**Се објавува одлуката за усвојување на Извештај за реализација на програмата за активностите на општина Ѓорче Петров во областа на култура и поддршката на невладиниот сектор, за период од 01.01.-30.09.2021 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Шесттата седница на советот, одржана на ден 30.12.2021 година.**

**Број 09-2410/5**
**од 31.12.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), советот на општина Ѓорче Петров на 6-тата седница одржана на ден 30.12.2021 година, ја донесе следната**

## О Д Л У К А

**за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите од областа на културата и подршката на невладиниот сектор во општина Ѓорче Петров за 2021 година за период од 01.01.-30.09.2021 година**

**Член 1**

**Советот на општина Ѓорче Петров го усвои Извештајот за реализација на Програмата за активностите од областа на културата и невладиниот сектор во општина Ѓорче Петров за 2021 година, за период од 01.01.-30.09.2021 година.**

**Извештајот е составен дел од оваа Одлука.**

**Член 2**

**Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08-2326/7**
**Од 30.12.2021 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

# ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

# ИЗВЕШТАЈ

**За реализација на програмата за активностите на општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за период од 01.01.2021 до 30.09.2021 година**

**Скопје, Декември 2021 година**

**I. Вовед**

**Извештајот е изготвен во насока да даде слика за реализација на активностите планирани во Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор и ги вклучува реализираните активности за периодот од 01.01.2021 г. до 30.09.2021 г.**

**Активностите од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор беа насочени кон негување на фолклорот, обичаите, музиката и други културни вредности, организирање културни манифестации и одбележување на значајни историски настани, верски и државни празници. Културните манифестации подразбираат и дружење со граѓаните, но и зближување на граѓаните со работата на општината, како и поттикнување и мотивирање за нивно учество во спортски, образовни, културни и забавни манифестации. Преку разновидната програма за култура овозможуваме како општина пред сè збогатување на културниот живот, ширење на музичката и балетската култура.**

**II.Реализирани активности**

**Во текот на 2021 година, од Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор до 30.09.2021 година се реализирани следните активности:**

**1.Организирање на културни манифестации**

- **Поддршка на манифестацијата *Антево перо***
- **Концерт *Акустична вечер со Мијата***
- **Изложба на фотографии и музички концерт на класична и џез музика реализирана со ученици со попреченост од училиштата во Ѓорче Петров, ученици со типичен развој и професионални музичари и актери во рамки на проектот *Ништо не ми пречи***

**2.Поддршка на установи и НВО од областа на културата**

- **Поддршка на програмата на КУД *Григор Прличев***
- **Поддршка на програмата на ЕФЗ *Седум осмини***
- **Поддршка на програмата Ансамбл „ Ѓорче Петров"**
- **Поддршка на Ансамбл „Трајан Јанковски"**
- **Поддршка на Здружението на граѓани „ Свет на различни, а еднакви" реализација на инклузивна сликовница „ Буква по буква-азбука"**
- **Поддршка на Центарот за изведувачки уметности и едукација Театар Пи за проект „Ништо не ми пречи"**
- **Поддршка на автори-творци поединци во областа на културата**
- **Поддршка на други НВО и институции од областа на културата и творештвото (ПИК Продукција, Проект *Портрет на фриленсерот во Скопје во време на Ковид 19)***

**III Рекапитулар на потрошени финансиски средства**

**За реализација на напред наведените активности од Програмата за култура и поддршка на невладиниот сектор за 2021 година за период од 01.01.-30.09.2021 година, во текстот подолу даден е детален преглед за сите потрошени средства и тоа:**

**1. Литературно читање во собата на Анте Поповски**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | *** Поддршка за одржување на Меѓународната поетско-културна манифестација „Анте Поповски-Антево перо" и доделување на наградата Антево слово во чест на истакнатиот поет, писател и академик Анте Поповски. Во текот на оваа манифестација се читаат песни од наградените, се емитува видео материјал и се доделуваат награди и благодарници од страна на организаторот.** |
| **Главна цел:** | **Да се доближи пишаниот збор до граѓаните, до децата, збогатување на културниот живот, поетско дружење.** |
| **Време на реализација:** | **континуирано** |
| **Носител на активноста:** | **Општина Ѓорче Петров** |
| **Резултати:** | **Побогат културен живот, средби со македонски поети** |
| **Предвидени финансиски средства:** | **Прехранбени производи и пијалоци 20.000** |
| **Потрошени финансиски средства** | **/** |
| **Вкупно останати средства** | **20.000 ден.** |

***Манифестацијата се одржа во Музејот на македонската борба и самостојност**

**2. Прослава на Денот на Крстот-Кучково**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | **На 1-ви Мај во село Кучково традиционално,се одржува голем општонароден собир, „Ден на Крстот". На овој ден ќе се одржат и рекреативен Ревијален марш од средсело во с. Кучково до Крстот, презентација на македонски овчарски кучиња од Кинолошки клуб, спортски игри: крос, Опен фан, ликовна колонија и културно-уметничка програма.**<br>**Традиционално се дели војничко гравче за сите присутни гости на собирот.** |
| **Главна цел:** | **Анимирање на граѓаните, дружење со граѓаните и негување на традицијата. Истовремено со овој културен настан кој традиционално се одржува повеќе од 10 години, Општина Ѓорче Петров да стане препознатлива.** |

| | |
|---|---|
| **Време на реализација** | **1 Мај** |
| **Носител на активноста** | **Општина Ѓорче Петров и МЗ Кучково** |
| **Резултати:** | **Активно вклучување на граѓаните во одржување и негување на македонската традиција, препознатлив културен настан и промовирање на с. Кучково.** |
| **Предвидени финансиски средства:** | **Прехранбени производи 30.000 ден.**<br>**Други договорни услуги 60.000 ден.**<br>**Други оперативни расходи 10.000 ден.**<br>**Вкупно:**<br>**100.000 ден.** |
| **Потрошени финансиски средства**<br>**Вкупно останати средства** | **/** |
| **Вкупно останати финансиски средства** | **100.000 ден.** |

**3. Манифестација „Звуците на културата 2021"**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | **Во рамките на манифестацијата *„Звуците на културата"* вклучени се содржини за повозрасната популација, но и за најмладите (работилници за деца, фото бут, баскер настапи, театар на сенки, спортски игри); настап на македонски музички бендови и музичари , пред сѐ локални бендови и изведувачи како и настапи на културно-уметнички друштва; базар на ракотворби, презентација на храна и пијалоци од локални производители, хуманитарни акции.( *поттикнато учество на жени изложувачи.);крводарителска акција во Центарот за култура.**<br>***Општината има тенденција да промовира родов баланс при изборот на учесници** |
| **Главна цел:** | **Збогатување на културниот живот, издигнување на културната свест на граѓаните, афирмација на млади таленти, како и помалку познати пејачи и бендови, издигнување на културата и во периферијата на градот, промоција, афирмација и негување на македонскиот фолклор и традиција , вклучување и на повозрасните во изведбата и во публиката.** |

| | |
|---|---|
| **Време на реализација:** | **јуни-септември (3-5 дена) / Реонски парк** |
| **Носител на активноста:** | **Општина Ѓорче Петров** |
| **Резултати:** | **Активно и масовно учество на граѓаните во културниот живот , масовна посетеност на настапите. Збогатување на културниот живот на граѓаните од сите возрасти, децата, младите, масовна посетеност, анимирани и задоволни граѓани.** |
| **Предвидени финансиски средства:** | **Услуги за печатење, копирање и издавање 60.000 ден.**<br>**Други договорни услуги 940,000 ден.**<br>**Вкупно**<br>**1.000.000 ден.** |
| **Потрошени финансиски средства** | **/** |
| **Вкупно останати средства** | **Услуги за печатење, копирање и издавање 60.000 ден.**<br>**Други договорни услуги 940,000 ден.**<br>**Вкупно:**<br>**1.000,000 ден.** |

**4. Финансиски средства за поддршка на автори/авторки, уметници, самостојни уметници, здруженија на граѓани, фондации и други правни и физички лица што вршат дејност од областа на културата во согласност со Законот за културата и други позитивни законски прописи во Република Македонија**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | **Општината дава логистичка и финансиска поддршка на активностите на автори/авторки, уметници, самостојни уметници, здруженија на граѓани, фондации и други правни и физички лица што вршат дејност од областа на културата на територијата на Општина Ѓорче Петров, а во согласност со Законот за културата и други позитивни законски прописи во Република Македонија** |
| **Главна цел:** | **Соработка,промовирање и поддршка на активностите на автори/авторки, уметници, самостојни уметници, здруженија на граѓани во областа на културата.** |
| **Време на реализација:** | **тековно** |
| **Носител на активноста:** | **Општина Ѓорче Петров/Одделение за Јавни дејности** |

| | |
|---|---|
| **Резултати:** | **Заемна доверба, соработка,партнерство, независност, учество, транспарентност, одговорност, еднакви можности и недискриминација.** |
| **Предвидени финансиски средства:** | **Други трансфери за физички лица и поддршка на уметници 126.000,00 ден.** |
| **Потрошени финансиски средства** | **45.000 ден.** |
| **Вкупно останати средства** | **81.000 ден.** |

**5. Поддршка на установи и НВО од областа на културата**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | **Оваа активност се однесува на партиципација на Општина Ѓорче Петров во проекти од областа на културата или за кои Општина Ѓорче Петров има потпишано меморандуми за соработка. Активноста подразбира логистичка, техничка и финансиска подршка на проектите за кои општината е согласна дека ќе се реализираат во соработка со владини или невладини организации.** |
| **Главна цел:** | **Целта на овие активности е издигнување на културната свест на граѓаните, но и да се даде поттик и шанса особено преку финансиска поддршка на младите уметници, талентираните граѓани, културните работници активно да се вклучат во културните настани за создавање на одговорно општество.**<br>**Исто така целта на општината е успешна реализација на проектите и нивно следење и вреднување.** |
| **Време на реализација** | **Во текот на 2021 година** |
| **Носител на активноста** | **Одделение за јавни дејности** |
| **Резултати:** | **• Ефективна и ефикасна реализација на проектите**<br>**• Одржлив развој на проектите**<br>**• Зацврстување на соработката на општината со невладиниот сектор** |
| **Предвидени финансиски средства:** | **Трансфер до здруженија 60.000 ден.** |
| **Потрошени финансиски средства** | **60.000 ден.** |

| | |
|---|---|
| **Вкупно останати средства** | **/** |

***6. Детски фестивал „Соната"**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | **На овој оригинален детски фестивал учествуваат млади автори на музика и текст од основните училишта од Општина Ѓорче Петров и секоја година настапуваат со нови композиции.** |
| **Главна цел:** | **Негување на културните вредности, поттик за активно учество на учениците на фестивалот и промовирање на музиката и културата меѓу најмладите.** |
| **Време на реализација:** | **септември** |
| **Носител на активноста:** | **Општина Ѓорче Петров/Одделение за Јавни дејности** |
| **Резултати:** | **Активно учество на младите во областа на културата и истакнување на талентот кај најмладите** |
| **Предвидени финансиски средства:** | **Други договорни услуги 60.000 ден**<br>**Други оперативни расходи 10.000 ден.**<br>**Вкупно 70.000 ден.** |
| **Потрошени финансиски средства** | **/** |
| **Вкупно останати средства** | **70.000 ден.** |

**7. Центар за изведувачки уметности и едукација „Театар Пи"**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | **Спроведување на активности во склоп на проектот „Мене ништо не ми пречи" со цел инклузија на лица со интелектуална попреченост во културниот и социјалниот живот во Ѓорче Петров. Целни групи се лицата со интелектуална попреченост од основните училишта во општината, нивните соученици, лица со попреченост од дневниот центар „Порака" Скопје, семејствата на лицата со попреченост, наставниот кадар во училиштата, посетителите на мултимедијалната театарска изведба, а вклучени се и актери од Националната установа Драмски театар Скопје, музичари, ликовни уметници, дефектолози и психолози.** |

| | |
|---|---|
| | |
| **Главна цел:** | **Социјална инклузија на децата со попреченост во културните и општествените текови, зголемување на свесноста и уметничките вештини кај децата и лицата со попреченост, зголемена сензитивност на училишната популација кон лицата со попреченост и подобрена интеграција во училиштата и во општеството воопшто;придонес кон подобрување на политиките на локално ниво за подобра интеграција на децата и лицата со попреченост.** |
| **Време на реализација:** | **март-декември 2021** |
| **Носител на активноста:** | **Центар за изведувачки уметности и едукација „Театар Пи" под покровителство на Општина Ѓорче Петров** |
| **Резултати:** | **Организирани работилници за театарска, музичка и ликовна едукација, креирана документарна драматургија базирана на личните доживувања на директните корисници, организирани работилници со психолог и дефектолог, креирана мултимедијална театарска изведба, дебати со учесниците на театарските изведби и учениците без пореченост, вклучени одредници во годишните програми на општината кои се однесуваат на<br>интеграцијата на децата и лицата со попреченост.** |
| **Предвидени финансиски средства:** | **Трансфер до здруженија 330.000 ден.** |
| **Потрошени финансиски средства** | **330.000 ден** |
| **Вкупно останати средства** | **/** |

***8. Програма за Скопје -Европска престолнина на културата 2028 (во соработка со Град Скопје)**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | **„ Европска престолнина на културата" е програма на Европската комисија , досега доделена на повеќе од 65 европски градови, а во 2014 година Град Скопје презема неколку активности за номинирање на Скопје за титулата„ Европска престолнина на културата" . Предвидени се активности преку заедничка соработка на градот со општините, развивање на заедничка културна стратегија,оригинална програма и мото. Важен фактор е поврзување на специфичностите на локалната заедница со културните потенцијали на градот.** |

| | |
|---|---|
| **Главна цел:** | **Да се поттикне пристапот до културата и учеството на граѓаните во културниот живот, да се зајакнат капацитетите на културниот сектор и неговите врски со другите сектори и промовирање на самата општина и градот воопшто преку културата.** |
| **Време на реализација:** | **тековно** |
| **Носител на активноста:** | **Општина Ѓорче Петров** |
| **Резултати:** | **- промоција на општината и збогатување на културниот живот во општината<br>- препознавање на културните вредности на општината како дел од градот<br>- цврста соработка со општините во градот преку создавање на заедничка културна стратегија** |
| **Предвидени финансиски средства:** | **Други оперативни расходи 50.000 ден.<br>Други договорни услуги 100.000 ден.<br>Услуги за печатење, копирање и издавање 50.000 ден.<br>Вкупно:<br>200.000 ден.** |
| **Потрошени финансиски средства** | **/** |
| **Вкупно останати средства** | **200.000 ден.** |

**9. Поддршка на културно-забавни активности за граѓани-пензионери**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | **Логистичка и финансиска поддршка на културно-забавни активности за граѓани-пензионери** |
| **Главна цел:** | **Вклучување и на повозрасните граѓани во културниот живот на општината преку културно-забавни активности и финансиска поддршка.** |
| **Време на реализација:** | **тековно** |
| **Носител на активноста:** | **Здруженија на граѓани** |
| **Резултати:** | **Вклученост на повозрасните граѓани во културниот живот на општината, а на тој начин и збогатување на културно-забавните активности.** |
| **Предвидени финансиски средства:** | **Трансфер до здруженија 500.000 ден.** |
| **Потрошени финансиски средства** | **400.000 ден.** |

| | |
|---|---|
| **Вкупно останати средства** | **100.000 ден.** |

***Активностите не се реализирани поради неможноста за организирање на јавни настани и собири во периодот на пандемијата со Ковид 19 која сè уште трае**

*** Реализирани активности надвор од програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2021 година**

**Концерт Акустична вечер со Мијата**

**За реализација на програмата за активностите на Општината Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2021 година (за период од 01. 01. - 30. 09. 2021 година) по сите позиции:**

**Вкупно планирани средства: 2. 406,000 ден.**

**РЕКАПИТУЛАР**

| **Рекапитулар на Програмата за култура Активност/позиција** | Прехранбени продукти и пијалоци | Услуги за печатење, копирање и | Други договорни услуги | Други оперативни расходи | Други трансфери за физички лица и | Трансфер до здруженија | **Вкупно по активност** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Литературно читање (Антево перо) | | | | | | | **0** |
| Прослава на Денот на крстот-Кучково | | | | | | | **0** |
| Манифестација „Звуците на културата" | | | | | | | **0** |
| Финансиски средства за поддршка на автори/авторки, уметници, самостојни уметници, здруженија на граѓани, фондации и други правни и физички лица што вршат дејност од областа на културата во согласност со Законот за културата и други позитивни законски прописи во Република Македонија | | | | | 45,000 | | **45,000** |
| Поддршка на установи и НВО од областа на културата | | | | | | 60.000 | **60,000** |
| Детски фестивал „Соната" | | | | | | | **0** |
| Центар за изведувачки уметности и едукација „Театар Пи" | | | | | | 330.0 00 | **330,000** |
| Програма за Скопје-Европска престолнина на културата 2028 (во соработка со Град Скопје) | | | | | | | **0** |
| Културно-забавни активности за граѓани-пензионери | | | | | | 400.000 | **400.000** |
| Вкупно планирани средства | **50,000** | **110,000** | **1.160,000** | **70,000** | **126,000** | **890,000** | **2.406,000** |
| Вкупно потрошени средства | **0** | **0** | **0** | **0** | **45.000** | **790.000** | **835.000** |
| Вкупно останати финансиски средства | **50.000** | **110.000** | **1.160,000** | **70,000** | **81.000** | **100.000** | **1.571.000** |

**Потрошени средства : 835.000ден.**

**Извештајот за реализација на Програмата за активностите на општина Ѓорче Петров во областа на културата и поддршката на невладиниот сектор за 2021 година за период од 01.01.-30.09.2021 година, градоначалникот како Предлагач на истиот го доставува до советот на општина Ѓорче Петров на разгледување и усвојување.**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Александар Стојкоски с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров- Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за активностите на општина Ѓорче Петров во областа на култура и поддршката на невладиниот сектор во 2022 година**

**Се објавува Програмата за активностите на општина Ѓорче Петров во областа на културата и поддршката на невладиниот сектор во 2022 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Шесттата седница на советот, одржана на ден 30.12.2021 година.**

**Број 09-2410/6**
**од 31.12.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

# ПРОГРАМА
**за активностите на општина Ѓорче Петров**
**од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор**
**за 2022 година**

**Скопје, Декември 2021 година**

**Врз основа на член 22 став 1 точка 5, член36 и член 62 од Законот локална самоуправа (Службен весник на Р.М. бр. 5/2002) и член 16 став 1 точка 16 од Статутот на општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), советот на општина на 6-тата на седницата одржана на ден 30.12.2021 година ја донесе следната:**

# ПРОГРАМА
## за активностите на општина Ѓорче Петров
## од обласна на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2022 година

### I. Вовед

**Културата на еден народ е неговото најголемо богатство, слика за неговата традиција, историја, постоење... Со одржување, збогатување и прославување на постоечките културни богатства го чуваме и одржуваме нашиот идентитет, но улогата на културата е значајна и како средство за промовирање на економскиот развој.**

**Тоа е и појдовна основа на Програмата за култура- да се идентификуваат постоечките и потребните извори за надградба, зацврстување и промовирање на постоечките културни богатства и вредности, да се препознаат и утврдат потребите и интересите на граѓаните, особено на најмладите за видот и типот на културни манифестации, но и да се изнајдат соодветни начини за подобра информираност и стимулација на граѓаните во културните настани.**

### II. Цели на Програмата

**Општа цел на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2020 година е збогатување на културниот живот, издигнување на свеста кај граѓаните за активно учество во културниот живот, издигнување на културата и во периферијата на градот, промоција, афирмација и негување на македонскиот фолклор и традиција, афирмација на млади таленти , но и да се даде поттик, поддршка и шанса на младите уметници, талентираните граѓани, културните работници да се вклучат во културниот живот.**

**Специфични цели на Програмата од областа на културата се:**

***Негување на фолклорот, обичаите, музиката и други културни вредности, поттик за активно учество на граѓаните, особено најмладите во културните настани на општината.**

***Организирање културни манифестации, поттикнување на разновидни специфични форми на творештво, поттикнување на интерес и љубов на граѓаните и најмладите кон театарот, уметноста, културата..**

***Одбележување и потсетување назначајни историски настани, верски и државни празници,оддавање почит и чест, сеќавање и негување на споменот за значајни личности од нашата историја како и личности од значење за општината;**

***Дружење со граѓаните, но и зближување на граѓаните со работата на општината преку спортските и културните манифестации, како и поттикнување и мотивирање за учество во спортски, образовни, културни и забавни манифестации.**

**III. ОПИС НА ПРОЕКТИТЕ И АКТИВНОСТИ**

**Активностите во областа на културата, Општина Ѓорче Петров ќе ги насочи кон поттикнување, поддржување и помагање во остварувањето на целите на оваа Програма.**

**Во текот на 2022 година, во Општина Ѓорче Петров се планира да се спроведат следните активности.**

## 1. ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПРАЗНИЦИ

### *1.1 Прослава на верски празници*

### *А) Прослава на Водици*

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | **По повод големиот христијански празник Богојавление – Водици, традиционално се одржува положување на светиот крст во водите на реката Вардар на Железниот мост во населба Хром и во водите на реката Лепенец во Волково.**<br>**Мотивирање на женската популација за вклучување во настанот.** |
| **Главна цел:** | **Целта на активноста е одбележување големиот христијански празник Богојавление – Водици и негување на македонската традиција .** |
| **Време на реализација** | **јануари** |
| **Носител на активноста** | **општина Ѓ.Петров**<br><br>**Одделение за јавни дејности/Протокол** |
| **Очекувани резултати:** | • **Афирмација на овој традиционален настан и почитување на културните вредности, обичаи и народни верувања.**<br>• **Граѓаните активно и масовно да се вклучат во овој традиционален настан, особено помладите генерации.**<br>• **Зголемено учество на жените во настанот** |
| **Предвидени финансиски средства:** | **Други оперативни трошоци 50.000 ден.** |

### *Б. Прослава на верскиот празник Св.Трифун*

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | **Овој христијански празник – Св.Трифун, во Општината традиционално се одбележува во малата црква во с.Кучково каде што градоначалникот и верниците присуствуваат на традиционалната централна манифестација на закројување на лозјата и овошките.** |
| **Главна цел:** | **Целта на активноста е одбележување на христијанскиот празник Св. Трифун и негување на македонската традиција.** |
| **Време на реализација** | **февруари** |
| **Носител на активноста** | **Одделение за јавни дејности/Протокол** |
| **Резултати:** | • **Активно и масовно вклучување на граѓаните и граѓанките во одбележување на верскиот празник** |
| **Предвидени финансиски средства:** | **Други оперативни трошоци 25.000,00 ден.** |

### *1. 2.Одбележување на државни и општински празници во 2022 година*

### А) Одбележување на државни празници

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | **Градоначалникот, Делегација од општинската администрација , Советот на Општината, невладини организации, општински училишта, градинката, делегации од партии и невладини организации, положуваат свежо цвеќе и оддаваат почит.**<br>**-2 април (Ден на раѓањето на Ѓорче Петров)**<br>**-9 Мај ( Денот на победата против фашизмот)**<br>**-24 Мај ( Ден на Св. Кирил и Методиј)**<br>**- 8 септември (Ден на независноста)**<br>**-11 Октомври (Ден на народното востание)**<br>**-23 Октомври (Ден на македонската револуционерна борба)**<br>**-13.11.2018/ 14.11.2018 (Ден на ослободување на Ѓорче Петров и Скопје)**<br>**-8 декември (Ден на Св. Климент Охридски)** |
| **Главна цел:** | ***Одбележување на државни празници, зачувување и негување традицијата, истакнување на значајни историски настани, како и поттикнување на патриотскиот дух кај граѓаните и љубов кон татковината.**<br>***Оддавање почит и негување на споменот за загинатите борци кои храбро загинале за слободата на нашата земја.**<br>***Родов баланс во делегациите за полагање цвеќе.** |
| **Време на реализација:** | **тековна активност** |
| **Носител на активноста:** | **Одделение за Јавни дејности/Протокол** |
| **Резултати:** | **-Одбележување на државни празници; активно и масовно вклучени граѓани во овој традиционален настан;** |

| | |
|---|---|
| | **-Оддавање почит и чест, како и негување на споменот за паднатите борци<br>- Подеднаква родова застепеност во делегациите за полагање цвеќе** |
| **Предвидени фин. средства:** | **Други оперативни расходи 70.000,00 ден.** |

## Б) Одбележување на Денот на паднатите бранители во 2001 година

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | **Со комеморативна свеченост, положување цвеќе и армиски почести, Општина Ѓорче Петров им оддава почит на бранителите од село Волково кои загинаа во конфликтот во 2001 година.** |
| **Главна цел:** | **•Оддавање почит и негување на споменот за загинатите бранители кои загинаа во конфликтот од 2001 година.<br>•Негување и поттик на патриотските чувства на граѓаните.<br>* Родов баланс во делегациите за полагање цвеќе.** |
| **Време на реализација** | **10 август** |
| **Носител на активноста** | **Одделение за Јавни дејности/Протокол** |
| **Резултати:** | **• Оддадена почит и чест и сеќавање и негување на споменот за паднатите бранители во конфликтот од 2001 година, да не се заборави нивната огромна жртва за нашата татковина.** |
| **Предвидени финансиски** | **Други оперативни расходи 20.000,00 ден.** |

## В) Ден на Општината

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | **Одбележување на Денот на општината со Свечена седница; доделување награди и признанија и културна програма<br>На 20 септември, се организира богата културно-спортска програма, крос, крводарителска акција и турнири кои се дел од низата манифестации по повод денот на Општината.<br>На свечената седница на Советот на Општината се доделува Годишна награда „Ѓорче Петров" која се доделува за посебен придонес за афирмација на Општината. Се доделуваат и признанија и награди кои им се доделуваат на поединци и фирми кои дале придонес за развојот и афирмацијата наопштината преку нивните остварувања во стопанството, науката и уметноста, културата и спортот, воспитанието, образованието и за унапредување на животната средина и природата.<br>Изборот го врши Комисијата за награди и признанија, во согласност со Правилникот за награди и признанија по претходно објавен оглас.<br>*Општината ќе се труди да обезбеди еднаква застапеност на мажите и жените во сите активности** |
| **Главна цел:** | **Целта е одбележување на Празникот на општината, зближување на граѓаните со работата на општината преку спортските и културните манифестации, како и** |

| | |
|---|---|
| | поттикнување и мотивирање за учество во спортски, образовни, културни и забавни манифестации. |
| Време на реализација | 20 септември |
| Носител на активноста | Општина Ѓорче Петров/Комисија за награди и признанија |
| Резултати: | • Промоција на Општина Ѓорче Петров<br>• Доделени награди и признанија за посебен придонес за афирмација на општината<br>• Активно вклучување на граѓаните, учениците и вработените во прославувањето преку учество во културните и спортските настани.<br>* Подеднаква застапеност на мажите и жените од општината |
| Предвидени трошоци по позиции | Услуги за печатење, копирање и издавање 100.000,00 ден.<br>Договорни услуги 120.000,00 ден.<br>Други оперативни расходи 30.000,00 ден. |
| Предвидени финансиски | Вкупно: 250.000,00 ден |

## Г. Прослава на Денот на Крстот-Кучково

| | | |
|---|---|---|
| Краток опис на активноста: | На 1-ви Мај во село Кучково традиционално,се одржува голем општонароден собир, „Ден на Крстот". На овој ден ќе се одржат и рекреативен Ревијален марш од средсело во с. Кучково до Крстот, презентација на македонски овчарски кучиња од Кинолошки клуб, спортски игри: крос, Опен фан , ликовна колонија и културно-уметничка програма. Традиционално се дели војничко гравче за сите присутни гости на собирот. | |
| Главна цел: | Анимирање на граѓаните, дружење со граѓаните и негување на традицијата. Истовремено со овој културен настан кој традиционално се одржува веќе 13 години, Општина Ѓорче Петров да стане препознатлива. | |
| Време на реализација | 1 Мај | |
| Носител на активноста | Општина Ѓорче Петров и МЗ Кучково | |
| Резултати: | Активно вклучување на граѓаните во одржување и негување на македонската традиција, препознатлив културен настан и промовирање на с. Кучково. | |
| Предвидени трошоци по позиции | Храна и пијалоци | 50.000,00 ден |
| | Договорни услуги | 100.000,00 ден |
| | Други оперативни расходи | 100.000,00 ден |
| | Угостителски услуги | 80.000,00 ден |

| | | |
|---|---|---|
| | **Услуги за копирање и печат** | **70.000,00 ден.** |
| **Предвидени финансиски средства** | **Вкупно : 400.000,00 ден** | |

## 2.ПОДДРШКА НА УСТАНОВИ И НВО ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА

### А. Поддршка на програмите на културно-уметничките друштва на територијата на општина Ѓорче Петров

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | **Општината логистички и финансиски ги поддржува програмите на културно-уметничките друштва на територијата на Општина Ѓорче Петров кои достојно и на високо професионално ниво ја претставуваат општината, а на своите турнеи надвор од Македонија го претставуваат и афирмираат македонскиот фолклор и традиција.** |
| **Главна цел:** | **Традиционално да се негуваат културните и историските традиции, фолклорот и етнологијата на населението од општината и пошироко, како и промовирање на македонскиот фолклор и традиција преку турнеи и надвор од Р Македонија.** |
| **Време на реализација:** | **тековно** |
| **Носител на активноста:** | **Општина Ѓорче Петров/Одделение за Јавни дејности** |
| **Резултати:** | **Афирмирање и промовирање на македонскиот фолклор и традиција** |
| **Предвидени финансиски средства:** | **Трансфер до здруженија 60.000,00 ден** |

### Б. Финансиски средства за поддршка на автори/авторки, уметници, самостојни уметници, здруженија на граѓани, фондации и други правни и физички лица што вршат дејност од областа на културата во согласност со Законот за културата и други позитивни законски прописи во Република Македонија (за поддршка на јавните дејности во општина Ѓорче Петров)

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | **Општината дава логистичка и финансиска поддршка на активностите на автори/авторки, уметници, самостојни уметници, здруженија на граѓани, фондации и други правни и физички лица што вршат дејност од областа на културата на територијата на Општина Ѓорче Петров, а во согласност со Законот за културата и други позитивни законски прописи во Република Македонија** |
| **Главна цел:** | **Соработка,промовирање и поддршка на активностите на автори/авторки, уметници, самостојни уметници, здруженија на граѓани во областа на културата.** |

| | |
|---|---|
| **Време на реализација:** | **тековно** |
| **Носител на активноста:** | **Општина Ѓорче Петров/Одделение за Јавни дејности** |
| **Резултати:** | **Заемна доверба, соработка,партнерство, независност, учество, транспарентност, одговорност, еднакви можности и недискриминација.** |
| **Предвидени финансиски средства:** | **Трансфер до здруженија на граѓани 60.000,00 ден.**<br>**Други трансфери за физички лица и поддршка на уметници 100.000,00 ден.**<br><br>**Вкупно: 160.000,00 ден.** |

## В. Поддршка и партиципација во надворешни проекти од областа на културата

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | **Оваа активност се однесува на партиципација на Општина Ѓорче Петров во проекти од областа на културата или за кои Општина Ѓорче Петров има потпишано меморандуми за соработка. Активноста подразбира добивање на логистичка, техничка и финансиска подршка на проектите за кои општината е согласна дека ќе се реализираат во соработка со владини или невладини организации.**<br>***Проект „Чудата во Алиса за инклузија на лица со интелектуална попреченост во културниот и социјалниот живот во Ѓорче Петров (Центар за изведувачки уметности и едукација „Театар Пи", Скопје*** |
| **Главна цел:** | **Целта на овие активности е издигнување на културнатасвест на граѓаните, но и да се даде поттик и шанса особено преку финансиска поддршка на младите уметници, талентираните граѓани, културните работници активно да се вклучат во културните настани за создавање на одговорно општество.**<br>**Исто така целта на општината е успешна реализација на проектите и нивно следење и вреднување.** |
| **Време на реализација** | **Во текот на 2022 година** |
| **Носител на активноста** | **Одделение за јавни дејности** |
| **Резултати:** | **• Ефективна и ефикасна реализација на проектите**<br>**• Одржлив развој на проектите**<br>**• Зацврстување на соработката на општината со невладиниот сектор** |
| **Предвидени финансиски средства:** | **Трансфер до здруженија 100.000,00 ден.**<br>**Договорни услуги 400.000,00 ден.**<br>**Вкупно: 500.000,00 ден.** |

## Г).Организирање на изложби

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | **Општината финансиски и логистички организира изложби** |
| **Главна цел:** | **Поддршка на уметници и поттикнување на граѓаните помасовно да се вклучат во културни манифестации, подигнување на свеста на граѓаните за културните вредности.** |
| **Време на реализација:** | **тековно** |
| **Носител на активноста:** | **Општина Ѓорче Петров/ Одделение за Јавни дејности** |
| **Резултати:** | **Афирмација на уметници, издигнување на културната свест кај граѓаните и информираност за културните настани.** |

| | | |
|---|---|---|
| | **Активно и помасовно вклучување на граѓаните во културните настани како и поттик и поддршка на уметници во Општината.** | |
| **Предвидени финансиски средства:** | **Договорни услуги** | **50.000,00 ден** |
| | **Вкупно** | **50.000,00 ден** |

## Д) Литературно читање во собата на Анте Поповски

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | *** Поддршка за одржување на Меѓународната поетско-културна манифестација „Анте Поповски-Антево перо" и доделување на наградата Антево слово во чест на истакнатиот поет, писател и академик Анте поповски. Во текот на оваа манифестација се читаат песни од наградените, се емитува видео материјал и се доделуваат награди и благодарници од страна на организаторот.** |
| **Главна цел:** | **Да се доближи пишаниот збор до граѓаните, до децата, збогатување на културниот живот, поетско дружење.** |
| **Време на реализација:** | **континуирано** |
| **Носител на активноста:** | **Општина Ѓорче Петров** |
| **Резултати:** | **Побогат културен живот, средби со македонски поети** |
| **Предвидени финансиски средства:** | **Храна и пијалоци 10.000,00 ден** |

## 3. Манифестации на општина Ѓорче Петров и основните училишта во општината

## А) *Звуци на културата* 2022

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | **Во рамките на манифестацијата *„Звуците на културата"* чија цел е да ги собере граѓаните на нашата општина но и од другите делови на Скопје во паркот,најубавиот дел на ЃП.**<br>**Планирани се содржини и за повозрасната популација, но и за најмладите (работилници за деца, фото бут, баскер настапи, театар на сенки, опен фан спортски игри). На овој настан граѓаните ќе можат да уживаат во изведбата на македонски музички бендови и музичари , пред сѐ локални бендови и изведувачи како и настапи на културно-уметнички друштва кои со своите традиционални песни и ора ќе ја раздвижат публиката и на присутните ќе им овозможат задоволство и уживање во летниот период.**<br>**Планирано е и да има базар на ракотворби, презентација на храна и пијалоци од локални производители, хуманитарни акции.( *Ќе биде поттикнато учество на жени изложувачи.)**<br>**Презентација на локалните културни творци, како од соседните општини така и од збратимените општини надвор од границите на Република Македонија.**<br>**Традиционално, како и секоја година до сега ќе се организира и крводарителска акција во Центарот за култура.** |
| **Главна цел:** | **Збогатување на културниот живот, издигнување на културната свест на граѓаните ,афирмација на млади таленти,како и помалку познати пејачи и бендови,издигнување на** |

| | |
|---|---|
| | културата и во периферијата на градот, промоција, афирмација и негување на македонскиот фолклор и традиција , вклучување и на повозрасните во изведбата и во публиката. Целта на оваа активност е поттикнување на интерес кај граѓаните, поголема соработка со збратимените општини преку размена на искуства како и збогатување на културниот живот во општината. |
| **Време на реализација:** | јуни-септември (3-5 дена) / Реонски парк |
| **Носител на активноста:** | Општина Ѓорче Петров |
| **Резултати:** | Активно и масовно учество на граѓаните во културниот живот , масовна посетеност на настапите. Збогатување на културниот живот на граѓаните од сите возрасти, децата, младите, масовна посетеност, анимирани и задоволни граѓани. |

| | | |
|---|---|---|
| **Предвидени трошоци по позиции** | Услуги за печатење и копирање | 50.000,00 ден. |
| | Договорни услуги | 330.000,00 ден. |
| | Други оперативни расходи | 30.000,00 ден. |
| | Храна и пијалоци | 50.000,00 ден. |
| | Трансфер до здруженија | 40.000,00 ден. |
| | Вкупно: | 500.000,00 ден. |

***Општината ќе има тенденција да промовира родов баланс при изборот на учесници**

## Б) Детски фестивал „Соната"

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | На овој оригинален детски фестивал учествуваат млади автори на музика и текст од основните училишта од Општина Ѓорче Петров и секоја година настапуваат со нови композиции. |
| **Главна цел:** | Негување на културните вредности, поттик за активно учество на учениците на фестивалот и промовирање на музиката и културата меѓу најмладите. |
| **Време на реализација:** | септември |
| **Носител на активноста:** | Општина Ѓорче Петров/Одделение за Јавни дејности |
| **Резултати:** | Активно учество на младите во областа на културата и истакнување на талентот кај најмладите |
| **Предвидени финансиски средства:** | Договорни услуги 60.000,00 ден |

## В) Заеднички концерт на основните училишта „Пееме во хор, пееме и соло"

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Училишните хорови од сите шест основни училишта во Општина Ѓорче Петров настапуваат на заеднички концерт под мотото „Пееме во хор, пееме и соло, сите се радуваме, нема веќе школо". Концертот не е со натпреварувачки карактер туку е можност на секое од ООУа да се претстават со свои изведби по свој избор и е пред се дружење и меѓусебна соработка на учениците и наставниците по музичко од основните училишта, како и размена на нивните искуства. |

| | |
|---|---|
| Главна цел: | Поттик и мотивирање на учениците да го истакнат својот талент, да ги искажат своите музички способности , но и поттик за учениците, како и наставниците да се трудат, да веруваат во својот успех и во своето знаење.  Исто така е и можност за соработка меѓу наставниците по музичко и меѓу децата од секое општинско основно училиште. |
| Време на реализација: | мај/Центар за култура |
| Носител на активноста: | Општина Ѓорче Петров |
| Резултати: | Мотивирани, самоуверени и исполнети ученици и наставници како и подлабока соработка меѓу наставниците по музичко од сите основни општински училишта. Активно учество на децата во културниот живот во општината и негување и поттикнување на нивната љубов кон музиката. |
| Предвидени финансиски средства: | Храна и пијалоци 10.000,00 ден. |

## Г) Божиќна претстава за деца

| | |
|---|---|
| Краток опис на активноста: | Македонски актери ги забавуваат најмладите со новогодишна претстава која ќе ги понесе во светот на бајките. |
| Главна цел: | Целта на оваа активност е поттикнување на интерес и љубов на децата кон театарот, уметноста, културата. |
| Време на реализација | јануари |
| Носител на активноста | Општина Ѓорче Петров |
| Резултати: | • Збогатување на културниот живот на најмалите во Општината<br>• Задоволни и среќни дечиња |
| Предвидени финансиски | Договорни услуги 50.000,00 ден |

-

# РЕКАПИТУЛАР 2022

| | Рекапитулар на Програмата за култура Активност/позиција | Прехрамбени продукти и пијалоци | Угостителски услуги | Услуги за печатење, копирање и издавање | Други договорни услуги | Други оперативни расходи | Други трансфери за физички лица и уметници | Трансфер до здруженија | **Вкупно по активност** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Прослава на Водици** | | | | | 50.000 | | | **50.000** |
| 2 | **Прослава на Св. Трифун** | | | | | 25.000 | | | **25.000** |
| 3 | **Одбележување на државни празници во 2022** | | | | | 70.000 | | | **70.000** |
| 4 | **Одбележување на Денот на паднатите бранители во 2001 година** | | | | | 20.000 | | | **20.000** |
| 5 | **Литературно читање** | 10.000 | | | | | | | **10.000** |
| 6 | **Празник на општината** | | | 100.000 | 120.000 | 30.000 | | | **250.000** |
| 7 | **Прослава на Денот на крстот-Кучково** | 50.000 | 80.000 | 70.000 | 100.000 | 100.000 | | | **400.000** |
| 8 | **Поддршка на програмите на културно-уметничките друштва на територијата на Општина Ѓорче Петров** | | | | | | | 60.000 | **60.000** |
| 9 | **Финансиски средства за поддршка на автори/авторки, уметници, самостојни уметници, здруженија на граѓани, фондации и други правни и физички лица што вршат дејност од областа на културата** | | | | | | 100.000 | 60.000 | **160.000** |
| 13 | **Поддршка и партиципација во надворешни проекти од областа на културата** | | | | 100.000 | | | 400.000 | **500.000** |
| 14 | **Организирање на изложби** | | | | 50.000 | | | | **50.000** |
| 15. | **Литературно читање** | 10.000 | | | | | | | **10.000** |
| 17 | **Манифестација „Звуците на културата"** | 50.000 | | 50.000 | 330.000 | 30.000 | | 40.000 | **500.000** |
| 18 | **Детски фестивал „Соната"** | | | | 60.000 | | | | **60.000** |
| 19 | **Заеднички концерт на ООУа** | 10.000 | | | | | | | **10.000** |
| 20 | **Божиќна претстава за деца** | | | | 50.000 | | | | **50.000** |
| | **Вкупно по позиции** | **130.000** | **80.000** | **220.000** | **810.000** | **325.000** | **100.000** | **560.000** | **2.225.000** |

## IV. ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА

**Финансирањето на активностите утврдени со програмата на општина Ѓорче Петров, кое во вкупен износ изнесува 2.225.000,00 денари е предвидено со Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2022 година.**

**За активностите од областа на културата што ги опфаќа Програмата, а кои ќе се појават во текот на 2022 година ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства во Буџетот на општина Ѓорче Петров.**

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Реализацијата и следењето на активностите од оваа Програма ќе се одвива преку Одделението за јавни дејности. Субјектите кои ќе ги организираат активностите и ќе вршат обуки ќе бидат избрани преку распишан Јавен повик од страна на општина Ѓорче Петров.**

**Програмата е отворена за предлози, сугестии и мислења.**

**Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08-2326/8** | **Совет на општина Ѓорче Петров**
**Од 30.12.2021 година** | **Претседател,**
**Скопје** | **Ленче Нелоска с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

## РЕШЕНИЕ
**За објавување на Одлука за усвојување Извештај за реализација на програмата за активностите на општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор за период од 01.01.-30.09.2021 година**

**Се објавува одлуката за усвојување на Извештај за реализација на програмата за остварување на социјална заштита во општина Ѓорче Петров, за период од 01.01.-30.09.2021 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Шесттата седница на советот, одржана на ден 30.12.2021 година.**

**Број 09-2410/7**
**од 31.12.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), советот на општина Ѓорче Петров на 6-тата седница одржана на ден 30.12.2021 година, ја донесе следната**

## О Д Л У К А
**за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите од областа на спортот, рекреацијата и подршката на невладиниот сектор во општина Ѓорче Петров за 2021 година за период од 01.01-30.09.2021 година**

**Член 1**

**Советот на општина Ѓорче Петров го усвои Извештајот за реализација на Програмата за активностите од областа на спортот, рекреацијата и невладиниот сектор во општина Ѓорче Петров за 2021 година, за период од 01.01.-30.09.2021 година.**

**Извештајот е составен дел од оваа Одлука.**

**Член 2**

**Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08-2326/9** | **Совет на општина Ѓорче Петров**
**Од 30.12.2021 година** | **Претседател,**
**Скопје** | **Ленче Нелоска с.р.**

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

# ИЗВЕШТАЈ
**за реализација на Програмата од областа на на спортот, рекреацијата и поддршката на невладинот сектор на општина Ѓорче Петров за период од 01.01.2021 до 30.09.2021 година**

**Скопје, Декември 2021 година**

## I. ВОВЕД

**Извештајот е изготвен во насока да даде слика за реализација на активностите планирани во Програмата од областа  на спортот, рекреацијата и поддршката на невладинот сектор на  Општина Ѓорче Петров за период од 01.01.2021 до 30.09.2021 година.**

**Извештајот ги вклучува реализираните  активностите, времето на реализација, целите и резултатите на активноста и реализираните финансиски средства сумативно и поединечно за секоја активност планирана  во програмата.**

**Активностите од областа на спортот на Општина Ѓорче Петров беа насочени кон подобрување на квалитетот на спортот и омасовување на спортот**
**За реализирање на активностите од Програмата од областа на спортот за 2021 година, Општина Ѓорче Петров ги превзема сите потребни активности и ги стави на располагање своите технички и човечки ресурси.**

**Во текот на 2021 година во период од 01.01.2021 до 30.09.2021, согласно програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на спортот и поддршка на невладиниот сектор  се реализирани следните  активности:**

**1.Традиционални спортски активности и манифестации**

- **Поддршка на ОЗФШ**

**2.Поддршка на установи и НВО од областа на спортот,спортисти и спортски клубови,програми и проекти на останати спортски организации од интерес на општина Ѓорче Петров**

- **Поддршка на спортски клубови**

  **- Поддршка ФК Волково**
  **- Поддршка на КФМ**

## III. РЕКАПИТУЛАР ЗА ПОТРОШЕНИ ФИНАНСИСКИ СРЕТСВА

**За реализација на напред наведените активности од Програмата за спорт и поддршка на невладиниот сектор за 2021 година за период од 01.01.-30.09.2021 година, во текстот подолу даден е детален преглед за сите потрошени средства и тоа:**

**А. Транспорт на луѓе**

| Потрошени с/ва во Буџетот на Општина Ѓ.П. | | Носител |
|---|---|---|
| | Позиции | Одделенија за Јавни дејности |
| 0 ден | ВКУПНО | |

**Вкупно потрошени средства: 0 ден.**

## Б. Услуги за копирање, печатење и издавање

| Потрошени с/ва во Буџетот на Општина Ѓ.П. | | Носител |
|---|---|---|
| | позиции | Одделенија за Јавни дејности |
| / | Изработка на медаљи, пехари и дипломи за општинскиот сојуз на училишен спорт | |
| / | ВКУПНО | |

**Вкупно потрошени средства: 0 ден**

## В. Други оперативни расходи

| Потрошени с/ва во Буџетот на Општина Ѓ.П. | | Носител |
|---|---|---|
| | Позиции | Одделенија за Јавни дејности |
| / | Услуги за фотографирање за потребите на ОЃП | |
| / | ВКУПНО | |

**Вкупно потрошени средства: 0 ден.**

## Г. Трансвери до здруженија на граѓани и фондации

| Потрошени с/ва во Буџетот на Општина Ѓ.П. | | Носител |
|---|---|---|
| | Позиции | Одделенија за Јавни дејности |
| 289.000,00 ден | Трансвер до ОЗФШ | |
| 289.000,00 ден | ВКУПНО | |

**Вкупно потрошени средства: 289.000,00 ден.**

## Д. Трансфер до спортски клубови

| Потрошени с/ва во Буџетот на Општина Ѓ.П. | | | Носител |
|---|---|---|---|
| | Позиции | | |

| | | | Одделенија за Јавни дејности |
|---|---|---|---|
| 70.000,00 ден | Исплата на ФК Волково | | |
| 250..000,00 ден | Исплата на КФМ | | |
| 320.000 ДЕН | **ВКУПНО** | | |

**Вкупно потрошени средства: 320.000,00 ден**

## Ѓ. Еднократна парична поддршка, за клубови и физички лица (донаторска сметка)

## А. Физички лица-

| Потрошени с/ва во Буџетот на Општина Ѓ.П. | | Носител |
|---|---|---|
| | Позиции | Одделенија за Јавни дејности |
| 40.000 ден | Димче Славевски | |
| 5.000 ден | Сашо Стојановски | |
| 5.000 ден | Александар Неделковски | |
| 20.000 ден | ФК Волково | |
| 40.000 ден | Дарко Крстевски | |
| 40.000 ден | Миа Крстевска | |
| 35.000 ден | Теодор Кировски | |
| 185.000 ден | ВКУПНО | |

| | Рекапитулар Програма за спорт Активност/позиција | Транспорт на луѓе (ученици, наставници) | Прехрамбени продукти и пијалоци | Услуги за печатење, копирање и издавање | Други оперативни расходи | Трансвери до физички лица | Трансфердо спортски клубови | Трансфер до НВО | ПЛАНИРАНО | ПОТРОШЕНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 4 Fast 4 Furious | 10.000 | 10.000 | 5.000 | | | | | 25.000 | 0 |
| 2 | Поддршка на општински сојуз на училишен спорт | | | 50.000 | | | | 150.000 | 200.000 | 0 |
| 3 | Отворени фудбалски забавни школи | | | | | | | 189.000 | 189.000 | 289.000 |
| 4 | Поддршка на спортски клубови на територијата на Општина Ѓорче Петров | | | | | | 2.500.000 | | 2.500.000 | 320.000 |
| 5 | Материјална поддршка на спортистите на територија на Општина Ѓорче Петров | | | | | 250.000 | | | 250.000 | 185.000 |
| 6 | Спортски манифестации, традиционални и меморијални турнири | | | 60.000 | 30.000 | 175.000 | | | 265.000 | 0 |
| 7 | Ден на Општината Ѓорче Петров | | 500 | 4.500 | 5.000 | | | | 10.000 | 0 |
| 8 | Вкупно по позиции | 10.000 | 10.500 | 119.500 | 35.000 | 425.000 | 2.500.000 | 150.000 | 3.439.000 | 794.000 |

**ВКУПНО ПОТРОШЕНИ 185.000,00 ДЕНАРИ**

## II. РЕКАПИТУЛАР ЗА ПОТРОШЕНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

**За активностите од областа на на спортот, рекреацијата и поддршката на невладинот сектор за период од 01.01.2021  до 30.09.2021 година потрошени се вкупно 2.806.726 денари ( Односно 794.000 ден, без Одржување на други градби-ел/услуги)**

**Извештајот за реализација на Програмата за активностите на општина Ѓорче Петров во областа на на спортот, рекреацијата и поддршката на невладинот сектор за 2021 година за период од 01.01.-30.09.2021 година, градоначалникот како Предлагач на истиот го доставува до советот на општина Ѓорче Петров на разгледување и усвојување.**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Александар Стојкоски с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за активностите на општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор за 2022 година**

**Се објавува на Програмата за активностите на општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор за 2022 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Шесттата седница на советот, одржана на ден 30.12.2021 година.**

**Број 09-2410/8**
**од 31.12.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**Врз основа на член 22 став 1 точка 5, член36 и член 62 од Законот локална самоуправа (Службен весник на Р.М. бр. 5/2002) и член 16 став 1 точка 16 од Статутот на општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), советот на општина на 6-тата на седницата одржана на ден 30.12.2021 година ја донесе следната:**

# П Р О Г Р А М А
## на општина Ѓорче Петров од обласда на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор за 2022 година

## 1. ВОВЕД

**Оваа програма има за цел да обезбеди услови за развој на квалитетен спорт во општината Ѓорче Петров, односно организирање, поттикнување и помагање на спортски манифестации, приредби кои се од посебно значење за општината а имаат за цел афирмација и задржување на традиционалниот карактер и дух.**

**Изградба и оджување на спортските објекти кои се од значење на Општината.**

**Оваа програма е изработена согласно законот за локална самоуправа, законот за еднаквите можности на маќите и жените и стратегијата за спорт на општината.**

**Спортот во општина Ѓорче Петров има долга и јасна традиција, остварени вредности, традиционални спортски манифестации, стручни кадри и секако граѓани кои го сакаат, почитуваат и негуваат спортот како секојдневна здрава навика.**

**Со програмата за финансирање на традиционалните спортски манифестации што се одржуваат на територија на Општината, други манифестации, турнири и спортски настани од особен интерес за општина Ѓорче Петров и сите активности од областа на спортот на Општината, се утврдуваат целите, активностите и висината на средства за нивно финансирање од буџетот на Општината, каде е предвидено и подеднакво финансирање на спортски активности на мажите и жените, момчињата и девојчињата.**

**Програмата ги дефинира целите на спортската политика на Општината, што треба да ги исполнат носителите на спортските активности, односно истите да се**

**во функција на развојот на спортот.**

**Со оваа програма, врз основа на критериуми за финансирање на програмите и проектите, се утврдуваат активностите на спортските настани, активности, како и активности и манифестации кои се со спортска содржина а се во интерес на општината, односно висината на средствата за нивна реализација.**

**Критериумите за финансирање на програми, проекти, активнсоти и манифестации од интерес на Општината за 2022 година, ќе ги утврдуваат Комисии за распоредување на буџетски средства, формираи од Градоначалникот на општина Ѓорче Петров.**

**2. Цели на Програмата**

**Афирмирање на Општина Ѓорче Петров како развиен спортски центар со европски карактеристики кои се својствени за статусот кој го ужива Општината Ѓорче Петров, како општина која низ историјата има докажано дека местото и е на самиот врв во Република Северна Мкедонија;**

**Зголемување на опфатот на млади граѓани со спорт и спортско-рекреативни активности преку развој на училишниот спорт, обезбедувајќи организациска посветеност, однсосно финансиска поддршка на програмата на ОСУС Ѓорче Петров, како најасовно спортско натпреварување.**

**Создавање услови за настапи во земјата и во странство, на наши истакнати спортисти и на млади спортски надежи, и гостување во Општина Ѓорче Петров на спортисти со постигнати врвни резултати во меѓународна конкуренција.**

**Развој и поддршка на програмите за спорт и рекреација на лицата со посебни потреби, потешкотии во развојот и инвалидитет на подрачјето на Општина Ѓорче Петров.**

**Креирање политики за интегрирање родов пристап во секоја од фазите односно вклучување на родова перспектива во локалните програми на Општина Ѓорче Петров.**

**Цели на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во обласа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор во 2022 година,**

1. **Развој на училишниот спорт и реализирање на сите програмски активности од општинско, регионално и државно натпреварување.**
2. **Учество на Општината во организирањето и збогатувањето на спортско-рекреативниот живот на младите со посебен акцент на масовниот спорт.**
3. **Создавање услови за реализирање на спортско-рекреативните активности на граѓаните, посебно младите и здруженијата на граѓани од областа на спортот.**
4. **Преку спортот и рекреацијата, афирмација на Општината како развиен спортски центар во Република Северна Македонија и надвор од неа.**
5. **Создавање на услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните спортски активности.**
6. **Создавање услови за реализирање на спортско-рекреативните активности за развој на децата од предучилишната и одделенската возраст, преку проекти за унапдување на физичкото образование.**

**7. Сите граѓани на општината своето слободно време да го користат за реализирање на спортските активности, при што ќе ги развиваат позитивните вредности на спортот кои подоцна ќе ги негуваат како животни вредности.**
**8. Поддршка и сочувување на континуитетот на традиционалните спортски манифестации за што постои интерес кај граѓаните и што се во интерес на развој на спортот во Општината Ѓорче Петров.**
**9. Обнова на спортската инфраструктура.**

**Специфични цели за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор во 2022 година, се :**

**- Збогатување на моторичките способности на најмладата училишна популација и учења на нови движења преку спортот.**

**- Зголемување на генералната свест, за важноста на спортот, односно рекреативната активност за општото здравје на единката.;**

**-Унапредување на спортот, односно на условите во кои се одвиваат спортско-рекреативните активности.**

**-Правилен морфолошки и моторички развој и адаптивни способности потребни во современите услови и начин на живот и работа, како на ученикот, така и на секој жител на општината;**

**-Развивање на навики за здрав начин на живот, навики за чување и унапредување на сопственото здравје;**

**- Негување на културата и традицијата кај децата;**

**-Развивање на свеста кај децата, како и кај повозрасната популација, за значењето на физичката активност и стекнување на трајни навики за движење и физичка активност;**

**-Размена на искуства и добри практики со други општини во делот на спортот и рекреацијата.**

## III. ОПИС НА ПРОЕКТИТЕ И АКТИВНОСТИ

**Активностите во областа на спортот,рекреацијата и поддршка на невладиниот сектор за 2022, Општина Ѓорче Петров ќе ги насочи кон поттикнување, поддржување и помагање во остварувањето на целите на оваа Програма.**

**Во текот на 2022 година, во Општина Ѓорче Петров се планира да се спроведат следните активности.**

| ОПИС НА ПРОЕКТИТЕ И АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ОД ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА 2020 ГОДИНА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| бр. | Име на Програма /активност | Спроведувач/ Носител (сектор/одделение) Проектен тим (меѓусекторски) | Извор на финансирање (буџет ОЃП/ програми на Влада /Донатор) | Временска рамка | Проценет Буџет |
| 1. | Атлетска трка "ЃОРЧЕ ТРЧА" Со цел поддршка на масовниот спорт Оптината Ѓорче Петров ќе поддржи организација на трка од 5 км односно 10 км, која има за цел да прерасне во традиција и ќе се одржува еднаш годишно. | Носител на активноста ќе биде надворешен организатор, кој претходно се јавил на јавен повик кој ќе го спроведе општината | Буџет на Општина Ѓорче Петров | Претходно договорен термин во период од Мај- Септември 2022 год | 150.000,00 |
| 2. | Отворени забавни фудбалски школи -Забавна спортска рекреација за деца, активност која се реализира преку целата учебната година, на Различни локации , преку Отворените забавни фудбалски школи (Open Fun Football School), со конкретниве обврски на Отворените Забавни Фудбалски Школи | Одделение за јавни дејности Open Fun Football School | Буџет на Општина Ѓорче Петров | Тековно | 60.000,00 |
| 3. | - Општина Ѓорче Петров материјално и финансиски ќе го поддржува училишниот спорт на основните училишта во општина Ѓорче Петров: Лига систем и турнир систем натпревари во определените колективни и индивидуални спортови во машка и женска конкуренција за регионалниот и националниот систем на натпревари на | Одделение за јавни дејности Општински сојуз на училишен спорт Ѓорче Петров | Буџет на Општина Ѓорче Петров | Ноември 2021- Мај 2022 год | 450.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | училишниот спорт во Македонија, преку Сојузот *на* училишен спорт Ѓорче Петров. *Доставен комплетен финансов план, годишна програма и календар на натпревари. | | | | |
| 4. | Поддршка и помагање на професионални и аматерски клубови<br>- Општина Ѓорче Петров материјално ќе ги поддржува спортските клубови – на територија на општина Ѓорче Петров, кои покажуваат значанен придонес во развој на спортот и спортската рекреација како и афирмација на општината. | Одделение за јавни дејности<br>Одделение за поддршка на градоначалник<br><br>Спортски клубови | Буџет на Општина Ѓорче Петров | Тековно | 600.000,00 |
| 5 | Поддршка на спортисти од територијата на Ѓорче Петров<br>-Општина Ѓорче Петров материјално ќе ги поддржува спортистите– на територија на Општина Ѓорче Петров, кои покажуваат значанен придонес во развој на спортот и спортската рекреација како и афирмација на општината | Одделение за јавни дејности<br>Одделение за поддршка на градоначалник<br><br>Граѓани | Буџет на Општина Ѓорче Петров | Тековно | 300.000,00 |
| 6 | Здруженија на граѓани, спортски активисти, спортски организации<br><br>-Општина Ѓорче Петров материјално ќе ги финансира спортските манифестации – традиционални и меморијални турнири, кои имаат значанен придонес во развој на спортот и спортската | Одделение за јавни дејности<br>Одделение за поддршка на градоначалник<br><br>Граѓани | Буџет на Општина Ѓорче Петров | Тековно<br>Турнирите во мал фудбал ќе се играат во Мај 2022 год, односно Септември 2022 год | 300.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | рекреација како и афирмација на општината.<br>1. Меморијални турнири во мал фудбал<br>* 8 Септември<br>* Дарко Брњарчевски<br>* Ивица Златевски-Цуци<br>2. Интернационален турнир во ракомет | | | | |
| 7. | Јавен повик за субвенционирање на ѓраните на Општина Ѓорче Петров за купување велосипеди во 2022 година | Одделение за јавни дејности<br>Одделение за поддршка на градоначалник | Буџет на Општина Ѓорче Петров | тековно | 150.000,00 |
| 8 | Ден на Општина Ѓорче Петров<br><br>-. „ Традиционален крос " –Активност која ќе се реализира по повод Празникот на општината. Реализацијата на активноста ке се спроведе преку Одделението за Јавни дејности во соработка со основните училишта<br>-„ Шаховска табла"- турнир во шах - Активност која ќе се реализира по повод Празникот на општината. Реализацијата на активноста ке се спроведе преку Одделението за Јавни дејности во соработка со месните заедници.<br><br>-„ ИГРА НА ХЕРОИ"- турнир во мал фудбал - Активност која ќе се реализира по повод Празникот на општината. Реализацијата на | Одделение за јавни дејности<br>Одделение за поддршка на градоначалник<br><br>Граѓани | Буџет на Општина Ѓорче Петров | Септември 2022 | 60.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **активноста ке се спроведе преку Одделението за Јавни дејности во соработка со институциите од јавен карактер кои се наоѓаат во Општината Ѓорче Петров** | | | | |
| **9** | **Вклучување на лицата со посебни потреби во спортот, односно организирање на хуманитарни настани од спортски карактер.** | **Одделение за јавни дејности Одделение за поддршка на градоначалник Општински основни учулишта** | **Буџет на Општина Ѓорче Петров** | **За време на школска година** | **250.000** |
| | **Вкупно** | | | | **2.320.000,00** |

| | **Рекапитулар Програма за спорт Активност/позиција** | **Транспорт на луѓе (ученици, наставници)** | **Прехрамбени продукти и пијалоци** | **Услуги за печатење, копирање и** | **Други оперативни расходи** | **Трансвери до физички лица** | **Трансфердо спортски клубови** | **Трансфер до НВО** | **Вкупно по активност** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **Атлетска трка "ЃОРЧЕ ТРЧА" Со цел поддршка на масовниот спорт Оптината Ѓорче Петров ќе поддржи организација на трка од 5 км односно 10 км, која има за цел да прерасне во традиција и ќе се одржува еднаш годишно.** | **10.000** | **10.000** | **5.000** | | **25.000** | | **100.000** | **150.000** |
| **2** | **Отворени забавни фудбалски школи -Забавна спортска рекреација за деца, активност која се реализира преку целата учебната година, на Различни локации , преку Отворените забавни фудбалски школи (Open Fun** | | | | | | | **60.000** | **60.000** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Football School), со конкретниве обврски на Отворените Забавни Фудбалски Школи** | | | | | | | | |
| **3** | **Општина Ѓорче Петров материјално и финансиски ќе го поддржува училишниот спорт на основните училишта во општина Ѓорче Петров: Лига систем и турнир систем натпревари во определените колективни и индивидуални спортови во машка и женска конкуренција за регионалниот и националниот систем на натпревари на училишниот спорт во Македонија, преку Сојузот *на* училишен спорт Ѓорче Петров. *Доставен комплетен финансов план, годишна програма и календар на натпревари.** | | | | | | | **450.000** | **450.000** |
| **4** | **Поддршка и помагање на професионални и аматерски клубови - Општина Ѓорче Петров материјално ќе ги поддржува спортските клубови – на територија на општина Ѓорче Петров, кои покажуваат значанен придонес во развој на спортот и спортската рекреација како и** | | | | | | **600.000** | | **600.000** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **афирмација на општината.** | | | | | | | | |
| **5** | **Поддршка на спортисти од територијата на Ѓорче Петров**<br>**-Општина Ѓорче Петров материјално ќе ги поддржува спортистите– на територија на Општина Ѓорче Петров, кои покажуваат значанен придонес во развој на спортот и спортската рекреација како и афирмација на општината** | | | | **300.000** | | | **300.000** |
| **6** | **Здруженија на граѓани, спортски активисти, спортски организации**<br><br>**-Општина Ѓорче Петров материјално ќе ги финансира спортските манифестации – традиционални и меморијални турнири, кои имаат значанен придонес во развој на спортот и спортската рекреација како и афирмација на општината.**<br>**1. Меморијални турнири во мал фудбал**<br>*** 8 Септември**<br>*** Дарко Брњарчевски**<br>*** Ивица Златевски-Цуци**<br>**2. Интернационален турнир во ракомет** | | | **30.000** | **30.000** | **100.000** | | **140.000** | **300.000** |
| **7** | **Јавен повик за субвенционирање на ѓраните на Општина Ѓорче Петров за купување** | | | | **150.000** | | | **150.000** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **велосипеди во 2022 година** | | | | | | | | |
| **8** | **Ден на Општина Ѓорче Петров**<br><br>**-.  „ Традиционален крос “ –Активност која ќе се реализира по повод Празникот на општината. Реализацијата на активноста ке се спроведе преку Одделението за Јавни дејности во соработка со основните училишта**<br>**-„ Шаховска табла“- турнир во шах - Активност која ќе се реализира по повод Празникот на општината. Реализацијата на активноста ке се спроведе преку Одделението за Јавни дејности во соработка со месните заедници.**<br><br>**-„ ИГРА НА ХЕРОИ“- турнир во мал фудбал - Активност која ќе се реализира по повод Празникот на општината. Реализацијата на активноста ке се спроведе преку Одделението за Јавни дејности во соработка со институциите од јавен карактер кои се наоѓаат во Општината Ѓорче Петров** | | **10.000** | **10.000** | **40.000** | | | | **60.000** |
| **9** | **Вклучување на лицата со посебни потреби во спортот,** | **50.000** | **20.000** | **30.000** | | | | **150.000** | **250.000** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| односно организирање на хуманитарни настани од спортски карактер. | | | | | | | | |
| Вкупно по позиција | 60.000 | 40.000 | 75.000 | 70.000 | 575.000 | 600.000 | 900.000 | 2.320.000 |

## IV. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Со програмата на општината Ѓорче Петров од областа на спортот, рекреацијата и поддршка на невладиниот сектор се очекува да се подобри квалитетот на спортот и условите за спорт на ниво на општина Ѓорче Петров.

Очекувани резултати од програмата од областа на образованието се:

-Поттикнат личен развој, од областа на спортот, здрави навики за спорт и градење на здрави навики.

- Интернационален успех на професионалните спортски тимови кои ги помага општина Ѓорче Петров;

-Афирмација на општина Ѓорче Петров, преку спортистите-индивидуалци, кои се помогнати од Општината;

- Масовно учество на учениците во спортски манифестации;

-Подигнато ниво на свесност кај децата за толеранција и соживот и мултикултуралност, родова еднаквост, екологија, безбедност, сето тоа преку спортските настрани, предвидени во програмата, и сл;

-Стекнати нови искуства и добри практики во делот на спортот.

## V. МОНИТОРИНГ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ

Процесот на мониторингот на Програмата од областа на спортот, рекреацијата и поддршка на невладиниот сектор на општина Ѓорче Петров за 2022 година ќе биде континуиран и ќе се состои од собирање и анализирање на податоци и повратни информации за постигнувањата и напредокот на програмата. Мониторингот ќе го врши Одделението за јавни дејности преку следење на активностите, нивната ефикасност, постигнатите резултати, употребените ресурси и потрошените финансиски средства.

Преку мониторингот на активностите ќе се обезбедат навремени и корисни информации за анализа на состојбата, искористеност на ресурсите, идентификување на проблемите со кои се соочува проектот и наоѓање на соодветни решенија, потенцијални проблеми, обезбедување навремено спроведување на активностите и утврдување на најефикасниот начин за негова реализација.

**За мониторинг на Програмата од областа на спортот, рекреацијата и поддршка на невладиниот сектор на општина Ѓорче Петров за 2022 година ќе се користат следните инструменти:**

**-Месечен план за работа на Одделението за јавни дејности;**

**-Месечен извештај за работа на Одделението за јавни дејности;**

**-Редовни состаноци на ниво на одделение;**

**-Усна и писмена комуникација;**

**-Работни состаноци со основните училишта, директорите, наставниците и родителите;**

**-Извештај за реализирани активности;**

**-Финансиски извештаи за програмата, квартален и годишен извештај.**

## VI. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ, РЕКРЕАЦИЈАТА И ПОДДРШКА НА НЕВЛАДИНИОТ СЕКТОР

**Активностите од областа на образованието утврдени со оваа програма ќе бидат финансирани од Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2022 година.**

**За активностите од областа на спортот, рекреацијата и поддршка на невладиниот сектор што ги опфаќа Програмата, а кои ќе се појават во текот на 2022 година ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства во Буџетот на општина Ѓорче Петров.**

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.**

| | |
|---|---|
| **Број 08-2326/9** | **Совет на општина Ѓорче Петров** |
| **Од 30.12.2021 година** | **Претседател,** |
| **Скопје** | **Ленче Нелоска с.р.** |

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за усвојување Извештај за реализација на програмата од областа на предучилишното образование и воспитание на општина Ѓорче Петров за период од 01.01.-30.09.2021 година**

**Се објавува одлуката за усвојување на Извештај за реализација на програмата од областа на предучилишното образование и воспитание на општина Ѓорче Петров за период од 01.01.-30.09.2021 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Шесттата седница на советот, одржана на ден 30.12.2021 година.**

**Број 09-2410/9**
**од 31.12.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), советот на општина Ѓорче Петров на 6-тата седница одржана на ден 30.12.2021 година, ја донесе следната**

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите од областа на предучилишното образование и воспитание во општина Ѓорче Петров за 2021 година за период од 01.01.-30.09.2021 година**

**Член 1**

**Советот на општина Ѓорче Петров го усвои Извештајот за реализација на Програмата за активностите од областа на предучилишното образование во општина Ѓорче Петров за 2021 година, за период од 01.01.-30.09.2021 година.**

**Извештајот е составен дел од оваа Одлука.**

**Член 2**

**Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08-2326/11**
**Од 30.12.2021 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

# ИЗВЕШТАЈ
**за реализација на Програмата од областа на предучилишнот образование и воспитание на општина Ѓорче Петров за период од 01.01.2021 до 30.09.2021 година**

**Скопје, Декември 2021 година**

## I. ВОВЕД

Извештајот е изготвен во насока да даде слика за реализација на активностите планирани во Програмата од областа на предучилишнот образование и воспитание на општина Ѓорче Петров за период од 01.01.2021 до 30.09.2021 година.

Извештајот ги вклучува реализираните активностите, времето на реализација, целите и резултатите на активноста и реализираните финансиски средства сумативно и поединечно за секоја активност планирана во програмата.

Активностите од областа на на предучилишнот образование и воспитание на општина Ѓорче Петров беа насочени кон подобрување на квалитетот на згрижувањето и воспитувањето на децата и условите за работа во градинката.

За реализирање на активностите од Програмата од областа на предучилишнот образование и воспитание за 2021 година, општина Ѓорче Петров ги превзема сите потребни активности и ги стави на располагање своите технички и човечки ресурси.

## II. РЕАЛИЗИРАНИ ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Со реализираните активности од Програмата на општината Ѓорче Петров од областа на предучилишнот образование и воспитание се одржа квалитетот за згрижување, воспитание и образование на децата како и условите за работа во детската градинка преку креирање на стимулативна средина за ран детски развој.

Во услови на пандемија ширење на вирусот COVID–19 (коронавирус), а согласно одлуките на Владата и препораките на МТСП, градинките на територијата на општина Ѓорче Петров беа затворени од 11.03.2020 до 08.09.2020.

Во услови на пандемија на вирусот COVID–19 (коронавирус), а согласно одлуките на Владата и препораките на МТСП, градинките на територијата на општина Ѓорче Петров работењ по специјални протоколи за заштита на здравјето на децата.

## III. ОПИС РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

Во период од 01.01.2021 до 30.09.2021 реализирани се следниве активностите од Програмата од предучилишнот образование и воспитание за 2021 година:

| ОПИС НА ПРОЕКТИТЕ И АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ОД ОБЛАСТА НА ПРЕДУЧИЛИШНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТАНИЕ ЗА 2020 ГОДИНА | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| бр. | Име на Програма /активност | Спроведувач/ Носител (сектор/одделение) Проектен тим (меѓусекторски) | Извор на финансирање (буџет ОЃП/ програми на Влада /Донатор) | Временска рамка | Планирани финансиски средства од Буџетот | Реализирани финансиски средства од Буџетот |
| 1. | Вработување на воспитно-згрижувачкиот кадар во градинката | Одделение за јавни дејности Одделение за човечки ресурси | Буџет на Општина Ѓорче Петров | јануари декември | / | 252.459 |
| | Вкупно | | | | | 252.459 |

**Активностите на вработување на воспитно-згрижувачкиот кадар во градинката не се предвидени со Програмата на Општината Ѓорче Петров од областа на предучилишнот образование и воспитание за 2021 година.**

## IV. ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ

**Со реализираните активности од Програмата на општината Ѓорче Петров од областа на предучилишнот образование и воспитание, во услови на светска пандемија од COVID–19 (коронавирус)се даде поддршка на воспитно-згрижувачката дејност за обезбедување технички и кадровски услови работа на градинките согласно утврдените протоколи за работа.**

## V. МОНИТОРИНГ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ

**Процесот на мониторингот на Програмата од предучилишнот образование и воспитание на општина Ѓорче Петров за 2021 е континуиран и се состои од собирање и анализирање на податоци и повратни информации за постигнувањата и напредокот на програмата. Мониторингот го врши Одделението за јавни дејности преку следење на активностите, нивната ефикасност, постигнатите резултати, употребените ресурси и потрошените финансиски средства.**

**При мониторингот е констатирано дека финансиските средства за вработувањето на воспитно-згрижувачкиот кадар во градинката не се предвидени со Програмата на општината Ѓорче Петров од областа на предучилишнот образование и воспитание за 2021 година.**

## VI. ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

**Реализираните активности од областа на предучилишнот образование и воспитание утврдени со оваа програма се финансирани од Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2021 година.**

**За активностите од областа на образованието според програмата планирани се 360.000,00 денари, а реализирани до 30 септември се 252.459,00**

**Извештајот за реализација на Програмата од областа на предучилишнот образование и воспитание на општина Ѓорче Петров за период од 01.01.2021 до 30.09.2021 година, градоначалникот како Предлагач на истиот го доставува до советот на општина Ѓорче Петров на разгледување и усвојување.**

**Градоначалник**
**Александар Стојкоски с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за предучилишно воспитание и образование на општина Ѓорче Петров за 2022 година**

**Се објавува Програмата за предучилишно воспитание и образование на општина Ѓорче Петров за 2022 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Шесттата седница на советот, одржана на ден 30.12.2021 година.**

**Број 09-2410/10**
**од 31.12.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

став 1 точка 16 од Статутот на општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), советот на општина на 6-тата на седницата одржана на ден 30.12.2021 година, ја донесе следната:

# П Р О Г Р А М А
## на општина Ѓорче Петров
## од областа на предучилишното образование и воспитание за 2022 година

## I. ПОЈДОВНА ОСНОВА НА ПРОГРАМАТА

Општина Ѓорче Петров во рамките на своите надлежности и можности посветува големо внимание за развој и непречено одвивање на воспитно-згрижувачкиот процес и унапредување на условите за згрижување на деца во ЈОУГД Росица територија.

Со Програмата од областа на предучилишното образование и воспитание на општина Ѓорче Петров за 2022 година се дефинираат активностите на општината во делот на детската заштита, згрижувањето, воспитанието и едукацијата на децата од предучилишна возраст во текот на 2022 година.

Програмата на општина Ѓорче Петров од областа на предучилишното образование и воспитание се носи согласно нејзините надлежности утврдени во законските и подзаконските акти, земајќи ги предвид можностите утврдени во Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2022година.

## II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

### ОПШТА ЦЕЛ

Цел на програмата на општината Ѓорче Петров од областа на предучилишното образование и воспитание е подобрување на квалитетот на згрижување, воспитание и образование на децата како и условите за работа во детската градинка преку креирање на стимулативна средина за ран детски развој.

### СПЕЦИФИЧНИ ЦЕЛИ

-Обезбедување на еднакви можности за згрижување и воспитание за сите деца во општината Ѓорче Петров;

**- Обезбедување услови за работа на градинките во услови на светска пандемија од COVID–19 (коронавирус), согласно утврдените протоколи.**

**- Поддршка на воспитно-згрижувачката дејност и креирање на стимулативна средина за ран детски развој;**

**-Развивање и продлабочување на воспитната компонента во градинката;**

**-Квалитетна реализацијата на Годишната програма за работа на градинката;**

**-Развивање и следење на талентот и надареноста кај децата и поттикнување на нивната креативност;**

**- Негување на културата и традицијата кај децата;**

**-Негување и поттикнување на љубовта кон киното и театарот, поттик и мотивирање на учениците почесто да го поминуваат слободното време уживајќи во театарските претстави.**

**-Развивање на свеста кај децата за толеранција и соживот и мултикултуралност, родова еднаквост, екологија, безбедност во сообраќајот, и сл;**

**- Интегрирање и поддршка за децата со посебни образовни потреби,;**

**-Размена на искуства и добри практики со други општини во делот на предучилишното образование и воспитание.**

## III. ОПИС НА ПРОЕКТИТЕ И АКТИВНОСТИ

**Активностите во областа на предучилишното образование и воспитание, општина Ѓорче Петров ќе ги насочи кон поттикнување, поддржување и помагање во остварувањето на целите на оваа Програма.**

**Во текот на 2022 година, во општина Ѓорче Петров се планира да се спроведат следните активности.**

**ОПИС НА ПРОЕКТИТЕ И АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ОД ОБЛАСТА НА ПРЕДУЧИЛИШНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТАНИЕ ЗА 2020 ГОДИНА**

| бр. | Име на Програма /активност | Спроведувач/ Носител (сектор/одделение) Проектен тим (меѓусекторски) | Извор на финансирање (буџет ОЃП/ програми на Влада /Донатор) | Временска рамка | Проценет Буџет |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | СТРУЈА | Одделение за јавни дејности | Буџет на општина Ѓорче Петров | тековно | 300.000,00 |
| 2. | ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА | Одделение за јавни дејности | Буџет на општина Ѓорче Петров | тековно | 50.000,00 |
| 3. | ЃУБРЕТАРИНА | Одделение за јавни дејности | Буџет на општина Ѓорче Петров | јуни | 50.000,00 |
| 4. | ТЕЧНИ ГОРИВА-НАФТА | Одделение за јавни дејности | Буџет на општина Ѓорче Петров | тековно | 2.000.000,00 |
| 5. | ТЕЛЕФОН | Одделение за јавни дејности | Буџет на општина Ѓорче Петров | тековно | 250.000,00 |
| 6. | СРЕДТВА ЗА ХИГИЕНА | Одделение за јавни дејности | Буџет на општина Ѓорче Петров | јануари декември | 100.000,00 |
| 7. | СРЕДСТВА ЗА ДЕЗИНФЕКЦИЈА | Одделение за јавни дејности | Буџет на општина Ѓорче Петров | тековно | 100.000,00 |
| 8. | ВРАБОТУВАЊА НА НЕГОВАТЕЛКИ | Одделение за јавни дејности Одделение за човечки ресурси | Буџет на општина Ѓорче Петров | тековно | 400.000,00 |
| | Вкупно | | | | 3.250.000,00 |

## IV. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Со програмата на општината Ѓорче Петров од областа на предучилишнот образование и воспитание се очекува да се подобри квалитетот на воспитно-згрижувачката дејност и условите за работа во градинката.

Очекувани резултати од програмата од областа на образованието се:

-Обезбедени еднакви можности за згрижување и воспитание за сите деца во општината Ѓорче Петров;

- Обезбедени сигурни и безбедни услови за работа на градинките во услови на светска пандемија од COVID–19 (коронавирус), согласно утврдените протоколи.

- Современ воспитно-згрижувачки процес и креиранана стимулативна средина за ран детски развој со соодветни нагледни средства и манипулативи;

- Учество на децата во културни и спортски манифестации, доколку дозволува состојбата во услови на COVID–19;

-Подигнато ниво на свесност кај децата за толеранција и соживот и мултикултуралност, родова еднаквост, екологија, безбедност во сообраќајот, и сл;

- Активно и рамноправно учество на децата со посебни образовни потреби во редовниот воспитно-згрижувачки процес во градинката во Општината;

-Стекнати нови искуства и добри практики во делот на предучилишнот образование и воспитание.

## V. МОНИТОРИНГ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ

Процесот на мониторингот на Програмата од областа на предучилишнот образование и воспитание на општина Ѓорче Петров за 2022 ќе биде континуиран и ќе се состои од собирање и анализирање на податоци и повратни информации за постигнувањата и напредокот на програмата. Мониторингот ќе го врши Одделението за јавни дејности преку следење на активностите, нивната ефикасност, постигнатите резултати, употребените ресурси и потрошените финансиски средства.

Преку мониторингот на активностите ќе се обезбедат навремени и корисни информации за анализа на состојбата, искористеност на ресурсите, идентификување на проблемите со кои се соочува проектот и наоѓање на соодветни решенија, потенцијални проблеми, обезбедување навремено спроведување на активностите и утврдување на најефикасниот начин за негова реализација.

За мониторинг на Програмата од областа на областа на предучилишнот образование и воспитание на општина Ѓорче Петров за 2022 ќе се користат следните инструменти:

-Месечен план за работа на Одделението за јавни дејности;

-Месечен извештај за работа на Одделението за јавни дејности;

-Редовни состаноци на ниво на одделение;

-Усна и писмена комуникација;

**-Работни состаноци со градинката Росица, директорот, негувателките воспитачките и родителите;**

**-Извештај за реализирани активности;**

**-Финансиски извештаи за програмата, квартален и годишен извештај.**

## VI. ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ПРЕДУЧИЛИШНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТАНИЕ

**Активностите од областа на областа на предучилишнот образование и воспитание утврдени со оваа програма ќе бидат финансирани од Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2022 година.**

**За активностите од областа на образованието што ги опфаќа Програмата, а кои ќе се појават во текот на 2022 година ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства во Буџетот на општина Ѓорче Петров.**

**Рекапитулар**
**Програма од областа на предучилишното образование и воспитание на општина Ѓорче Петров за 2022 година**

| | Активност/позиција | СТРУЈА | ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА | ЃУБРЕТАРИНА | ТЕЧНИ ГОРИВА-НАФТА | ТЕЛЕФОН | СРЕДСТВА ЗА ХИГИЕНА | СРЕДСТВА ЗА ДЕЗИНФЕКЦИЈА | ДОГОВОРНИ УСЛУГИ | Вкупно по активност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | СТРУЈА | 300.000 | | | | | | | | 300.000 |
| 2. | ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА | | 50.000 | | | | | | | 50.000 |
| 3. | ЃУБРЕТАРИНА | | | 50000 | | | | | | 50.000 |
| 4. | ТЕЧНИ ГОРИВА-НАФТА | | | | 2.000.000 | | | | | 2.000.000 |
| 5 | ТЕЛЕФОН | | | | | 250.000 | | | | 250.000 |
| 6 | СРЕДСТВА ЗА ХИГИЕНА | | | | | | 100.000 | | | 100.000 |
| 7 | СРЕДСТВА ЗА ДЕЗИНФЕКЦИЈА | | | | | | | 100.000 | | 100.000 |
| 8 | ВРАБОТУВАЊА НА НЕГОВАТЕЛКИ | | | | | | | | 400.000 | 400.000 |
| 9. | ВКУПНО | | | | | | | | | 3.250.000 |

**VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров.**

**Број 08-2326/12**
**Од 30.12.2021 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за усвојување Извештај за реализација на програмата за активностите на општина Ѓорче Петров во областа на образованието за период од 01.01.-30.09.2021 година**

**Се објавува одлуката за усвојување на Извештај за реализација на програмата за активностите на општина Ѓорче Петров во областа на образованието, за период од 01.01.-30.09.2021 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Шесттата седница на советот, одржана на ден 30.12.2021 година.**

**Број 09-2410/11**
**од 31.12.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), советот на општина Ѓорче Петров на 6-тата седница одржана на ден 30.12.2021 година, ја донесе следната**

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите од областа на образованието во општина Ѓорче Петров за 2021 година**
**за период од 01.01.-30.09.2021 година**

**Член 1**

**Советот на општина Ѓорче Петров го усвои Извештајот за реализација на Програмата за активностите од областа на образованието во општина Ѓорче Петров за 2021 година, за период од 01.01.-30.09.2021 година.**

**Извештајот е составен дел од оваа Одлука.**

**Член 2**

**Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров".**

**Број 08-2326/13**
**Од 30.12.2021 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

**ОПШТИНАЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

# ИЗВЕШТАЈ
## за реализација на Програмата од областа на образованието на општина Ѓорче Петров за период од 01.01.2021 до 30.09.2021 година

**Скопје, Декември 2021 година**

## I. ВОВЕД

Извештајот е изготвен во насока да даде слика за реализација на активностите планирани во Програмата од областа на образованието на општина Ѓорче Петров за период од 01.01.2021 до 30.09.2021 година.

Извештајот ги вклучува реализираните активностите, времето на реализација, целите и резултатите на активноста и реализираните финансиски средства сумативно и поединечно за секоја активност планирана во програмата.

Активностите од областа на образованието на општина Ѓорче Петров беа насочени кон обезбедување на услови за одвивање на наставниот процес во училиштата, согласно протоколите за работа донесени од страна на МОН и БРО и овозможување на технички услови за настава на далечина.

За реализирање на активностите од Програмата од областа на образованието за 2021 година, општина Ѓорче Петров ги превзема сите потребни активности и ги стави на располагање своите технички и човечки ресурси.

## II. РЕАЛИЗИРАНИ ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Со реализираните активности од Програмата на општината Ѓорче Петров од областа на основното образованието се одржа квалитетот и условите за работа во основните училиштата, се креираа образовни политики согласно пандемија на вирусот COVID–19 (коронавирус), локалните потреби за развој на образовниот процес.

Во услови на пандемија на вирусот COVID–19 (коронавирус), по одлука на МОН учебната 2020/2021 година започна на 1-ви октомври со скратени наставни програми и посебни протоколи за заштита.

Наставниот процес во општинските основни училишта и во второто полугодие се одвиваше комбинирано. За учениците од I до III одделение се организираше настава со физичко присуство во училиштето или со учење на далечина по избор на родителот. Учениците од IV до IX одделение наставата ја следеа со учење од далечина (on-line) на платформата Microsoft Teams.

Секое училиште ја организираше наставата според своите просторни можности во една или во две смени. Во основните училишта во Општината Ѓорче Петров учебната година заврши успешно и во услови на пандемија.

Почетокот на учебната 2021/2022 година започна на 1-ви септември со физичко присуство на учениците во основните училишта со посебни протоколи за заштита од COVID–19. Во ООУ Тихомир Милошевски поради доградба на објектот

## III. ОПИС РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

Во период од 01.01.2021 до 30.09.2021 реализирани се следниве активностите од Програмата од областа на образованието за 2021 година:

**ОПИС НА РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИТЕ И АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ОД ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ (01.01.2021 до 30.09.2021)**

| бр. | Име на Програма /активност | Спроведувач/ Носител (сектор/одделение) Проектен тим (меѓусекторски) | Извор на финансирање (буџет ОЃП/ програми на Влада /Донатор) | Временска рамка | Планирани финансиски средства од Буџетот | Реализирани финансиски средства од Буџетот |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Упис на првачиња во основните училишта | Одделение за јавни дејности | Буџет на Општина Ѓорче Петров | август септември | 60.000,00 | 88.362,00 |
| 2. | Обезбедување на интернет пристап за сите основни училишта | Одделение за јавни дејности | Буџет на Општина Ѓорче | | 392.000,00 | 198.485,00 |
| 3. | Награди и признанија на талентирани и надарени ученици и наставници од основните училишта за денот на општината, согласно Правилникот за доделување награди, дипломи и пофалници на учениците и просветните работници во Општина Ѓорче Петров | Одделение за јавни дејности Комисијата за образование, наука, социјална, здравствена заштита и заштита на деца | Буџет на Општина Ѓорче Петров | мај-септември | 80,000,00 | 60.000,00 |
| 4. | "Здрава храна за здрави деца" - Бесплатна ужинка на учениците во I одделение во основните училишта | Одделение за јавни дејности | Буџет на Општина Ѓорче Петров | Февруари ,март | 1.700.000,00 | 815.178,00 |
| 5. | Вработување на наставен и ненаставен кадар во основните училишта | Одделение за јавни дејности Одделение за човечки ресурси | Буџет на Општина Ѓорче Петров | наставна година | 220.000,00 | 13.333,00 |
| 6. | Вкупно | | | | | 1.083.996,00 |

## IV. ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ

**Со реализираните активности од Програмата на општината Ѓорче Петров од областа на основното образование се одржа континуитетот на образовниот процес во услови на светска пандемија од COVID–19 (коронавирус).**

**Постигнати резултати од Програмата од областа на основното образование се:**

**-Обезбедени еднакви образовни можности и образование за сите деца, ученици и ученички во Општината Ѓорче Петов, учење од далечина (on-line) на платформата Microsoft Teams**

**-Мотивирани учениците и ученичките и високи постигнување на и општински, регионални, државни и меѓународни натпревари;**

**-Подигнато ниво на свесност кај децата за толеранција и соживот и мултикултуралност, родова еднаквост, екологија, безбедност во сообраќајот, и сл;**

**-Стекнати нови искуства и добри практики во делот на образованието;**

**- континуирано учење за време на кризата со вирусот во сите основни училишта и успешно завршена учебна 202002021.**

## V. МОНИТОРИНГ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ

**Процесот на мониторингот на Програмата од областа на основното образование на општина Ѓорче Петров за 2021 е континуиран и ќе се состои од собирање и анализирање на податоци и повратни информации за постигнувањата и напредокот на програмата. Мониторингот го врши Одделението за јавни дејности преку следење на активностите, нивната ефикасност, постигнатите резултати, употребените ресурси и потрошените финансиски средства.**

## VI. ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

**Реализираните активности од областа на основното образование утврдени со оваа програма се финансирани од Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2021 година.**

**За активностите од областа на образованието според програмата планирани се вкупно 2.780.000,00 денари. До 30 септември 2020 година се реализирани 1.083.996,00 денари.**

| | Рекапитулар за квартален Извештај за Програма од областа на образованието на Општина Ѓорче Петров за период од 1 јануари до 30 септември 2021 година | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Активност/позиција | Транспорт на луѓе (ученици, наставници) | Превозни услуги во образованието | Прехрамбени продукти и пијалоци | Наставно образовни помагала | Училишни матерјали | Други матерјали | Услуги за печатење, копирање и издавање | Други договорни услуги | Други оперативни расходи | Други трансфери | Средства за хигиена | Дезинфекција, дезинсекција и | Трансфер до НВО | Вкупно по активност |
2. Согласно договор за јавна набавка во вредност од 1.727.263,70 денари , Економскиот оператор Ристови ИР ДООЕЛ , изврши реконструкција на парковското блоковско зеленило на ул.Христо Батанџиев, ул.Лука Геров, ул.Македонска Преродба и ул.Воин Драшкоци во вкупна површина од 5000 м2. Со овој проект беа поставени системи за наводнување на споменатите површини, со засадување на нови дрвни и цветни насади како и засејување на површините со тревно семе. Согласно истиот договор, изведувачот е должен да врши и одржување на површините во рок од 6 месеци од завршување на првата фаза на реализација на договорот. Дополнително со овој договор е предвидено и засадување на 500 листопадни садници на локацијата на дивата депонија во с.Ново Село откако истата ќе биде расчистена.
3. Согласно Договор за јавна набавка во вредност од 530.001,72 денари, економскиот оператор Розен Центар ДООЕЛ,изврши реконструкција на

зеленило на ул. Лука Геров, ул.Ѓорче Петров и ул.Македонска Војска, со планирање на просторот,засејување на трева и засадување на нови садници.

**Ј8. Други комунални услуги**

**424.230 Дезинфекција, дезинсекција и дератизација**

Поради Ковид Пандемијата од 2021год изведени се дополнителни извршувања на дератизација, дезинфекција и дезинсекција против глодари односно, пролетна, летна и есенска и зимска при што третирани се над 2.500 шахти на целата територија на општината како и општинските објекти и основните училишта. Договор бр 03 -23/11 од 29.03.2020год вкупна вредност 899.986,00 ден со ДДВ со фирмата ЗОТОКС – Скопје. Средствата се обезбедени од Буџет на општината – целосна реализација.

## XII. СПРОВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

**И З В Е Ш ТА Ј**
**Од одделениeто за спроведување на урбанистички планови**

**ДЕСЕТМЕСЧЕН извештај од Одделение за спроведување на урбанистички планови**
**01.01.2021 до 31.10.2021 година**

| Ред. број | ВИД НА ПРЕДМЕТОТ - (барањето) Одделение за спроведување на урбанистички планови | Примени предмети во 2021год. | Нерешени предмети од претходен период 2020 | Вкупно од графите 3 и | Решени предмети во 2021 год. | Останале предмети за решавање |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 2. | 3. | 4. | 5. | 6. | 7. |
| 1. | ИЗВОД ОД ДУП | 1220 | / | 1220 | 1220 | / |
| 2. | ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ | 85 | 15 | 100 | 81 | 19 |
| 3. | ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ ДОГРАДБА - НАДГРАДБА | 19 | 1 | 20 | 17 | 3 |
| 4. | ОДОБРЕНИЕ ЗА АДАПТАЦИЈА-ПРЕНАМЕНА РЕКОНСТРУКЦИЈА | 17 | / | 17 | 15 | 2 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. | ОДОБРЕНИЕ ЗА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ | 16 | 1 | 17 | 17 | / |
| 6. | РЕШЕНИЕ ЗА ИЗМЕНИ ВО ТЕК НА ГРАДБА | 19 | 2 | 21 | 15 | 6 |
| 7. | ОДОБРЕНИЕ ЗА УПОТРЕБА НА ОБЈЕКТ-ЗАПИСНИК ЗА ТЕХНИЧКИ ПРИЕМ | 53 | 2 | 55 | 52 | 3 |
| 8. | ЗАВЕРКА НА ИДДЕН ПРОЕКТ | 79 | 5 | 84 | 78 | 6 |
| 9. | РЕШЕНИЕ ЗА КОИ НЕ Е ПОТРЕ БНО ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДБА РЕШЕНИЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ ОГРАДА | 7 | / | 7 | 7 | / |
| 10. | ПОТВРДИ ОДГОВОРИ ДО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИИИ ФИЗИЧКИ ЛИЦА | 121 | / | 121 | 120 | 1 |
| 11. | ЗАКЛУЧОЦИ,РЕШЕНИЈА ЗА ИСПРАВКА ,ИЗМЕНИ И ДР. | 63 | / | 63 | 63 | / |
| 12. | РЕШЕНИЕ ЗА ПРОМЕНА НА ИНВЕСТИТОР | 11 | / | 11 | 10 | 1 |
| | **ВКУПНО ОД ТАБЕЛА:** | 1710 | 26 | 1736 | 1695 | 41 |

| **Примени предмети за легализација по години:** | **РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ** | | | | | | | | | **ОСТАНАТИ ПРЕДМЕТИ ЗА РЕШАВАЊЕ** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2011 година - 10916<br>2014 година - 42<br>2015 година - 150<br>2016 година - 1053<br>2018 година - 323<br><br>Вкупно 12484** | **2011<br>2012<br>2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** | |
| | **90<br>735<br>1676** | **1268** | **968** | **902** | **565** | **352** | **373** | **127** | **56** | **5372** |
| **ВКУПНО ОД ТАБЕЛА 12484** | **7112** | | | | | | | | | |

## СЕКТОР ЗА ЕКОНОМСКИ ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

### 1. XIII. СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ СОГЛАСНО АКЦИОНИОТ ПЛАН ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

**Мерка 1: Објекти во надлежност на Општина Ѓорче Петров( градинки, објекти на основни училишта)**:

1. Спроведена е постапка за доделување на договор за јавна набавка за Проектирање и изведба на фотоволтаични централи на крововите на јавните објекти, со потпишан договор во вредност од 3.000.000 денари. Во тек е разлизација на фазата за проектирање врз основа на барањата од одделението за ЕЕ од Секторот за Економски одржлив развој.
2. Врз основа на јавниот повик објавен од страна на Влада – Генерален секретаријат,програма за намалување на аерозагадувањето, обезбедени се средства за замена на внатрешните врати и прозорци во објектот на ЈОУДГ Росица-клон Детелинка, во висина од 1.900.000 денари. Во тек е спроведување на постапката за јавна набавка
3. Во завршна фаза е спроведувањето на постапка за доделување на договор за Изградба на систем за греење во с.сала во Јоаким Крчоски во вредност од 1.500.000 денари.Согласно барањата, како извор на енергија е предвидено да се имплементираат 3(три) високотемпературни топлински пумпи.
4. Како резултат од добиениот грант средства од страна на швајцарската агенција за развој, а постапка спроведена од стран ана УНДП, во тек е изработка на физибилити студии и основни проекти за замена и адаптација на системите за греење во 4(четири) основни училишта, од неефикасни и високозагадувачки котли на течно гориво со високоенергетски ефикасни топлински пумпи.

5.Средствата потрошени за Мерка 1 се обезбедени од различни програми од буџетот на општината.

**Градоначалник**
**Александар Стојкоски с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1  точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за урбано планирање „Ф“ на**
**општина Ѓорче Петров за 2022 година**

**Се објавува Програмата за урбано планирање „Ф“ на општина Ѓорче Петров за 2022 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Шесттата седница на советот, одржана на ден 30.12.2021 година.**

**Број 09-2410/16**
**од 31.12.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

# П Р О Г Р А М А
## За урбано планирање “Ф” на општина Ѓорче Петров за 2022 година

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за Локална самоуправа (Службен весник на Р.М. број 5/02), член 40 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Р.С.М. број 32/20 ), член 46 од Законот за градежно земјиште (Службен весник на Р.М. број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и Службен весник на Р.С.М. бр. 275/19), член 16 став 1 точка 15 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), советот на општина Ѓорче Петров на 6-тата седница одржана на 30.12..2021 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ "Ф"**
**НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ЗА 2022 ГОДИНА**

**ВОВЕД**

**ПРОГРАМА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ " Ф " се состои од следните подпрограми**

**I Ф.1 ПОДПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ**

**II Ф.2 ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (тековно-оперативни трошоци)**

**III Ф.3 ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА (тековно-оперативни трошоци)**

**IV Ф.А ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (капитални трошоци)**

**V Ф.Д ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ ПРОСТОР ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА ( капитални трошоци**

**ПРИХОДИ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ ПО СИТЕ ОСНОВИ ИЗНЕСУВААТ**

**<u>ПРИХОДИ:</u>**

| Кате-горија | Ставка | Основна ставка | Под ставка | Видови приходи | Износ во денари | Пренесени обврски 12/2021 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | |
| | | | | СЕ ВКУПНО: | | | |
| | | | | ВКУПНО ПРИХОДИ | 136.306.905 | | |
| | | | | | | За реализација | За плаќање |
| | | | | ВКУПНИ ПОЕДИНЕЧНИ ПРИХОДИ: | 62.938.867 | 29.291.005 | 44.077.033 |
| 71 | | | | Даночни приходи | 58.938.867 | 26.126.275 | 44.077.033 |
| | 717 | | | Даноци на специфични услуги | 58.938.867 | 26.126..27 | 44.077.033 |
| | | 7171 | | Комунални даноци | 58.938.867 | 25.126.275 | 44.077.033 |
| | | | 717137 | Надоместок за уредување на градежно земјиште | 58.531.367 | 24.718.775 | 38.087.241 |
| | | | 717119 | Други приходи по основ на комунални дејности (побарување од Градот од 1997год.) | 407.500 | 407.500 | 407.500 |
| | | | 717129 | Други комунални такси | | 1.000.000 | 5.582.292 |
| 72 | | | | Неданочни приходи | 1.000.000 | 1.000.000 | |
| | 725 | | | Други неданочни приходи | 1.000.000 | 1.000.000 | |
| | | 7259 | | Други неданочни приходи | 1.000.000 | 1.000.000 | |
| | | | 725939 | Останати неданочни приходи | 2.000.000 | 1.000.000 | |
| 73 | | | | Капитални приходи | 2.000.000 | 1.464.387 | |
| | 733 | | | | 2.000.000 | 1.464.387 | |
| | | 7331 | | Продажба на земјиште и други нематеријални вложувања | 2.000.000 | 1.464.387 | |
| | | | 733144 | Надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти | 2.000.000 | 1.464.387 | |
| 74 | | | | Трансвери и даноци | | 700.343 | |
| | 741 | | | | | 700.343 | |
| | | 7412 | | Трансвери од други нивоа на власта | | 700.343 | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 741211 | Капитални трансвери од други нивоа на власта | | 700.343 | |

**Овие вкупни приходи се распоредуваат во потпрограмите "Ф1, Ф.2, Ф.3, Ф.А и Ф.Д"**

## I Ф.1 ПОД-ПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

**ВОВЕД:**

**Тековно - оперативните трошоци за урбанистичко планирање се наменети за подготовка на урбанистички планови. За таа цел се донесува годишна програма за изработка на:**

- **Детални урбанистички планови**
- **Урбанистички планови за село**
- **Урбанистички планови вон населено место**
- **Локална урбанистичка планска документација**
- **Урбанистички проекти**
- **Архитектонски урбанистички проекти**
- **Проекти за инфраструктура**
- **Технички исправки**
- **Програма за поставување на урбана опрема**
- **Програма за поставување на времени објекти**
- **Програма за изведување на спортски игралишта**

**Под-Програмата за урбанистичко планирање се финансира од следните извори на средства:**

**ПРИХОДИ**

| Група | Под група | Основни сметки | ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ | Износ во денари 2022 | Пренесени обврски 12/2021 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | |
| | | | СЕ ВКУПНО: | 16.027.730 | | |
| | | | | | За реализациј | За плаќање |
| | | | ВКУПНИ ПРИХОДИ | 11.838.867 | 4.188.863 | |
| | | | | | | |
| 71 | | | ДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 7.838.867 | 1.453.120 | |
| | 7171 | | Комунални даноци | 7.838.867 | 1.453.120 | |
| | | 717137 | Надоместок за уредување на градежно земјиште ( дел ) | 7.838.867 | 1.453.120 | |
| 72 | | | НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 2.000.00 | 1.000.000 | |
| | 7259 | | Други неданочни приходи | 2.000.000 | 1.000.000 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 725939 | | Останати неданочни приходи | 2.000.000 | 1.000.000 | |
| 73 | | | КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ | 2.000.000 | 1.035.400 | |
| | 7331 | | одажба на земјишта и други нематеријални вложувања | 2.000.000 | 1.035.400 | |
| | 733144 | | Надоместок за утврдуваењ на правен статус на бесправно изградени објекти | 2.000.000 | 1.035.400 | |
| 74 | | | ТРАНСВЕРИ И ДАНОЦИ | | 700.343 | |
| | 741 | | | | | |
| | | 7412 | Трансвери од други нивоа на власта | | 700.343 | |
| | | 741211 | Капитални трансвери од други нивоа на власта | | | |
| | | 741211 | Приходи од Буџетот на РСМ | | 700.343 | |

## ТРОШОЦИ ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

**Средствата за оваа програма се обезбедени од:**

**Влада на С.Р.М. .......................700.343**

**Од Буџет на општинта......15.327.387**

**-------------------------------------------**

**Севкупно: 16.027.730**

## РАСХОДИ

| Група | Подгрупа | Основни сметки | Оддел | Видови на расходи | Износ во денари 2022 | Пренесени обврски 12/2021 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | |
| | | | | СЕ ВКУПНО: | 16.027.730 | | |
| | | | | | | За | За |
| 42 | | | | СТОКИ И УСЛУГИ | 11.838.867 | 4.188.863 | |
| | 4256 | | | УСЛУГИ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ | 11.338.867 | 3.488.520 | |
| | | 42564 | | ИЗРАБОТКА НА ДЕТАЛНИ И ДРУГИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ | 11.338.867 | 3.488.520 | |
| | | | 1. | Изработка на Дупови согласно нов ГУП на Град Скопје | 4.036.787 | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Изработка на Блок С3 (пренос од пред. Год)<br>С306, С312, С313, С314, С316 , С321 и С325 | 3.036.787 | | |
| | | | | Изработка на Блок С3 (ново планирани ДУП за 2022г)<br><br>- Изработка на ДУП С305(Блокови С3 05.02,С305.03, С305.04,С305.05) С327 и С309 (еден блок) | 1.000.000 | | |
| | | | 2. | Изработка на УПС | 4.302.080 | | |
| | | | | Изработка на урбанистички планови (пренос од пред. Год)<br>- УПС Никиштане,<br>- УПС Волково<br>- Изменување и дополнување на УПС Ново Село,разработка на Блок Б2.26<br><br>Изработка на урбанистички планови вон населено место<br><br>- Измена и дополна на УПВНМ Веле Поле, Блокови 3,4,5,6,8,9,10,11,12,13 и14<br><br>- Измена и дополна на УПВНМ Клучка стопански двор,УЕ „А“;УЕ „Б“- Блок 6 и УЕ „В’<br>- УПВНМ за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани од КП 3397/1 КО Кучково,м.вКамено Брдо | 2.064.530<br><br><br><br><br>1.935.470 | | |
| | | | | | | | |
| | | | | Изменување и дополнување на УПС Орман (дел)со разработка на блокови 11,12,13,14,15,15.1,16 и 17<br>Пренос од 2021 гоеина | 302.080 | 453.120 | |
| | | | 3. | Изработка на други плански документации | 2.500.000 | 3.735.743 | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | -Урбанистички проекти и друга проектна документација за потреби на општината<br>- Превземени обврски 12/2021 ( Проектна документ )<br>- Урбанистичко проектна документација за Клинички центар(средства од Влада) од УПВНМ Веле Поле ( Превземена обврска 2021г)<br>-Технички исправки,<br>- Надоместок за учество на членови во комисија за урбанизам<br>- Елаборати,проценка на з.земјиште,услови за планирање на просторот, стратешка процена<br>- Водење постапки по иницијатива од правни и физички лица за изработка на УПланска документација Урбанстички планови и Урбан. Проектни документации<br>- Заштитно конзерваторски основи за културното наследство<br>- Изменување и дополнување на ДУП за градска четврт СЗ 03,Блок 3<br>- Изменување и дополнување на ДУП за градска четврт СЗ 03,Блок 8<br><br>- ДУП СЗ05 (блок СЗ05.01)<br>СЗ 24(Блокови СЗ 24.01 СЗ 24.02, и СЗ 24.04)<br>- Измена и дополнување на УПВНМ Веле Поле, блок 7 | 1.000.000<br><br>1.500.000 | 3.000.000<br>0<br><br>700.343<br><br>35.400 | |
| | | | 4. | Други програми за 2022 год | 500.000 | | |
| | | | | -Програма за поставување на урбана опрема<br>-Програма за поставување на времени објекти<br>-Програма за изведување на спортски игралишта | 500.000 | | |
| | 4259 | | | ДОГОВОРНИ УСЛУГИ | 500.000 | | |
| | | 425990 | | Други договорни услуги | 500.000 | | |

**ПРЕДМЕТ:** **ИЗВЕШТАЈ од извршената анализа на степенот и начинот на спроведување и реализација на урбанистичките планови на територијата на општина Ѓорче Петров за 2021 година**

**Во согласност со одредбите на Член 22 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија број 32/20), стручните служби од Одделението за просторно и урбанистичко планирање при општина Ѓорче Петров изработија Анализа на степенот и начинот на спроведување и реализација на урбанистичките планови на територијата на општина Ѓорче Петров за 2020 година, со бр. 26-XXX/1 од XX.11.2021.**

**Цел на анализата е добивање на целосен сумиран преглед за состојбите во просторот, како би можеле да оформат стратегии и да се преземат правилни мерки за одржлив развој на општината.**

**Изработената анализа содржи:**

- **преглед на сите важечки урбанистички планови на територијата на општина Ѓорче Петров (вкупно 49 урбанистички планови),**
- **годишна анализа на 44 урбанистички планови кои подлежат на анализа согласно одредбите на Член 22 став (6) од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија, број 32/20) и**
- **Заклучок.**

**Од извршената анализа може да се заклучи дека повеќето планови кои се изготвени согласно ГУП на Град Скопје 2012-2022 сè уште може да се применуваат и спроведуваат без поголеми проблеми. Секако, сите се ускладени со моментално актуелниот генерален урбанистички план, а земајќи во обѕир и дека сите се со понов датум на изработка (не постар од 8 години), во голема мерка се усогласени и со дигиталните катастарски планови. Иако законската и подзаконската регулатива е изменета, суштинските стандарди и нормативи не се значајно изменети.**

**Исклучок од горенаведената констатација е деталниот урбанистички план за градската четврт СЗ 03, каде се евидентирани неусогласености на планираните градежни парцели со имотно – правната состојба на лице место во овој момент. Овие проблеми се и претходно евидентирани, па оттаму и во претходните Годишни програми за изработка на урбанистички планови на општина Ѓорче Петров се внесени: Изменување и дополнување на ДУП за Градска четврт СЗ 03, Блок 3 и Изменување и дополнување на ДУП за Градска четврт СЗ 03, Блок 8.**

**Сите останати детални урбанистички планови, изработени според претходните ОУП на Град Скопје од 1965 год., Изменување и дополнување на ОУП на Град Скопје од 1985 год. и ГУП на Град Скопје 2001-2020, се во поголема или помала мерка неусогласени со моменталните дигитални катастарски планови, неусогласени со моменталната позитивна законска и подзаконска регулатива и неусогласени со моментално важечкиот план од повисоко ниво: ГУП на Град Скопје 2012-2022.**

**За просторот опфатен со поголемиот дел од овие планови веќе се започнати постапки за изработување до конечно донесување на нови урбанистички планови.**

**За помал дел и претходно била нотирана потребата за донесување на нови планови, па истите се и претходно внесувани во Годишните програми за изработка на урбанистички планови во општина Ѓорче Петров, но постапките не се започнати; се работи за ДУП за Градска четврт СЗ 05, Блокови СЗ 05.02, СЗ 05.03, СЗ 05.04 и СЗ 05.05 и ДУП за Градска четврт СЗ 27.**

**За просторот од една градска четврт од ГУП на Град Скопје 2012-2022 (СЗ 01) не е пристапено кон изработка на нов детален урбанистички план поради нотирани**

**проблеми во самиот ГУП, кои се предмет на посебно барање од страна на Општина Ѓорче Петров – за евентуална корекција во идниот ГУП на Град Скопје 2022-2032, а чија што изработка тукушто започна во 2020 година.**

**Мал дел од урбаното градско подрачје на општина Ѓорче Петров (во рамките на ГУП на Град Скопје 2012-2022), не е покриен со важечки детални урбанистички планови, односно за овие простори никогаш до сега не биле изработени урбанистички планови. Се работи за делови од градските четвртти СЗ 01, СЗ 09, СЗ 13, СЗ 14, СЗ 17, СЗ 24 и СЗ 25, како и четвртта СЗ 12 во целина. Од овие вкупно 8 (осум) градски четвртти, за 5 (пет) веќе се започнати постапки за изработување до конечно донесување на нови детални урбанистички планови: ДУП за Градска четврт СЗ 12, ДУП за Градска четврт СЗ 13, ДУП за Градска четврт СЗ 14, ДУП за Градска четврт СЗ 24, Блок СЗ 24.01, СЗ 24.02 и СЗ 24.04 и ДУП за Градска четврт СЗ 25. За дел од градската четврт СЗ 24 веќе е изработен и донесен нов ДУП за Градска четврт СЗ 24, Блок СЗ 24.03.**

**Како што и претходно беше образложено, за една од овие четвртти (СЗ 01) не е започната постапка за изработување на нов детален урбанистички план, поради нотирани проблеми во планот од повисоко ниво: ГУП на Град Скопје 2012-2022.**

**Една градска четврт: СЗ 17, се протега на територијата на 2 општини, односно покрај општина Ѓорче Петров четвртта зафаќа и територија на општина Карпош. Евентуална изработка на детален урбанистички план за оваа градска четврт би требало да се одвива низ две паралелни постапки во двете општини, со меѓусебна соработка. Сепак, површината на четвртта со ГУП на Град Скопје е планирана исклучиво со намена Д2 - Заштитно зеленило, што ја прави деталната разработка на просторот беспредметна.**

**Во однос на руралниот дел на општина Ѓорче Петров, општа констатација е дека постојните важечки урбанистички планови за село се спроведуваат без поголеми проблеми. Исклучок претставува делот од УПС Орман во кој се врши детална разработка, а за кој дел се евидентирани одредени отстапувања на границите на планираните градежни парцели во однос на границите на катастарските парцели од дигиталниот катастарски план.**

**Посебен проблем преставува просторот на с. Волково и с. Никиштане, за кој простор реализацијата се одвиваше преку усвоените општи акти за село. Овие документации престанаа да важат со почетокот на примена на Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија, број 32/20), согласно одредбите на Член 105 став (2) од Законот, а просторот опфатен со истите се смета за простор вон плански опфат. Сепак, општина Ѓорче Петров веќе има во постапка на изработка урбанистички планови и за двете населени места.**

**На простори надвор од населени места во општина Ѓорче Петров има 2 (два) важечки урбанистички планови вон населено место: УПВНМ Веле Поле и УПВНМ Клучка стопански двор. И кај двата плана забележан проблем при спроведување се деловите од плановите во кои нема детална разработка; чест случај е катастарските парцели да не можат самостојно да ги задоволат условите за да претставуваат градежна парцела, односно до поголем дел од катастарските парцели нема постоен, ниту планиран сообраќаен пристап. Проблемот е и претходно забележан, па оттаму веќе е започната изработката на едно изменување и дополнување (на УПВНМ Веле Поле, Блок 7), а и со претходните Годишни програми била предвидена изработката и на 2 дополнителни изменувања и дополнувања (на УПВНМ Веле Поле, Блокови 3, 4, 5, 6, 8, 9, 10, 11, 12, 13 и 14, како и на УПВНМ Клучка стопански двор, УЕ „А“, УЕ „Б“ – Блок 6 и УЕ „В“).**

**Сумирано, се препорачува продолжување на постапката за изработка до конечно донесување на сите започнати урбанистички планови (вкупно 15):**

- **ДУП за Градска четврт С3 03, Блок 3,**
- **ДУП за Градска четврт С3 03, Блок 8,**
- **ДУП за Градска четврт С3 05, Блок С3 05.01,**
- **ДУП за Градска четврт С3 06,**
- **ДУП за Градска четврт С3 12,**
- **ДУП за Градска четврт С3 13,**
- **ДУП за Градска четврт С3 14,**
- **ДУП за Градска четврт С3 16,**
- **ДУП за Градска четврт С3 21,**
- **ДУП за Градска четврт С3 24, Блок С3 24.01, Блок С3 24.02 и Блок С3 24.04,**
- **ДУП за Градска четврт С3 25,**
- **УПС Волково,**
- **УПС Никиштане и**
- **Изменување и дополнување на УПС Орман, Блокови 11, 12, 13, 14, 15, 15.1, 16 и 17 и**
- **Изменување и дополнување на УПВНМ Веле Поле, Блок 7.**

**како и пристапување кон изработка на 7 нови урбанистички планови:**

- **ДУП за Градска четврт С3 05, Блокови С3 05.02, С3 05.03, С3 05.04 и С3 05.05,**
- **ДУП за Градска четврт С3 09,**
- **ДУП за Градска четврт С3 27,**
- **Изменување и дополнување на УПС Ново Село со разработка на Блок Б2.26,**
- **Изменување и дополнување на УПВНМ Веле Поле, Блокови 3, 4, 5, 6, 8, 9, 10, 11, 12, 13 и 14,**
- **Изменување и дополнување на УПВНМ Клучка стопански двор, УЕ „А“, УЕ „Б“ – Блок 6 и УЕ „В“ и**
- **УПВНМ за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани на дел од КП 3397/1, КО Кучково, м.в. Камено Брдо.**

**Раководител**
**со Овластување**
**на Сектор за урбанизам,**
**инвестиции и комун. дејности**

**Рак. на одд. за просторно и урб. планирање**
**Евелина Ќулумоска, дипл. инж. арх.**

**Советник**
**Игор Поповски, дипл. инж. арх.**

**Советник**
**Диана Шкартова-Георгиевска, дипл. инж. арх.**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Општина Ѓорче Петров
СКОПЈЕ
1

**Филип Ефтимов, дипл. инж. арх.**

II Ф.2 ПОД-ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

III ф.3 ПОД-ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНО ПОДРАЧЈЕ

**ПОД-ПРОГРАМИТЕ Ф.2 И Ф.3 ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНО ПОДРАЧЈЕ СЕ ФИНАНСИРААТ ОД СЛЕДНИТЕ ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА**

## ПРИХОДИ

| Група | Под група | Основни сметки | Оддел | Видови на расходи | Износ во денари 2022 | Пренесени обврски 12/2021 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | |
| | | | | СЕ ВКУПНО: | 18.961.081 | | |
| | | | | | | За реализација | За плаќање |
| | | | | ВКУПНИ ПРИХОДИ | 9.000.000 | 7.000.000 | 2.961.081 |
| 71 | | | | ДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 9.000.000 | 7.000.000 | 2.961.081 |
| | 7171 | | | КОУНАЛНИ ДАНОЦИ | 9.000.000 | 7.000.000 | 2.961.081 |
| | | 717137 | | | 9.000.000 | 7.000.000 | 2.961.081 |

## ПРОГРАМИРАНИ ТРОШОЦИ ПО ПОД-ПРОГРАМИ - Ф.2 и .Ф.3
## РАСХОДИ

| Група | Под група | Основни сметки | Оддел | Видови на расходи | Износ во денари 2022 | Пренесени обврски 12/2021 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | |
| | | | | СЕ ВКУПНО: | 18.961.081 | | |
| | | | | | | За реализација | За плаќање |
| | | | | ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ | 9.000.000 | 7.000.000 | 2.961.081 |
| 42 | | | | СТОКИ И УСЛУГИ | 1.500.000 | 1.000.000 | 525.081 |
| | 4211 | 421190 | | Други комунални такси и услуги<br>- Чистење канали за наводнување и одводнување(Водостопанство)<br>-преостанак долг 2021г | | | 200.000<br>200.000 |
| | 4243 | | | Поправки и одржување на други градби | 200.000 | | |
| | | 424390 | | Одржување на други градби | 200.000 | | |
| | 4259 | | | Други договорни услуги | 1.500.000 | | 153.400 |
| | | | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 425930 | | Археолошки истражувања за заштита на културните споменици (научни истражувања) | 500.000 | | |
| | | 425940 | | Расходи за рушење објекти(дог до 16.10 2022<br>-Престанат долг 2020г | 1.000.000 | 1.000.000 | 153.400 |
| | 4269 | | | Други оперативни расходи | 800.000 | 2.054.239 | 171.681 |
| | | 426990 | 1.<br>2. | - Други оперативни расходи (геодетски работи)(проекти за експропријација)<br>- Превземени обврски 2021/2022<br>- Проценка на имот<br>- Превземени обврски 2021г | 500.000<br>300.000 | 2.054.239 | 171.681 |
| Ф3 | 4211 | | | Ф3 Програма | 6.500.000 | 6.000.000 | 2.436.000 |
| | | 421130 | | Расходи за ѓубретарина(Екофлор) | 1.000.000 | | |
| | | 421190 | . | -Други комунални такси и услуги (расчистување диви депонии)<br>-Превземена обврска 2021год.<br>- Расчистување на парцели за потреби на општината<br>-Расчистување на депонии- превземени обврски 2021(јубај) | 4.000.000<br>500.000 | 6.000.000 | 2.000.000 |
| | 4243 | 424390 | | Одржување на други градби на општината | 500.000 | | |
| | 425 | 425930 | | Други договорни услуги<br>-Изработка на студија за водоснабдување на с.Кучково<br>-Геосеизмичко испитување на терент во Кучково (ИЗИИС)(пренесена обврска за | 500.000 | | 200.000<br>236.000 |

## IV. Ф.А ПОД-ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (Капитални трошоци)

### ВОВЕД

Со оваа Под-Програма, а согласно член 43 од Законот за градежно земјиште, општина Ѓорче Петров врши уредување на градежното земјиште во рамките на подрачјето утврдено со Генералниот урбанистички план и важечките детални урбанистички планови.

### ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ

Под-Програмата Ф.А се финансира од следните извори за

финансирање: <u>ПРИХОДИ</u>

| Група | Подгрупа | Основни сметки | Оддел | Видови на приходи | Износ во денари 2022 | Пренесени обврски 12/2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | СЕ ВКУПНО: | 77.306.815 | | |
| | | | | | | За реализациј а | За плаќање |
| | | | | ВКУПНИ ПРИХОДИ | 30.100.000 | 15.673.155 | 31.533.660 |
| 71 | | | | ДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 30.100.000 | 15.673.155 | 31.533.660 |
| | 7171 | | | КОМУНАЛНИ ДАНОЦИ | 30.100.000 | 15.673.155 | 31.533.660 |
| | | 717137 | | Надоместок за уредување на градежно земјиште | 30.100.000 | 15.673.155 | 31.533.660 |
| | | 717119 | | Други приходи по основ на комунални дејности (побарување од Град Скопје од | | | |
| 74 | | | | ТРАНСВЕРИ И ДАНОЦИ | | | |
| | 7412 | | | Трансвери од други нивоа на власта | | | |
| | | 741211 | | Капитални трансвери од други нивоа на власта | | | |

**ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОД- ПРОГРАМАТА Ф.А**

**<u>РАСХОДИ</u>**

**<u>Средствата за оваја подпрограма се обезбедуваатод:</u>**

**<u>Креди од СВ.Банк 12.500.000</u>**

- **<u>Од Буџет на Општина ........................................................17.600.000+47.206.815</u>**

**Вкупно: 77.306.815**

| Гру па | Под група | Основн и сметки | Оддел | Видови на приходи | Износ во денари 2022 | Пренесени обврски 12/2021 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | |
| | | | | СЕ ВКУПНО: | 77.306.815 | | |
| | | | | | | За реализациј | За плаќање |
| 48 | | | | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 30.100.000 | 15.673.155 | 31.533.660 |
| | 4821 | | | Улици и патишта | 8.000.000 | 4.180.000 | 26.719.031 |
| | | | Изработка на проекти, изградба на објекти и реконструкција на објекти од комунална изфраструктура која е во надлежност на Градот Скопје и Општина Ѓорче Петров, за исполнување на договорните обврски кон корисниците - сопствениците на градежно земјиште 60% за Град Скопје и 40% за Општина Ѓорче Петров | | | | |
| | | 482110 | Подготвување на проекти вклучувајќи дизајн на улици, пешачки патеки, плоштади и други јавни површини | | 2.000.000 | 2.000.000 | |
| | | | | - Проекти за улици за 2022 год<br><br>- Улици во СЗ 03<br>- Улици во СЗ 08<br>Други помали проекти на улици за потребите на општината- превземени обврски 12/2021 | 1.500.000<br>500.000 | 2.000.000 | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 482120 | | Изградба на улици, пешачки патеки,<br>плоштади и други јавни површини | 1.000.000 | | 950.619 |
| | | | | | | | |
| | | | | Обработка на јавни површини со префабрикувани елементи | 1.000.000 | | |
| | | | | - Изградба на пристапни патеки по барање на УЗ и МЗ<br>- патеки низ ново формирани паркови и зелени површини<br>-превземени обврски | 1.000.000 | | 950.619 |
| | | 482120 | | Изградба на улици | 5.000.000 | | 768.412 |
| | | | | -Реконструкција на ул.Радушка-Црногорска Iфаза-Превземена обврска 2020(Филип инг)<br>-ул.Антон Кецкаров –превземена обврска 2020г(Пирамид билдинг)<br><br>- улици во СЗ 18 (Александрија ул.6.1 и.6.2)(потребни средства 4.000.000)<br>- улица Шарпланинска (во соработка со град скопје)<br>- ул.нова Тиранска и Лука Геров(поред пруга, со град Скопје)<br><br>- изградба на улици во СЗ 03 | 5.000.000 | | 586.048<br><br>182.364 |
| | | 482130 | | Реконструкција на улици | | 2.180.000 | 25.000.000 |
| | | | | - Улица Радушка 2 (од ул.Кузман Шапкарев до ул.према гробишта) (потрбни средства за 2 фаза 15.000.000)<br>- Реконструкција на улици на деловите од премините преку пруга во ниво(5 премина во соработка со МЖ-обврска за 2021 год<br>- реконструкција на улици урбан дел,<br>Превземени обврски 2021г(карпош)<br>- Реконструкција на ул.Беас Куле и ул.23 А.Демниески<br><br>- Ул.4ти Јули-3та делница(од ул.Кузман Шапкарев до ул. Панајот Гиновски)(восоработка со Град Скопје)<br><br>- Реконструкција на ул.Воин | | 2.180.000 | 25.000.000 |
| | | | | | | | |
| | 4823 | | | Пречистителни станици и | 20.100.000 | | 4.575.896 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 482310 | | Подготвување проекти вклучувајќи и дизајн за фекална и атмосферска канализација<br>- Проект за фекална и атмосверска канализација за бул. Веле марков,(во соработка со град Скопје)<br>- Проект за атмосверска канализација за ул.4ти Јули, II делница<br>- Проект за фекална канализација на ул.Шар Планина за потребите на СЗ 03<br>- Проект за атмосверска канализација за улиците во СЗ21- ул. Алекса Демниевски, Социјалистичка Зора и | 600.000<br><br>400.000<br><br>200.000 | | |
| | | 482320 | | Изградба на фекална и атмосферска Канализ<br><br>- Атм.Канализација за ул Радушка III фаза (потреби средства 17.000.000де) (од кредит св. Банка можни 12.500.000 ден+4.500.000 од Буџет на општина= 17.000.000ден<br><br>- Изградба на Фекална канализација на ул.Радушка (L=965m потрбни средства 10,000,000<br><br>- Атмосверска канализација за Ул.Арсо Мицков и Николај Островски(со приклучоци за бочните улици) потребни средства 6.000.000<br><br>- на Бул Веле Марков(гр.Скопје)<br><br>- ул. Шар Планина атмосверска и фекална канал(за потребите на СЗ 03)( Потребни средства 4.000.000 Град Скопје)<br><br>- Ул. Во СЗ 03 (потрбно 4.500.000)<br><br>- Ул.Воин Драшковци и Исаие Мажоски(атм.канализација)<br>-Превземени обврски атм.канализација ул Радушка за 2021 ( Е.Монт), | 19.500.000<br><br>12.5000.000<br>4.500.000<br><br>2.500.000 | | 4.575.896<br><br>1.575.896<br><br>3.000.000 |
| | 4827 | | | Капацитети за водоснабдување | | 3.000.000 | 238.733 |
| | | 482710 | | Подготвување проекти вклучувајќи и дизајн за водоводна мрежа<br>- Во СЗ 11 и стрелиште,<br>- Во СЗ 03 | | 500.000 | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 482720 | | Изградба на водоводна мрежа и приклу-<br>чоци за формирање на кружни токови во урбаниот дел на општината,<br>- С3 03<br>- С311 и стрелиште | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | Изградба на водоводни кружни приклучоци на водоводни краци во урбаниот дел на општината<br>- Изградба на водоводни краци на улици во урбан дел на општината<br>- Пренесени обврски 2021г( Е.Монт)<br>- Превземени обврски за изградба на водоводи урбан дел(Инж.груп | | 2.500.000 | 238.733 |
| | 4829 | | | Изградба на други објекти, | 500.000 | 8.493.155 | |
| | | 482910 | | Изработка на проекти за други објекти(проекти за уредување на нови содржини во Реонски парк) | | | |
| | | 482920 | | Изградба на други објекти<br>- Уредување на корзто 3 Фаза-Превземена обврска 12/2020год<br>- Уредување на нови површини во Реонски парк планирани | | 5.993.155 | |
| | | 482930 | | Дислокации на разни инсталации | 500.000 | | |
| | | 482940 | | Надзор над градба-превземени обврски2021/2022) ( Зим)и е.Консалтинг 2021/2022 | | 500.000<br>2.000.000 | |
| | 4852 | 485230 | | Изработка на ГИС софтвер | | | |
| | 4854 | | | Надомест за одземен имот | 1.500.000 | | |
| | | 485420 | | Надомест за одземен имот | 1.500.000 | | |

I. Во рамките на реализацијата на Под-Програмата Ф.А предвидено е да се реализираат и следните позиции кои се 100% стари обврски на Градот Скопје, врз основа на 100% прибран надоместок за уредување на градежно земјиште.

1. Ул. Мајски Манифест од ул.Ѓ.Салај до ул.А.Демниевски, извод. 369/95 расчистување.
2. Изградба на дел од ул. Македонска Преродба со паркинг во МЗ Мирче Ацев, (позади објектот на ул. 4-ти Јули чиј инвеститор бил ЈП ССДП), извод за улицата 135/96, извод за паркингот 314/96.
3. Дел од ул. Македонска Преродба со паркинзи кај станбени објекти спроти Црквата во М.З. Ѓорче Петров - расчистување.
4. Ул. Социјалистичка Зора- трошоци за експропријација
5. Дел од ул. Сремски Фронт (од ул. Мечкин Камен до ул. 4-ти Јули, расчистување).

6. **Дел од ул. Ѓорѓи Казепов.**

II. **Во рамките на реализацијата на Подпрограмата Ф.А предвидено е да се реализираат и следните позиции кои се 100% обврска на Градот Скопје, произлезена од надлежностите на Градот дефинирани со Законот за Град Скопје.**

1. **Регулација и уредување на кејот и насипот на р. Вардар на територијата на општина Ѓорче Петров, согласно ГУП,**
2. **Регулација на р.Лепенец на територијата на општина Ѓорче Петров,**
3. **Изградба на бул. Македонска Војска.I фаза II делница (спој со надвозник Лука Геров),**
4. **Довршување на улица 4-ти Јули и изведба на улично осветлување,**
5. **Изградба на булевар Илинденска,**
6. **Изградба на булевар Црногорска,**
7. **Изградба на ул. Сремски Фронт,**
8. **Изградба на ул. Лепенец,**
9. **Изградба на ул. Тиранска,**
10. **Изградба на мост на р. Лепенец и дел од бул. Црногорска на потегот од село Бардовци до надвозникот за населба Даме Груев,**
11. **Ул.Шарпланинска.**

## ОБВРСКИ НА ГРАДОТ И ОПШТИНАТА ПО ОСНОВ НА ПЛАТЕН НАДОМЕСТОК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕ`НО ЗЕМЈИШТЕ (60% СО 40%)

### 3. РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

**Расчистувањето на градежното земјиште е со цел да може да се изврши опремување на земјиштето градежната парцела со објекти од комуналната инфраструктра. Под расчистување на градежното земјиште се смета:**

**- Предлог - надоместот за експроприраните недвижнини што ќе се експроприраат , се определува по пазарна вредност согласно недвижноста.**

**- Решавање на имотно правните односи со сопствениците на земјиштето и објектите, каде треба да се изведат инфраструктурните објекти.**

**- Уривање на постојните градежни и други објекти кои се наоѓаат на градежното земјиште каде треба да се изведат инфраструктурните објекти, (селидба на сопствениците со пренесување на покуќнината и опремата, уривање на објектите со транспорт на материјалот од уривањето до депо ).**

**- Предлог - надоместок за одземените насади и посеви на земјиштето се определува врз основа на елементите со помош на кои според движењата на пазарот се утврдува нивната пазарна цена, доколку не влегле во пазарната вредност на земјиштето.**

**Висината на предлог надоместот за објект кој заради својата природа не е во промет и за кој не се формира пазарна цена (бунари, огради, ѕидови и сл.), се**

определува според пазарната вредност на материјалот и работната рака потребна за
изградба на таков објект, намалена за соодветниот износ на амортизација;

- Трошоците за селидба на сопствениците, со пренесување на покуќнината и опремата и уривањето на експроприраните објекти, се пресметуваат со тековни цени.

## 4. ОБЕМ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ НА ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Под обем на уредување на градежното земјиште се подразбира изградба на објекти од инфраструктурата, заради непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување: водоводна, канализациона ( фекална и атмосферска ) до приклучна шахта, НН електрична мрежа до приклучен орман, топлификациона мрежа со приклучна последна шахта и друга инсталација со приклучоци до градежната парцела.

Уредувањето на градежното земјиште може да биде извршено целосно или делумно, во минатиот период или во моментот кога се уредува.

Под степен на уреденост на градежното земјиште се подразбира, обемот на опременост на земјиштето со објекти од комунална инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка, до границите на градежната парцела:

а.) Објекти на комуналната инфраструктура што служат за заедничка комунална потрошувачка, за кои се реализирани или ќе се реализираат следните активности:

- изградба на улици, тротоари, пешачки и други површини согласно урбанистички планови;
- изградба на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат;
- изградба на секундарни атмосферски канализациони мрежи до последната шахта;
- изградба на улично осветлување;
- изградба на јавно зеленило;

б.) Објекти на комуналната инфраструктура што служат за индивидуална комунална потрошувачка, за кои ќе се реализираат следните активности:

- изградба на секундарна водоводна мрежа до водомерна шахта;
- изградба на секундарна фекална канализациона мрежа до последната шахта;
- изградба на секундарна топлификациона мрежа до и со последната шахта;

Трошоците за уредување на градежното земјиште, до градежната парцела,на градски сообраќајници ги сноси Градот Скопје во целосен износ , а на Општинските сообракајници општината Ѓорче Петров во целосен износ, со едно приклучно место за секој објект од инфраструктурата за една градежна парцела.

Целосното уредување на градежното земјиште, се врши по обезбедувањето на имотно - правни и технички услови и материјални средства.

## 5.ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И НЕГОВАТА РАСПРЕДЕЛБА

**Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште се пресметува на следниот начин.**

**За расчистување на градежни парцели каде ќе се градат објекти од комунална инфраструктура за индивидуална и заедничка комунална потрошувачка, за проектирање и изградба на објекти од комунална инфраструктура, пречистителна станица и уредување на заедничкиот градски простор, се наплатува надоместок за уредување на градежно земјиште по упросечени трошоци на ниво на Град и општина Ѓорче Петров, врз основица изразена во денари/м2 нето изградена површина, пресметана согласно Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степеност на уреденост ("Сл. Весник на РМ" бр. 93/11;65/12;75/12 и 98/12 год).**

**За секој вид простор неопфатен со одредбата на став 1 на овој член, надоместокот ќе се пресметува по аналогија, како за просторот опфатен со Правилникот од претходниот став.**

**Просториите со нето висина до 2,50 м ' кои се пресметуваат со коефициент 0,2 согласно Правилникот, се однесуваат само на простории во подкровје („Сл. Весник на РМ" бр. 93/11;65/12;75/12 и 98/12 год.), а површината на просторот во подкровје каде висината е 2,50 м и поголема, се пресметува со коефициент 1,0.**

**- Доколку во подкровниот простор се појават повеќе нивоа, претходниот став важи само за последното ниво сметано од долу нагоре.**

**- За сите простории опфатени со Правилникот наведени во став 1 - се пресметува надоместокот за уредување на градежното земјиште и тоа:**

**а.) Дел на надоместокот за изградба на објекти од комуналната инфраструктура за заедничка комунална потрошувачка и пречистителна станица, основните комуналии и подобност (бонитет) на локалитетот.**

**б.) Дел од надоместокот за уредување на градежното земјиште за изградба на објекти од комуналната инфраструктура од индивидуална потрошувачка, според намената која е дефинирана во техничката документација, заверена од општина Ѓорче Петров**

**Висината на основицата за одредување на упросечените трошоци што ќе се наплатуваат односно исплатуваат на ниво на Општината, еднаква е на висината на основицата утврдена на 01.01.2015 год, а ќе се усогласува согласно индексот на пораст на цени на мало добиени од Државниот завод за статистика.**

**5.1. Висината на упросечените трошоци за расчистување на градежни парцели каде ќе се градат објекти од комуналната инфраструктура, проектирање и изградба на објекти од комуналната инфраструктура за заедничка потрошувачка (основни комуналии и погодност -бонитет на локалитетот - комплексот), каде се гради или е изграден станбен, јавен, деловен, производен и друг простор што се утврдува како процентуален дел од основицата, се определува со Под-Програмата Ф.А, како е дадено во следниот преглед:**

**ТАБЕЛА"А"**

| | КОМПЛЕКСИ | основни комуналии + пречистителна станица 1 % | Погодност - бонитет на локалитет (комплекс ) | |
|---|---|---|---|---|
| | | | станбен простор | деловен или друг простор |
| | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1 | Дел-2 | 20 % | 2% | 8% |
| 2 | Дел - 3 | 18 % | 1,5% | 4% |
| 3 | Дел - 4 | 16 % | 1% | 2% |

Усогласувањето на висината на основицата во текот на годината, постојано се врши согласно индексот за движењето на цените на мало, утврден во Државниот завод за статистика, а за месеците за кои не е објавен, се применува последниот објавен индекс.

За сите ненавремени наплати и исплати извршени или што се вршат според Под-Програмата Ф.А за тековната година, се применува индексот за движење на цените на мало од Државниот завод за статистика. За месеците за кои не е објавен, се применува последниот објавен индекс.

За финансирање на расчистување, проектирање и изградба на пречистителна станица за отпадни води на ниво на Град и сите општини во градот, ќе се одвојува процентуален дел во висина од 1 % презентиран во колона 2 од ТАБЕЛА "А". Овие средства ќе се наплатуваат на посебна сметка за оваа намена.

„За финансирање и расчистување, проектирање и изградба на катни гаражи и паркинзи, каде согласно Законот за градежно зенјиште не може да се изведе паркирање во рамките на урбанистичката парцела, ќе се одвојува процентуален дел во висина од 7% од висината на основицата утврдена во точка 5 од оваа Програма. Овие средства ќе се наплатуваат на посебна сметка за оваа намена, согласно одлуката на советот на општина Ѓорче Петров објавена во „Сл.гласник на Град Скопје" бр.7/2004."

5.2. За надоместување на направените трошоци во расчистувањето на градежни парцели, каде ќе се градат или се изградени објекти од комунална инфраструктура, како и за проектирање и изградба на секундарни водови и објекти од комунална инфраструктура од индивидуална потрошувачка, од сопственикот односно корисникот на земјиштето се наплатуваат упросечени трошоци во процентуален износ од утврдената основица, согласно условите и согласностите за приклучување, приложени на денот на склучување на договорот за надоместок за уредување на градежно земјиште и тоа како следува:

а. Водоводна мрежа.......................................... 1,50 %
б. Фекална канализациона мрежа ................. 1,50 %
в. Топлификациона мрежа .............................. 3,20 %

Сопственикот - корисникот на градежното земјиште мора да обезбеди согласност за приклучување на објектот на соодветната секундарна мрежа за

индивидуална потрошувачка од соодветното комунално претпријатие и без согласност на Општината не може да се приклучи на инфраструктурните мрежи и објекти во градот. Доколку не добие писмена согласност од комуналното претпријатие општина Горче Петров ќе склучи договор за регулирање на надоместок за уредување на градежно земјиште, само за оние секундарни мрежи од индивидуална потрошувачка за кои има писмена согласност.

По добивањето на дополнителната согласност, со Анекс- договор се регулира надоместокот за уредување на градежно земјиште за таа секундарна мрежа од индивидуална потрошувачка, која се налатува по упросечени цени.

На една градежна парцела може да има само еден објект. Доколку на една градежна парцела покрај предвидениот објект со ДУП, веќе постои објект, корисникот на земјиштето е должен да го урне веќе постојниот објект, до добивање на употребна дозвола .

## 6. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА

За висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште, се склучува договор за регулирање на надоместок за уредување на градежно земјиште во писмена форма директно помеѓу корисникот - сопственикот на земјиштето од една страна и општина Ѓорче Петров од друга страна.

За локалитет за кој не е донесен ДУП а влегува во границите на градежниот реон одреден со ГУП, ќе се наплати надоместок за уредување на градежно земјиште, во согласност со намената на ГУП по доставена писмена согласност од Општината дека упатената техничка документација (урбанистички проект) од Подрачната единица на Министерството за транспорт и врски *е* во согласност со ГУП, ја прифаќа Општината и ќе ја вгради во ДУП при неговото донесување.

За да се склучи договор, корисникот - сопственикот е должен да достави во оригинал или заверена: проектна документација, хидротехнички услови за приклучување од уличната мрежа до приклучната шахта од ЈП "Водовод и канализација " и енергетски согласности издадени од АД "ЕВН " - Подружница "Електро Скопје " и АД "Топлификација" - Скопје и се составен дел на договорот.

**Се објавува Програмата за оддржување и развој на јавно осветлување на подрачјето на општина Ѓорче Петров за 2022 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Шесттата седница на советот, одржана на ден 30.12.2021 година.**

**Број 09-2410/24**
**од 31.12.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

# ПРОГРАМА
## за оддржување и развој на јавно осветлување на подрачјето на општина Ѓорче Петров за 2022 година

**Скопје, Декември 2021 година**

**Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 и член 62 од Законот локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр 5/2002), член 16 став 1 точка 16 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), советот на општина на 6-тата на седницата одржана на ден 30.12.2021 година, донесе:**

# ПРОГРАМА

## за оддржување и развој на јавно осветлување на подрачјето на општина Ѓорче Петров за 2022 година

**Вовед**

**Имајќи во предвид дека јавното улично осветлување е во директна надлежност на општина Ѓорче Петров која е утврдена во Законот за локална самоуправа, Законот за комунали дејности, Законот за комунална такса, Законот за град Скопје како и други подзаконски акти, што обезбедува не само обврска туку и право општина Ѓорче Петров да презема активни енергетски ефикасни мерки за подобрување на квалитетот на јавното осветлување.**

**Во таа насока во 2018/19 година се пристапи кон развивање на проект за подобрување на квалитетот на комуналната услуга - јавно осветлување со примена на модел на јавно-приватно партнерство (ЈПП, а врз основа на член 16 од Законот за концесии и Јавно-Приватно Партнерство (ЈПП). Врз основа на Физибилити студија и по спроведената постапка по Оглас бр. 05-938/5/2019 од 08.07.2019 година, за доделување на договор за воспоставување на ЈПП, при што општина Ѓорче Петров на 07.10.2019 година потпиша Договор за воспоставување на јавно приватно парнерство за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој на јавното осветлување во општина Ѓорче Петров бр. 03-938/22/2019 со фирмата ЏЕМДАГ АЈДИНЛАТМА САНАЈИ ВЕ ТИЏАРЕТ АНОНИМ ШИРКЕТИ (АД Осветлување производство и трговија) од Република Турција, (во понатамошниот текст Приватен партнер).**

**Целта на договорот за воспоставување на јавно приватно парнерство за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој на јавното осветлување е преку реализација на предметот на ЈПП да се постигне:**

- **Зголемување на квалитетот и квантитетот на осветленост на цела територија на Општината,**
- **Намалување на трошоци и заштеда на електрична енергија,**
- **Намалување на трошоци за одржување на системот за јавно осветлување,**

- Зголемување на безбедноста и квалитетот на живеење на граѓаните,
- Намалување на CO2 во атмосферата,
- Зголемување на ефикасноста и брзината на отстранување на дефекти во системот при известувања од страна на граѓаните, како и
- Добро и ефикасно одржување на системот на јавно осветлување од страна на приватен партнер,
- Идентификување на губитокот на електрична енергија предизвикан од објективни, но и од субјективни причини (евентуално нелегално приклучување на линиите од уличното осветлување), како и
- Искористување на средства за нови инвестиции од заштедата на електричната енергија добиена од намалување на трошоците за истата.

Предмет на договорот е воспоставување на ЈПП за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој на јавното осветлување во општина Ѓорче Петров согласно моделот DBFOT (Дизајнирај, Изгради, Финансирај, Оперирај, Пренеси), кој опфаќа:

- Замена на постојните 2887 светилки во првите 6 (шест) месеци од потпишување на договорот за ЈПП, со енергетски ефикасни ЛЕД светилки од три типа на светлосни арматури со моќност: Тип 1 помала од 30 W (752 парчиња), Тип 2 помала од 45 W (1522 парчиња) и Тип 3 помала од 100W (613 парчиња) со карактеристики утврдени во физибилити студијата и нивно одржување, со што ќе се намали потрошувачката на електрична енергија, при што вкупно инсталираната моќност на светилките да биде помала од 160 кW,
- Изместување на опремата од ТС на ЕВН во посебни ормари и воведување на управување и мониторинг на системот во првата година од потпишување на договорот за ЈПП, преку имплементација на централни сегментни контролери во 120 ормари.
- Поставување на дополнителни 983 светлосни арматури (413 парчиња од Тип 1, 378 парчиња Тип 2 и 192 парчиња Тип 3 ЛЕД светилки) на трошок на приватниот партнер на столбови поставени од општината во оперативниот период на важност на договорот за ЈПП согласно планот за развој на општината,
- Проектирање (дизајнирање) и спроведување на развојните годишни програми за јавно осветлување, кои не се во опфатот во сегашниот систем за јавно осветлување, а ќе бидат составен дел од одржувањето со проширување на мрежата при реализација на годишните програми од страна на приватаниот партнер,
- Воспоставување на систем 48 часа и call центар, како и одржување на светиликите што подразбира целосна ефективност и функционалност на светилките за целиот оперативен период на важност на договорот за ЈПП и
- останати елементи дадени со детален опис во техничките спецификации во тендерската документација која е составен дел на овој договор за ЈПП.

На овој начин општина Ѓорче Петров активно ќе партиципира во остварување целите декларирани од страна на ЕУ во полето на енергетиката кои се: намалување на нето потрошувачката на финална енергија за 20 %, обезбедување енергија од обновливи извори на енергија во износ од 20 % од потрошувачката на финална енергија и намалување на емисиите на стакленички гасови за 20 %. Покрај другите активности подобрување на енергетската ефикасност во урбаните средини се очекува да се оствари преку учество на македонските општини во „Повелбата на

**градоначалниците“ којашто нуди размена на најдобрите практики. Како и примена на Директивата (ДЕКПЕЕУ) за енергетска ефикасност и енергетските услуги во ЕУ (Directive on energy end-use efficiency and energy services in EU) или скратено Директива за енергетски услуги (Energy Service Directive ESD) која има за цел да ја стимулира енергетската ефикасност.**

**Програмата за оддржување и развој на јавно осветлување на подрачјето на општина Ѓорче Петров за 2022 година опфаќа активности кои се содржани во следниве три дела и тоа:**

- **Дел 1 - Оддржување на системот на јавно осветлување со утврден опфат на ЈПП,**
- **Дел 2 - Инвестиционо одржување и развој на системот на јавно осветлување, и**
- **Дел 3 - Потрошувачка на електрична енергија за јавно осветлување.**

**На ваков начин се обезбедени сите претпоставки за да се остават поставените цели за квалитетна услуга кон граѓаните во делот на јавно осветлување во општина Ѓорче Петров.**

**I.1 Оддржување на системот на јавно осветлување со утврден во предметот на ЈПП**

**Одджувањето на системот на јавно осветлување ќе се врши од страна на приватен партнер со која е потпишан договор за ЈПП со точно утврден опфат и предмет на ЈПП.**

**Трошоците за оддржување на системот на јавно осветлување во согласност со договорот за ЈПП се исплаќа на месечно ниво како надоместок за ЈПП кој изнесува 991.535 денари без ДДВ, 178.476 денари износ на ДДВ или вкупно 1.170.011 денари за период од 12 години.**

**Во овој надоместок за ЈПП влегува исплатата за инвестицијата за модернизација на системот за јавно осветлување и одржување на оперативноста и функционалноста на системот.**

**На овој начин се обезбеди да се намалува потрошувачката на електрична енергија, да има средства за нови инвестиции, како и да се обезбедат средства за други инвестиции во ЕЕ. Проектот обезбедува и работа на сите поставени светилки во општината што е најважен фактор со кој се обезбедува квалитетно јавно осветлување на теритоиријата на општина Ѓорче Петров, бидејќи граѓаните сега имаат можност преку Call центарот да пријават проблем во јавното осветлување со што за многу краток период од максимум 48 часа ќе се отстрани дефектот се разбира, ако е во рамки на проблем од прва категорија, а кој е од втора категорија во зависност од дефектот во најбрз можен временски период со надзор над Општината.**

**I.2 Инвестиционо одржување и развој на системот на јавно осветлување**

**Во 2022 година општина Ѓорче Петров ќе направи одредени напори и во делот на инвестиционо одржување и развој на системот на јавно осветлување што подразбира обновување на подземна и надземна напојни водови и проширување на мрежата и бројот на светилки на територија на општина Ѓорче Петров.**

**Сепак во текстот подолу е дадена одредена проекција на развој на системот со нови сијалични места, која во етапи со одередена динамика ќе се реализира и тоа:**
**Проект 1: Квантитативно надополнување на празнини таканаречени ``џепови`` на јавно осветлување,**

**Проект 2: Заштита и реконструкција на постојни столбови,**
**Проект 3: Проширување на постојно јавно осветлување со нови светилки на следниве улици (на барање на граѓани): краци на ,ул. 22, ул. 20, ул.Зејнел Ајдини крак, ул.Шарпланина, ул.49,с.Орман - од училиште до влез на село, ул.4 Ново Село, ул.103 под обиколница, ул.41, ул.52 до обиколница, ул. 52 кон манастир Мала Богородица-Стопански Двор.**

**I.3 Потрошувачка на електрична енергија за јавно осветлување**

**Потрошувачката на електрична енергија ќе се проектира на базана пресметка на вкупна инсталирана снага, односно бројот на ЛЕД светилки кои се со моќност од 30 W, 45 W и 100 W, при што вкупно инсталираната моќност на светилките да биде помала од 160 кW. Сепак и пресметковната метода е релевантна, бидејќи за овој тип на светилки може многу прецизно да се пресмета потрошувачката на електрична енргија при работа во просек од 11 часа дневно. Сепак во таа вкупна потрошувачка на електрична енергија се и светилките кои се во надлежност на Градот Скопје, бидејќи фактурата која се плаќа е поделена во соодност 80% општина Ѓорче Петров и 20% Градот Скопје. Од овие причини може да се заклучи дека корист од овој проект има и Градот Скопје бидејќи се намалува вкупната потрошувачка на електрична енергија.**

**Имајќи ги во предвид претходно кажаните податоци и административни процедури во однос на Градот Скопје се очекува намалување на трошоците за повеќе од 50% во однос на реферчтната потрошувачка на енергија на светилки кои се во надлежност на општина Ѓорче Петров.**

**II. Финансирање на јавно осветлување**

**Финансирањето на јавното осветлување за 2022 година ќе се врши од буџетот на општина Ѓорче Петров од приход остварен од комунална такса за улично осветлување.**

**Проекцијата на приходот за 2022 година се базира на искуствата и податоците од 2021, при што приходот кој реално може да се оствари во 2022 година се проценува на 2.500.000 денари на месечно ниво или годишно 30.000.000 денари.**

**На база на наведените и дефинирани делови од програмата се проектираат следниве трошоци за:**

- **Дел 1 - Оддржување на системот на јавно осветлување со утврден во предметот на ЈПП, односно трошок за надоместок за ЈПП кон приватниот партнер ЈПП кој изнесува 991.535 денари без ДДВ или 11.898.420 денари без ДДВ. (14.040.135 годишно)**
- **Дел 2 - Инвестиционо одржување и развој на системот на јавно осветлување, односно проектиран буџет во износ од 6.000.000 милиони денари,**
- **Дел 3 - Потрошувачка на електрична енергија за јавно осветлување во износ од околу 9.959.000 денари/годишно.**

**Табела 1. Проекција на приходи и трошоци за 2022 година**

| | Приходи | Трошоци – Дел 1 | Трошоци - Дел 2 | Трошоци - Дел 3 |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2022** | **30.000.000 Очекуван приход од комунална такса за улично осветлување** | **14.041.000 Надоместок за Договор за Јавно приватно партнерство** | **6.000.000+4.000.000 = 10.000.000 6.000.000 инвестиционо одржување 4.000.000 преносен долг кон Елмонд Електро ДОО од Договор за инвестиционо одржување и Ленди Груп за изработка на фундаменти** | **31.500.000мкд** |

**Вкупните средства за реализација на оваа програма изнесуваат 55.541.000,00 денари и ќе се покрие со икористување на средствата од комуналната такса за јавно осветлување и останати приходни ставки од буџетот.**

**III. Преодни и завршни одредби**

**Надлежен за реализација на оваа Програма со сите Под-програми е градоначалникот и Секторот за економски одржлив развој.**

**Градоначалникот се овластува да може да определува приоритети при реализирање на оваа Програма и Под-програмите содржани во истата.**

**Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров.**

**Број 08-2326/26** — **Совет на општина Ѓорче Петров**
**Од 30.12.2021 година** — **Претседател,**
**Скопје** — **Ленче Нелоска с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за подршка на Локален економски развој на општина Ѓорче Петров за 2022 година**

**Се објавува Програмата за подршка на Локален економски развој на општина Ѓорче Петров за 2022 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Шесттата седница на советот, одржана на ден 30.12.2021 година.**

**Број 09-2410/25**
**од 31.12.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

# ПРОГРАМА
## за подршка на Локален Економски Развој на општина Ѓорче Петров за 2022 година

**Скопје, Декември 2021 година**

**Врз основа на член 22 став 1 точка 3, член 36 и член 62 од Законот локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр 5/2002), член 16 став 1 точка 16 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), советот на општина на 6-тата на седницата одржана на ден 30.12.2021 година, донесе:**

# ПРОГРАМА

**за подршка на Локален економски развој на општина Ѓорче Петров**
**за 2022 година**

**5. Воведни напомени**

**Согласно законот за локална самоуправа во член 22 е утврдено дека општините имаат надлежност во делот на локалниот економски развој (ЛЕР), односно во делот на:**

- **планирање на локалниот економски развој,**
- **утврдување на развојните и структурните приоритети,**
- **водење на локална економска политика,**
- **поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво,**

**и во тој контекст, учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство.**

**Досега општина Ѓорче Петров има изработено и имплементирано две Стратегиски планови за развој, и тоа за периодите 2007-2012 и 2012-2018 година. Со споменатите стратешки планови беа предвидени голем број проекти и активности, од кои, одреден број беа успешно имплементирани. Реализацијата на проектите придонесе општина Ѓорче Петров да забележи одреден развој во сите сфери на нејзиното работење. Овој документ прави пресек на досега преземените активности за планирање на локалниот развој во Општината и дава преглед на најважните делови на тој процес. Врз основа на овие активности се согледуваат можните насоки за идниот стратегиски документ на Општината за периодот 2022-2027 година.**

**Носител на процесот на изработка и донесување на документот е градоначалникот Александар Стојкоски. Секторот за развој ќе ја координира постапката за подготовка на документот. Не се предвидува користење надворешна експертска поддршка на процесот - консултанти.**

**Локалната економија во општина Ѓорче Петров се карактеризира со присуство на различни видови претпријатиа и по големина и по типот на стопанските гранки на кои припаѓаат. Карактеристично е што на територијата работат поголем број претпријатија кои се занимаваат со производство, но и претпријатија кои нудат услуги. Позначајни компании на територијата на општина Ѓорче Петров од градежната индустрија: АД Адинг Скопје, Погоните на АД Маврово, АД Бетон, АД Карпош, од хемиско-фармацевстката индустрија: АД Фармахем, АД Галафарм, АД Алкалоид, АД Лафома, Техносол и други претпријатиа, од текстилната индустрија: Ажур, Велурфлок, Даматекс, Обнова, Марди и други, и од Прехрамбената индустрија: ТП Специјал, МИС Глобус, Дрога Колинска.**

**Бројот на микро претпријатија на територијата на Општината е најголем. Истиот варира од година во година. Малите и средни претпријатија се најчесто од прехрамбениот сектор пекари, потоа разни видови на услужни и занаетчиски дејности како и претпријатија кои се занимаваат со трговија. На територијата на општина Ѓорче Петров се наоѓаат подружници на сите поголеми банки и ланци на супер маркети. Атрактивноста на Општината, како и поволната клима во однос на градот заради близината нареката Вардар, направиле оваа Општина да биде атрактивна за изградба на приватни болници.**

**Бројот на квалификуван кадар расте, но степенот на невработенсот го следи националниот тренд поради што невработеноста е голема. Што се однесува до руралните средини важно е да се напомене дека населението главно се занимава со земјоделство. Околу 1800 членови на домаќинствата на територијата на општината се занимаaат со земјоделска дејност. И покрај карактеристиките на руралните подрачја поголем дел од населението дневно мигира и работи во урбаниот дел како и на територијата на Градот Скопје.**

**Имајќи го во предвид претходно кажаното, а со цел да се обезедат услови за исполнување на овие надлежности е изработена оваа Програма за локален економски развој на општина Ѓорче Петров за 2022 година.**

**Програмата содржи цели на програмата, проекти и активности со утврдена буџетска и временска рамка за реализација во 2022 година, а се базира на идентификувани потреби и структура на потенцијал за локален економски развој.**

**6. Цели на програмата**

**Ошта цел на програмата за Локален економски развој на општина Ѓорче Петров за 2022 година е зајакнување на соработката на бизнис заедницата и НВО со општината во насока на обезбедување подршка и услови за развој на бизнисите во општината.**

**Специфични цели кои се планира да се остварат со реализација на програмата за Локален економски развој на општина Ѓорче Петров за 2022 година, се:**

- **Зголемување на бројот на ново отворени компании,**
- **Намалување на невработеноста во општината,**
- **Подобрување на инфраструктура за поддршка на бизнисите,**
- **Обезбедување информации за развој на бизнисот,**
- **Подобрување на процедурите за водење на бизнис,**
- **Обезбедување обука и експертиза за бизнисот,**
- **Подршка на руралниот и развој во општината,**
- **Подршка во политиките за локално оданочување.**
- **Поддршка на регионалниот развој / локалното учество во регионалниот развој/поставување приоритети/проекти за регионален развој**

**Вака поставените цели се утврдени на основа на потенцијалот за развој кој постои во општината, бизнис инфраструктурата, потенцијалот за јакнење на партнерството со бизнис заедницата, можностите за искористување иновативниот дух кај малите и микро компании, потенцијалот и визибилност на туристичките потенцијали и руралниот развој.**

**7. Проекти и активности**

**Врз основа на потребите се утврдени проектите и активностите на програмата за Локален економски развој на подрачјето на општина Ѓорче Петров за 2022 година.**

**Изработка на Стратегија за ЛЕР е првиот чекор во редоследните активности кои треба да се направат за да започне процесот унапредување и зајакнување на соработката со бизнис заедницата и НВО со општината во насока на обезбедување подршка и услови за развој на локалната економија во општината. Овој документ треба да претставува средство за комуникација со граѓаните, со домашната и странската јавност како и да биде добра основа за мобилизирање на луѓе, надворешна поддршка и финансиски средства за остварување на зацртаните стратешки цели.**

**8. План за спроведување на програмата**

| Бр. | Име на проект/активност | Носител | Период на реализација 2021 | Проценет буџет |
|---|---|---|---|---|
| 11. | Изработка на Стратегија за ЛЕР за период 2022-2027 | Сектор за економски одржлив развој | Јануари-Март | / |
| 12. | БИЗНИС КЛУБ НА ОЃП – Вмрежување со бизнис клубови од регионот | Сектор за економски одржлив развој | Тековно | 0,00 |
| 13. | Креирање на регистар за МСП и НВО во општината | Сектор за економски одржлив развој, одд. за инспекциски надзор | Јануари-Март | 0,00 |
| 14. | Изработка на Физибилити студија за ЈПП за месни и урбани заедници | Сектор за економски одржлив развој | Март-Сепетември | 0,00 |
| 15. | Изработка на водич: “Инвестицискиот потенцијал на ОЃП” со следните содржини: Тарифи на комунални такси, даночен систем на РМ, научен потенцијал, инфраструктурни услуги, градежно неизградено земјиште како можност за инвестирање и негово инкорпорирање на постоечката општинска WEB-страна | Сектор за економски одржлив развој | Јануари-Март | / |
| 16. | Информативни денови за остварување соработка со НВО | Сектор за економски одржлив развој | Јануари-Февруари и тековна соработка | / |
| 17. | Обуки и работилници за искористување на средтсва од ИПАРД програма | Сектор за економски одржлив развој | Февруари - Сепетември | / |
| 18. | Остварување Меѓуопштинска соработка како организирана форма за настап/аплицирање пред домашни и | | | 0,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **меѓународни институции во однос на заеднички општински проблеми / прашања Изработка на Апликација за паметните телефони која ќе има можност секој жител на овие две општини да ја симне бесплатно од Play Store или apple store , да ја слика дивата депонија или отпадот кој е во непосредна близина на граѓанинот и директно да ја прати во базата на општината;** | | | |
| **19.** | **Проект за давање услуга-помош и нега во домот на стари лица над 65 години во соработка со Црвен Крст/МТСП и Светска Банка Развојна компонента: Вработување на најмногу 20-корисници невработени лица од територијата на општина Ѓорче Петров како потенцијални даватели на социјалната услугата-нега на најмногу 60 стари лица.** | **Сектор за економски одржлив развој Одделение за социјална работа и грижа** | **Април-Мај почеток - тековно по воспоставување на услугата** | **/** |
| **20** | **Средства за кофинансирање-сопствено учество при аплицирање за средства во Претпристапните програми на ЕУ, Меѓународни и домашни институции** | **Сектор за економски одржлив развој** | **Тековно** | **6.150.000** |
| | | | **ВКУПНО:** | **6,150,000.00** |

**9. Преодни и завршни одредби**

**Надлежен за реализација на оваа Програма со сите Под-Програми е градоначалникот и Секторот за економски одржлив развој.**

**Градоначалникот се овластува да може да определува приоритети при реализирање на оваа Програма и Под-програмите содржани во истата.**

**Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров.**

**Број 08-2326/27**
**Од 30.12.2021 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиштево сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Ѓорче Петров**

**Се објавува Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиштево сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Ѓорче Петров, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Шесттата седница на советот, одржана на ден 30.12.2021 година.**

**Број 09-2410/26**
**од 31.12.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

# ПРОГРАМА
**за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Ѓорче Петров**

**Скопје, Декември 2021 година**

**Врз основа на член 22 став 1 точка 1, член 36 и член 62 од Законот локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр 5/2002), член 99 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19), член 16 став 1 точка 16 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), советот на општина на 6-тата на седницата одржана на ден 30.12.2021 година, донесе:**

# П Р О Г Р А М А
## за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Ѓорче Петров

**Вовед**

- Општ дел
- Просторен опфат и предмет на Програмата
- Основи за изработка на Програмата
  - Законски основ
  - Основни плански документи
- Лица вклучени во изработка на Програмата

**Глави на Програмата**

**1. Цели на Програмата**

- Општи цели на Програмата
- Конкретни цели на Програмата по урбани блокови, локалитети и населени места

**2. Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по урбанистички план)**

- Листа на градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тие урбани блокови, локалитети и населени места,
- Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тие урбани блокови, локалитети и населени места,
- Детален преглед на градежни парцели (групирани по предвидена активност)

а. Градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно надавање
б. Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под долготраен закуп по пат на јавно надавање

**3. Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма**

- Дефинирање на целна група за оделни групи на градежни парцели
- Дефинирање на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали
- Дефинирање на опфатот и трошоците поврзани со имплементација на маркетинг стратегијата

Дефинирање на временската рамка за имплементација на маркетинг стратегијата

- Лица задолжени за имплементација на маркетинг стратегијата

**4. Динамика на реализација на Програмата**

- Број на турнуси за објавување на оглас, временски период за објавување на огласите и распределба на градежните парцели по турнуси
- Пропишување на условите за надавање
- Лица надлежни за реализација на Програмата
-

**5. Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата (приходна страна на Програмата)**

**6. Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата (расходна страна на Програмата)**

**7. Преодни и завршни одредби**

<u>**Содржини и теми во Програмата**</u>

**ВОВЕД**

***Општ дел***

Со донесување на новиот Закон за градежно земјиште („Службен весник на РМ“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19 ), градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Северна Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, домашни и странски правни и физички лица.

Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски. Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето. Одлука за стекнување на сопственост на градежното земјиште за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје донесува Советот.

Сопственоста на општините им ги овозможува следните права: на градење, користење, пренесување на правото на градење на други лица и отуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија управува Владата на Република Македонија.

Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење Владата на Република Северна Македонија може да го пренесе на општините.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за Република Северна Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено и неуредено. Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот во граници на градежната парцела.

Уредено градежно земјиште е земјиште опремено со комунална инфраструктура, додека неуредено е земјиште на кое нема изграедно комунална инфраструктура.

Градежно земјиште е земјиште кое е планирано со урбанистички план или урбанистичка планска документација.

Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план или урбанистичка планска документација и може да се состои од една, од дел или од повеќе катастарски парцели.

Објект од траен карактер е објект изграден со документација (одобрение) и заведен во јавните книги за недвижности.

Објект од времен карактер е објект поставен со одобрение за поставување до реализација на урбанистички план или урбанистичка документација. Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Инфраструктурен објект е подземна или надземна градба за инсталации од комуналната инфраструктура.

Прометот со градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија може да се отуѓи, даде на користење (концесија или јавно приватно партнерство), даде под долготраен и краткотраен закуп, разменува или да се востановат други стварни права.

**А) Просторен опфат и предмет на Програмата**

Предмет на Програмата е менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија што се наоѓа на територијата на Општина Ѓорче Петров, дефинирана според територијалната организација на Република Македонија, за време на една година, а врз основа на донесените урбанистички планови од страна на Совет на општина Ѓорче Петров, врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење.

Во текот на годишната Програмата се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на териториите на следните урбани блокови: КО Ѓорче Петров 6 и КО Ѓорче Петров 2 согласно следните урбанистички планови и урбанистички плански документации.

| | |
|---|---|
| **1** | **ДУП за градска четврт СЗ 13– Г.П. 4.084**<br>**Одлука 08-2173/3 од 09.12.2021 година** |
| **2.** | **ДУП за градска четврт СЗ 13– Г.П. 4.092**<br>**Одлука 08-2173/3 од 09.12.2021 година** |
| **3.** | **ДУП за зона мало стопанство - Г.П. 2.21**<br>**Одлука 07-3224/4 од 23.12.2008 година** |
| **4.** | **ДУП за зона мало стопанство - Г.П. 2.22**<br>**Одлука 07-3224/4 од 23.12.2008 година** |

**Б) Основи за изработка на Програмата**

- **Законски основ**

Законски основ на програмата за управување со градежното земјиште се: Закон за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ 5/02), Закон за градежно земјиште („Службен весник на РМ“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19 ), и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на општина Ѓорче Петров („Службен гласник на општина Ѓорче Петров“ бр.4/06).

**В) Лица вклучени во изработка на Програмата**

- Вработени лица од соодветни сектори во ОЃП, Комисија за спроведување на постапки за јавно надавање и надворешни стручни лица.

**ГЛАВИ НА ПРОГРАМАТА**

**1.Цели на Програмата**

- **Општи цели на Програмата**
  - Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината, преку креирање на просторни услови за развој на ОЃП.
- **Конкретни цели на Програмата по урбани блокови, локалитети и населени места,**
  - Понуда на просторни услови за развој на станбено - резидентни, образовни, деловни, индустриски, рекреативно – спортски градби, како и градби за развој на културата и уметноста;
  - Развој на локалните места и локалитети преку подобрување на квалитетот на живот на населението;
  - Потикнување и привлекување на домашни и странски инвестиции;
  - Динамизирање на економската активност преку искористување на локалните ресурси;
  - Создавање на претпоставки и предуслови за отварање на нови работни места.

**2. Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по населено место и урбанистички план)**

**• Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место/локалитет, идентификувани со број на градежните парцели.**

Графички прилог со обележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место/локалитет, идентификувани со број на градежните парцели.

**Табела 1. Основни податоци за градежни парцели**

| Р.Бр. | Градежни парцели | Намена | Урбан блок, локалитет, населено место | Назив на план | Број на гр. парцел |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Г.П. 4.084 | А1 | Блок 4 | ДУП за градска четврт СЗ 13 | 1 |
| 2. | Г.П. 4.092 | А1 | Блок 4 | ДУП за градска четврт СЗ 13 | 1 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3. | Г.П. 2.21 | Г3 | Блок 2 | ДУП за зона мало стопанство | 1 |
| 4. | Г.П. 2.22 | Г3 | Блок 2 | ДУП за зона мало стопанство | 1 |

## А1. Податоци за градежни парцели (ГП) што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно надавање - ДУП за градска четврт СЗ 13

### 1. Градежна парцела Бр. ГП – 4.084, ДУП за градска четврт СЗ 13

| Бр. На ГП | Површина ГП | Површина под градба | Процент на изграденост | Вкупна развиена површина | Коефициент на искористеност | Намена на замјиште | Компатибилна намена | Макс.дозволен % на комп.намени | Максимална висина на градба / бр. | Макс .дозволена висина | Почетна единечна цена | Вкупна почетна цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | $m^2$ | $m^2$ | % | $m^2$ | k | | | % | | $m^2$ | ден./ $m^2$ | денари |
| 4.084 | 841 | 216 | 25,68 | 648 | 0,77 | А1 | Б1, В1, В2 и Д3 | 30% | П+1+Пк | 7,20 | 61 | 51.301 |

Графички прилог:



## 2. Градежна парцела Бр. ГП – 4.092, ДУП за градска четврт СЗ 13

| Бр. На ГП | Површина на ГП | Површина под градба | Процент на изграденост | Вкупна развиена површина | Коефициент на искористеност | Намена на замјиште | Компатибилна намена | Макс.дозволен % на комп.намени | Максимална висина на градба / бр. | Макс.дозволена висина | Почетна единечна цена | Вкупна почетна цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | $m^2$ | $m^2$ | % | $m^2$ | k | | | % | | $m^2$ | ден./ $m^2$ | денари |
| 4.092 | 646 | 231 | 35,78 | 925 | 1.43 | А1 | Б1, В1, В2 и Д3 | 30 | П+2+Пк | 10,20 | 61 | 39.406 |

Графички прилог:




## А2. Податоци за градежни парцели (ГП) што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно надавање - ДУП за зона мало стопанство

### 1. Градежна парцела Бр. ГП – 2.21, ДУП за зона мало стопанство

| Бр. На ГП | Површина на ГП | Површина под градба | Процент на изграденост | Вкупна развиена површина | Коефициент на искористеност | Намена на замјиште | Компатибилна намена | Макс.дозволен % на комп.намени | Максимална висина на градба / бр. | Макс.дозволена висина | Почетна единечна цена | Вкупна почетна цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | $m^2$ | $m^2$ | % | $m^2$ | k | | | % | | $m^2$ | ден./ $m^2$ | денари |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.21 | 2976 | 2036 | / | 4072 | / | Г3 | Г2, Г4 до 30% Д1 до 10-15% | 30% 10-15% | П+1 | 8,0 | 61 | 181.536 |

**Графички прилог:**



## 2. **Градежна парцела Бр. ГП – 2.22, ДУП за зона мало стопанство**

| Бр. На ГП | Површи на ГП | Површина под градба | Процент на изграденост | Вкупна развиена површина | Коефициент на искористеност | Намена на земјиште | Компатибилна намена | Макс.дозволен % на комп.н | Максималната висина на градба | Макс.дозволена виси | Почетна единечна цена | Вкупна почетна цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | $m^2$ | $m^2$ | % | $m^2$ | k | | | % | | $m^2$ | ден./ $m^2$ | денари |
| 2.22 | 4319 | 3009 | / | 6018 | / | Г3 | Г2, Г4 до 30%<br>Д1 до 10-15% | 30%<br>10-15% | П+1 | 8,0 | 61 | 263.459 |

**Графички прилог:**




- **Детален преглед на градежни парцели (по населено место и по урбанистички план)**

  - **Градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно надавање;**
  - **Градежни парцели што ќе бидат на давање под закуп (долготраен или краткотраен закуп) по пат на јавно наддавање;**
  - **Градежни парцели што ќе бидат користење на градежноземјиште со цел доделување на концесија или јавно приватно партнерство.**

**Висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија се утврдува според „Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување, давање под закуп и за засновање на право на стварна службеност", Службен весник на РМ, бр. 190 од 25.12.2017 година).**

**НАПОМЕНА – Цените во табеларниот преглед по поединечните градежни парцели се однесуваат на отуѓување по пат на јавно наддавање.**

**По исклучок, доколку има потреба, освен постапка за отуѓување по пат на јавно надавање, за некои градежни парцели врз основа на иницијативи од заинтересирани правни и физички лица бидат давани под закуп (долготраен или краткотраен закуп) по пат на јавно наддавање, може да се спроведе и постапка за користење на градежно земјиште со цел доделување на концесија или јавно приватно партнерство во согласност со Законот за градежно земјиште и друг закон.**

## 3. Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма

- **Дефинирање на целни групи за оделни групи на градежни парцели**

- Целна група за наменска зона А1 – домување во станбени куќи: млади брачни парови, граѓани со помала куповна моќ, граѓани со субстандардни услови за живеење.
- Целна група за наменска зона А2 – домување во станбени згради: млади брачни парови, граѓани со помала куповна моќ, граѓани со субстандардни услови за живеење и слично,
- Целна група за наменска зона А4 – времено сместување: Домашни и странски инвеститори за изградба сите видови хотели, пансиони, преноќишта, освен големи хотелски комплекси со повеќе придружни намени,
- Целна група за наменска зона Б1 – мали комерцијални и деловни намени: Домашни и странски инвеститори за изградба на објекти во кои спаѓаат и услужни и угостителски дејности кои се изведуваат во дуќани (за продажба и излагање, поправка на лични предмети, храна, предмети за домаќинство, ресторани, кафулиња, слаткарници, банки, пошта, аптеки, мали ординации, козметички салони, итн.)
- Целна група за наменска зона Б2 – големи трговски единици : Домашни и странски инвеститори за изградба на објекти во кои се обавуваат сите вудови на трговија на мало, која се стварува во самостојни градби или во значителни делови од градби, како што се трговски центри, стоковни куќи, големи специјализирани продавници, супермаркети, затворени пазаришта и пазари на отворено.
- Целна група за наменска зона Б6 – градби за собири : Домашни и странски инвеститори за изградба на градби за собири, како што се стадиони, игралишта, ресторани и слично,
- Целна група за наменска зона Е2 – комунална супраструктура : Домашни и странски инвеститори за изградба на нова катна гаража и слично.
- Целна група за наменска зона Д3 – спорт и рекреација: Домашни и странски инвеститори за изградба на објекти за спорт и рекреација и сите жители на општина Ѓорче Петров.
- Целна група за наменска зона В2 – здравство и социјална заштита: Домашни и странски инвеститори за изградба на објекти од здравствена и социјална намена, како детски градинки, домови за стари лица итн.
- Целна група за наменска зона В3 – дом на култура: Домашни и странски инвеститори за изградба на објекти за културни настани, како дом на култура, театар итн.

- Целна група за наменска зона А3 – групно домување: Домашни и странски инвеститори за изградба сите видови старски домови со повеќе придружни намени,
- Целна група за наменска зона Е3 – комунална супраструктура- гасна станица: Домашни и странски инвеститори за изградба инфраструктурни објекти со повеќе придружни намени,
- Целна група за наменска зона Г1 – тешка и загадувачка индустрија: Домашни и странски инвеститори за изградба на објекти од тешка и загадувачка индустрија,
- Целна група за наменска зона Г2, Г3, Г4 – лесна и неазагадувачка индустрија, дистрибуција, сервиси: Домашни и странски инвеститори за изградба на објекти од лесна и неазагадувачка индустрија, дистрибуција, сервиси.

- **Дефинирање на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали:**

**Градењето на маркетинг стратегија е важен процес во фазата на подготовка на активностите за управување со градежното земјиште и од него зависи успешноста на процесот. Сегемнтацијата на пазарот на потенцијални купувачи е направена од аспект на тоа дали се продава или издава под закуп земјиштето. Врз основа на ова се дефинирани и класифицирани одделните потенцијални заинтересирани правни и физички лица да влезат во процесот заедно со општинат во спроведување на постапка. Анимирањето на саинтересираните страни од страна на општината се прави на повеќе начини на еден јавен и транспарентен начин со спроведување на постапките кои ги бара законот со објавување на парцелите со цел запознавање на потенцијалните инвеститори, но и нивно дирекно и индирекно запознавање со процесот.**

**Определувањето на маркетинг стратегијата започнува со дефинирање односно претпоставување на заинтереси – раните страни за купување на одредени делови од град.**

**Земјиште. Заинтересираните страни се всушност потенцијалните купувачи на земјиштето и идни инвеститори и претставуваат целна групата на активностите од маркетинг стратегијата.**

**Со оглед на различната намена и местоположба на градежното земјиште што ќе биде понудено, логично е целните групи за одделни локации да бидат различни.**

**Следен чекор е идентификување на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали за комуницирање/промовирање на понудата до заинтересираните страни.**

**Маркетинг пристапот, алатките и каналите за комуницирање/промовирање се лимитирани од повеќе аспекти, но главно од финансиската моќ на општината. Како и да е, маркетинг стратегијата мора да обезбеди испраќање на вистинска, навремена и прецизна информација на вистинска адреса.**

**Согласно соодветно утврдената категоризација по категории во генералниот урбанистички план и деталните урабанистички планови на соодветен начин се дефинираат и утврдени целните групи за одделни градежни парцели и согласно нивниот интерес.**

Врз основа на можностите кои ги имаме како општина како насоодветни начини преку кој општината може да направи добар маркетинг е да ги организра следниве активности и тоа:
-организирање на форуми,
-собири на граѓани,
-рекламни спотови,
-веб сајт информации и др.

Надградба и проширување на веб страната на општина Ѓорче Петров, интерактивна ВЕБ страница: www.gradezno-zemjiste.mk, интернет бизнис портали, подготовка и дистрибуција на промотивен материјал, презентирање и лобирање на општината, медиумско презентирање на економските потенцијали и ресурси на општина, одржување на Форуми за локален економски развој, подготовка на студии за можности за инвестирање, општинскиот весник, презентација на локацискиот потенцијал во 3Д анимација, и слично.

На овој начин се смета дека општината ќе успее да анимира и информира голем број на потенцијални учесници на електронските аукции кој ќе ги спроведуваме со што ќе ја зголемеме конкурентноста, а со тоа и директната финансиска и економска корист на општината од самиот процес.

Во зависност од тоа која активност ќе се спроведува за да се организира добар маркетинг зависат и трошоците, но сепак многу е тешко прецизно да се пресмета вкупниот износ, но сепак во согласност со скромните финансиски можности на општината ќе ги користи оние кои не се со големи трошоци.

Станандардните модели на информирање собири на граѓани, форуми ќе се реализраат од страна на вработените во општината, ќе се користи логистика и простор на нивно одржување кое е на располагање на општинатѕа и сл. со што се прават напори овој трошок за спроведување на активности во делот на маркетингот нема да преставуваат големи финансиски издатоци за општината, освен објавувањето во дневните весници и сл. она што го бара законот во самата постапка.

Имплементацијата на маркетинг стратегијата ќе се врши континуирано се до реализација на Програмата. Имено процесот ќе биде континуиран бидејќи се планира во интензитет да се прават електронски аукции со цел да се реалзираат поголем број на инвестициони активности од страна на приватниот сектор односно потенцијалните инвеститори.

- **Опфат и трошоците поврзани со имплементација на маркетинг стратегијата** o Трошоци и финансиски средства потребни за промоција и презентација на Програмата – 900.000,00 денари.

- **Временската рамка за имплементација на маркетинг стратегијата** o Во текот на втор и трет квартал од 2022 година.

- **Лица задолжени за имплементација на маркетинг стратегијата**

Лица кои ќе бидат задолжени за спроведување на маркетинг стратегијата се Комисијата со сите свои членови и администрацијата од областа на урбанизмот .

Определувањето на маркетинг стратегијата започнува со дефинирање/претпоставување на заинтересираните страни за купување/изнајмување на одредени делови од градежното земјиште. Заинтересираните страни се всушност потенцијалните купувачи/изнајмувачи на

земјиштето и идни инвеститори, односно претставуваат целна групата на активностите од маркетинг стратегијата.

Со оглед на различната намена и местоположба на градежното земјиште што ќе биде понудено, логично е целните групи за одделни локации да бидат различни. Следен чекор е идентификување на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали за комуницирање/промовирање на понудата до заинтересираните страни. Маркетинг пристапот, алатките и каналите за комуницирање/промовирање се лимитирани од повеќе аспекти, но главно од финансиската моќ на општината. Како и да е, маркетинг стратегијата мора да обезбеди испраќање на вистинска, навремена и прецизна информација на вистинска адреса.

**4. Динамика на реализација на Програмата**

- Градежни парцели кои што се предмет на јавна објава, ќе бидат објавени во турнуси или поединечно, согласно можностите и условите поврзани со донесувањето на урбанистичките планови и расчистувањето на имотно – правните односи и друго.

- **Пропишување на условите за надавање**

  **Се пропишуваат/определуваат следните параметри:**
  **- висината на депозитот за учество,**
  **- интернет страница на кое ќе се врши наддавањето - www.gradezno-zemjiste.mk**
  **- одредување на условите за учество,**
  **- годишен обрт на средства за правни лица,**
  **- пропишување на други обврски и се наведуваат останати релевантни информации во врска со надавањето.**

- **Надлежни за реализацијата на Програмата**

**Надлежност за спроведување на постапките за отуѓување или давање под закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија има Комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање која е формирана од страна на Градоначалникот на општина Ѓорче Петров согласно Законот за градежно земјиште.**

**Комисијата брои 7 члена, а четири лица имаат овластување кој е потребен услов на водење на постапка, а комисија е составена од лица кои имаат овластувања и се состои од претседател, членови и претставник од Град Скопје, како и:**

**- раководители на сектори, административни работници од сектор за урбанизам и градежно земјиште, и**

**- Надворешни стручни лица.**

**5. Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата**

Проценката на финансиските приходи се прави кумулативно за секое населено место/ДУП одделно, според просечната пазарна цена за метар квадратен градежно земјиште по зони и е прикажано во табела 5.

**Табела 5. Проценка на финансиските приливи по ДУП**

| Бр. | ДУП | Број на ГП по локалитет | Проценка на финансиски приходи (во денари) |
|---|---|---|---|
| 1 | ДУП СЗ 13 | Г.П. 4.084 | 51.301 |
| 2 | ДУП СЗ 13 | Г.П. 4.092 | 39.406 |
| 3 | ДУП мало стопанство | Г.П. 2.21 | 181.536 |
| 4 | ДУП мало стопанство | Г.П.2.22 | 263.459 |
| ВКУПНО | | | 535.702,00 |

## 6.Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата

| Бр. | Вид на трошоци | Проценка на износ на трошоци (во денари) |
|---|---|---|
| 1 | Трошоци по основ на администрирање на постапки за | 0,00 |
| 2 | Трошоци по основ на експропријација; | 0,00 |
| 3 | Трошоци по основ на купување на | 0,00 |
| 4 | Трошоци за промовирање, односно рекламирање на градежни локации | 0,00 |
| ВКУПНО: | | 0,00 |

## 7. Преодни и завршни одредби

**Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка иста по која и се донесува, а надлежен за реализација на оваа Програма е градоначалникот и Секторот за економски одржлив развој.**

**Градоначалникот се овластува да може да определува приоритети при реализирање на оваа Програма.**

**Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров.**

**Број 08-2326/28** **Совет на општина Ѓорче Петров**
**Од 30.12.2021 година** **Претседател,**
**Скопје** **Ленче Нелоска с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за земјоделие на општина Ѓорче Петров за 2022 година**

**Се објавува Програмата земјоделие на општина Ѓорче Петров за 2022 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Шесттата седница на советот, одржана на ден 30.12.2021 година.**

**Број 09-2410/27**
**од 31.12.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

# ПРОГРАМА
**за активностите на општина Ѓорче Петров од областа на земјоделието (земјоделско земјиште) за 2022 година**

**Скопје, Декември 2021 година**

**Врз основа на член 22 став 1 точка 13, член 36 и член 62 од Законот локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр 5/2002), член 16 став 1 точка 16 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), советот на општина на 6-тата на седницата одржана на ден 30.12.2021 година, донесе:**

# П Р О Г Р А М А
## за активностите на општина Ѓорче Петров од областа на земјоделието (земјоделско земјиште) за 2022 година

### 1. Воведни напомени

**Контролата на каналите за наводнување и одводнување, нивно навремено чистење и обезбедување на доволен доток на вода за време на пролетна и есенска сеидба изработка на регистер на земјоделско земјиште како и број на земјоделски стопанства во општина Ѓорче Петров, враќање на земјоделскот дух кај населението, анализа на почвата и водата за наводнување, организирање на настани со цел запознавање на населението на општината со производителите на земјоделски култури/ винарии во општината, едуцирање на земјоделците, приближување на програмите за финансиска поддршка во земјоделието, субвенции и сл.**

### 2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

- **Едуцирање на земјоделците за подобра, поквалитетна и поздрава храна**
- **Добивање на поголеми приходи**
- **Правилно искористување на природните ресурси**
- **Еко туризам**
- **Засадување на шумски дрвја**

### 3. ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

1. **Одржување и редовно чистење на каналите за наводнување и одводнување како и санација на оштетените текови на каналите**
2. **Изработка на земјоделски регистар за општина Ѓорче Петров**
3. **Изработка на предлог проекти од областа на земјоделието**

4. **Едукација на земјоделското население преку одржување на трибини/предавања**
5. **Организирање на настани на кои свое претставување ќе имаат земјоделските стопанства од територијата на општина Ѓорче Петров**

## 4. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

| Бр. | Име на проект/активност | Носител | Период на реализација 2022 | Проценет буџет |
|---|---|---|---|---|
| 21. | Одржување и редовно чистење на каналите за наводнување и одводнување | Сектор за економски одржлив развој | Тековно | 2,000,000.00 |
| 22. | Изработка на земјоделски регистар за општина Ѓорче Петров | Сектор за економски одржлив развој | Март-Мај | 0,00 |
| 23. | Изработка на предлог проекти од областа на земјоделието | Сектор за економски одржлив развој | Тековно | 0,00 |
| 24. | Едукација на земјоделците преку одржување на трибини/предавања | Сектор за економски одржлив развој | Тековно | 0,00 |
| 25. | Организирање на настани за земјоделците на кои ќе присуствуваат овластени верификациски тела за контрола | Сектор за економски одржлив развој | Тековно | 0,00 |
| 26. | Организирање на настани на кои свое претставување ќе имаат земјоделските стопанства од територијата на општина Ѓорче Петров | Сектор за економски одржлив развој во соработка | Тековно | 300,000.00 |
| 27. | Засадување на шумски дрвја | Сектор за економски одржлив развој | Февруари-Мај | 1,000,000.00 |
| | | | Вкупно: | 3,300,000.00 |

**5. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Надлежен за реализација на оваа Програма со сите Под-програми е градоначалникот и Секторот за економски одржлив развој.**

**Градоначалникот се овластува да може да определува приоритети при реализирање на оваа Програма.**

**Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров.**

**Број 08-2326/29**
**Од 30.12.2021 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за дезинфекција, дезинсекција и дератизација на општина Ѓорче Петров за 2022 година**

**Се објавува Програмата за дезинфекција, дезинсекција и дератизација на општина Ѓорче Петров за 2022 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Шесттата седница на советот, одржана на ден 30.12.2021 година.**

**Број 09-2410/28**
**од 31.12.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

# ПРОГРАМА
## за дезинфекција, дезинсекција и дератизација на општина Ѓорче Петров за 2022 година

**Скопје, Декември 2021 година**

**Врз основа на член 36 и член 62 од Законот локална самоуправа (Службен весник на Р.М. бр. 5/2002), и член 16 став 1 точка 16 од Статутот на општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), советот на општина на 6-тата на седницата одржана на ден 30.12.2021 година ја донесе следната:**

# ПРОГРАМА
## за дезинфекција, дезинсекција и дератизација на општина Ѓорче Петров за 2022 година

### I.ВОВЕД

**Интегрираното спречување и сузбивање на заразните болести предизвикани од микроорганизми и штетници е збир на механички, физички, биолошки и хемиски мерки и постапки.**

**Тоа се превентивни и куративни мерки кои се преземаат со цел, сузбивање или намаливање на популацијата најмалку до прагот на штетност, запирање на растот и размножувањето, уништување на постоечката популација на штетници до биолошкиот минимум, односно влегување и задржување на штетниците на површината во просторот или објектот.**

**Тоа се однесува на организми кои ги пренесуваат причинителите на заразни болести,паразитираат на човечкото тело,причинители се на алергиски реакции,делуваат токсично и предизвикуваат болести.**

### II. ЦЕЛИ

**Заради заштита на населението во општина Ѓорче Петров од преносители на заразни болести и штетници, потребно е преземање соодветни мерки и во текот на 2022 година. Со планираните активности според оваа програма, ќе се зачува животната средина и здравјето на луѓето и подобри севкупниот амбиент во општина Ѓорче Петров.**

### III.АКТИВНОСТИ

**Во 2022 година, за спречување на појави од заразни болести предизвикани од микроорганизми, инсекти и штетници, општина Ѓорче Петров ќе ги преземе следните активности:**

| | Меркииактивности | Местоилокација | Планирани Средства |
|---|---|---|---|
| 1 | Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | 1.Основниучилишта,детскиградинки,јавниопштински установиидр.објекти.<br>2.Дезинсекцијапротивглодатрина целата територија што ја опфаќа општинаЃорче Петров – третирање на 2500 шахти. | 900.000,00 |
| | Вкупно денари: 900.000,00 | | |

**IV.ФИНАНСИРАЊЕ**

**Активностите утврдени сооваaПрограма ќе се реализираат сосредства од Буџетот наопштина Ѓорче Петровза2022 година, од Подпрограмата Ј8-Комунални услуги.**

**V. ЗАВРШНИОДРЕДБИ**

**Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен гласник на општина Ѓорче Петров".**

**Број 08-2326/30**
**Од 30.12.2021 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за усвојување Извештај за реализација на програмата за заштита, спасување и управување со кризи на општина Ѓорче Петров за период од 01.01-30.09.2021 година**

**Се објавува одлуката за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за заштита, спасување и управување со кризи на општина Ѓорче Петров, за период од 01.01-30.09.2021 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Шесттата седница на советот, одржана на ден 30.12.2021 година.**

**Број 09-2410/29**
**од 31.12.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

# ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

# ИЗВЕШТАЈ

**за реализација на Програмата за заштита, спасување и управување со кризи на општина Ѓорче Петров за период од 01.01.2021 до 30.09.2021 година**

**Скопје, Декември 2021 година**

**ИЗВЕШТАЈ**
**за реализација на Програмата за заштита, спасување и управување со кризи на општина Ѓорче Петров за период од 01.01. до 30.09.2021 година**

**За реализирање на Програмата за заштита, спасување и управување со кризи за 2021 година, општината Ѓорче Петров ги превзема низа активности за нејзино остварување.**

**Програмските цели во тековниот период се остваруваа по приоритет, при што предност за реализација имаа оние делови од програмата кои допринесуваа за спречување на настанувањето на природните непогоди и други несреќи на територијата на општината.**

**За остварување на програмските активности, општината ги стави во функција потребните човечки ресурси, материјално-техничките средства и секако расположливите финансиски средства. Со ваквиот приод сметаме дека во основа програмските задачи по оваа Програма се реализирани, со исклучок на некои предвидени активности кои бараа поголема финансиска подршка, а таква подршка општината немаше во овој извештаен период.**

**А. Реализирани програмски активности**

**1.Извршено е ажурирање на процената на загрозеноста од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Ѓорче Петров.**

**2. Усвоен правилник за заштита од пожари**

**Со изготвените документи се поставени потребните основи во заштитата и спасувањето од природни непогоди и други несреќи на ниво на општина, кои во иднина треба да се надградуваат.**

**3.Извршени се потребните сервисирања и одржување на противпожарните апарати кои се набавени за потребите на општинските објекти согласно законските нормативи и истите се распоредени во урбаните и месните заедници, општинскиот објект, центарот на културата, реонскиот парк, повеќенаменските спортски игралишта, стадионите, спортската сала „Христо Батанџиев“, секторот за урбанизам просториите на одд. за легализација и просториите на службата за инспекција.**

**Исправноста и одржувањето се врши од страна на овластена фирма за оваа намена избрана во постапка за јавна набавка ангажирана од општината.**

**За 2021 година, потрошени се 15.221,оо денари, сервисирани се сите противпожарни апарати.**

**4.Редовно се врши пролетна и есенска дератизација на шахтите на територијата на општината од страна на овластена фирма, ангажирана од општината како и**

**дезинфекција на објектите кои се сопственост на општината, основните училишта и детската градинка ЈОУДГ „ Росица“. За 2021 година, потрошени се 514.908,оо денари.**

**4.Осигурувањето на општинските објекти, сите основни и подрачни училишта објектите на ЈОУДГ „Росица“, урбаните и месните заедници, центарот за култура и спортската сала „Христо Батанџиев“, тековно се осигуруваат. За 2021 година, потрошени се 24.500,оо денари**

**5. Зимското одржување на улиците и патиштата на територијата од Општина Ѓорче Петров, тековно се остварува. За 2021 година, потрошени се 4.680.470,оо денари.**

**6. За чистење и одржување на оџаците на општинските објекти, објектите на основните и подрачните основни училишта, објектите на ЈОУДГ „Росица“, потрошени се 186.015,00 денари**

**7. За еднократна финансиска помош на граѓани за штети кои се настанати од природни непогоди и други несреќи во 2020 година се исплатени 402.511,00 денари од конто Совет на општина Ѓорче Петров во 2021 година.**

**Б. Не реализирани програмски активности**

**1.Опремувањето со облека, обувки и средства за работа, за членовите на општинскиот штаб и универзалната единица за заштита и спасување не е целосно реализирано.**

**2.Организирање на обука за вработените во општинската администрација од областа на заштитата и спасувањето, а посебно противпожарната заштита.**

**3.Организирање на предавања за вработените и учениците од Основните училишта и за вработените во ЈОУДГ „ Росица“ од Општината,од областа на заштитата и спасувањето**

- **Противпожарна заштита и**
- **Заштита од земјотреси**

**Изготвување на план за евакуација на вработените**

**4. Сервисирање и одржување на хидрантската опрема во објектите на општината.**

**5.Одржување на громобранските инсталации на сите објекти сопственост на општината**

**Рекапитулар на П Р О Г Р А М А**
**за заштита, спасување и управување со кризи за 2021 година**

| | Краток опис на програмската активноста: | Предвидени средства за реализација на програмската активнос | Реализирани средства за програмската активнос |
|---|---|---|---|
| 1. | Облека и обувки за членовите на општинскиот штаб и универзалната единица за заштита и спасување | 50.000,00 денари | 7.505,00 денари |
| 2. | Организирање на еднодневна обука со припадниците определени во универзалната единица за заштита и спасување | 30.000,00 денари | / |
| 3. | Организирање на предавања за вработените и учениците од Основните училишта и за вработените во ЈОУДГ „ Росица“ од Општината,од областа на заштитата и спасувањето<br>• Противпожарна заштита и<br>• Заштита од земјотреси<br>• Изготвување на план за евакуација на вработените | 40.000,00 денари | / |
| 4. | Редовен сервис и одржување на противпожарните апарати во општината, месните и урбаните заедници. | 120.000,00 денари | 15.221,00 денари |
| 5. | Сервис и одржување на хидрантската опрема во објектите на општината | 50.000,00 денари | / |
| 6. | Редовна дезинфекција и дератизација на општинските објекти ,Основните училишта, објектите на ЈОУДГ „ Росица“ и | 900.000,00 денари | 514.908,00 денари |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | шахтите на територијата на општината | | |
| 7. | Осигурување на општинските објекти ( објектите на општинската администрација,објектите на општинските основни училишта, објектите на детската градинка, урбаните и месните заедници, Центарот за култура и Спортската сала „Христо Батанџиев“ с.Ново Село и магацини. | 250.000,00 денари | 24.500,00 денари |
| 8. | Зимско одржување на сервисните и станбените улици и на локалните патишта на територијата на општината 2020/2021 година | 7.000.000,00 денари | 4.680.470,00 денари |
| 9. | Одржување на громобранските инсталации на сите објекти сопственост на општината | 50.000,00 денари | / |
| 10. | Чистење на оџаците на општинските објекти, објектите на општинските основни и подрачните училишта и објектите на детската градинка, тоа два пати годишно | 295.000,00 денари | 186.015,00 денари |
| Предвидени средства | | 8.785.000,оо денари | |
| Реализирани средства | | 5.831.130,оо денари | |
| Не реализирани средства | | 2.953.870,оо денари | |
| 11. | Еднократна финансиска помош на граѓани за штети кои се настанати од природни непогоди и други несреќи во 2020 година | 800.000,00 денари (посебна буџетска резерва/Совет на општина Ѓорче Петров) | 402.511,00 денари |

Од напред наведеното се гледа дека програмските цели во основа се реализирани, а делот кој не е реализиран е резултат на објективни и финансиски причини.

Извештајот за реализација на Програмата за заштита и спасување на општина Ѓорче Петров за 2021 година, градоначалникот како Предлагач на истиот го доставува до советот на општина Ѓорче Петров на разгледување и усвојување.

Градоначалник
Александар Стојкоски с.р

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за заштита, спасување и управување со кризи на општина Ѓорче Петров за 2022 година**

**Се објавува Програмата за заштита, спасување и управување со кризи на општина Ѓорче Петров за 2022 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Шесттата седница на советот, одржана на ден 30.12.2021 година.**

**Број 09-2410/30**
**од 31.12.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

# П Р О Г Р А М А
**за заштита , спасување и управување со кризи**
**на општина Ѓорче Петров за 2022 година**

**Скопје, Декември 2021 година**

**Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за Локална самоуправа (Службен весник на Р.М. број 5/02), член 34 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Р.М. “ бр.36/04,49/04,86/08,85/09,124/10, 18/11,41/14 и 129/15), член 5 став 2 алинеа 5 од Законот за управување со кризи („Службен весник на Р.М.“ бр..29/05,36/11, 41/1 и 104/15), член 16 став 1 точка 16а од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), советот на општина Ѓорче Петров на 6-тата седница одржана на 30.12..2021 година, донесе:**

# П Р О Г Р А М А
## за заштита , спасување и управување со кризи
## на општина Ѓорче Петров за 2022 година

### I. Вовед

**Заштитата и спасувањето претставува збир на мерки и активности кои се преземаат од страна на субјектите во системот со цел навреме да се откријат и спречат настанувањата и отстранат последиците од настанатите природни непогоди и други несреќи во мир, вонредна и воена состојба.**

**Со планските и програмските мерки, кои се преземаат пред настанувањето на природни непогоди и други несреќи за време на настанувањето, по настанатите непогоди и несреќи се овозможуваат реални услови за заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство.**

**Заштитата и спасувањето е работа од јавен интерес, кој преставува поврзан процес за планирање, програмирање, организирање, раководење, командување, координирање, спроведување, финансирање и надзор за навремена и ефикасна превенција. Истата се засновува на следните основни начела :**

- **Секој има право на заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи**
- **Приоритет имаат животите и здравјето на луѓето**
- **Секој граѓанин е должен да помага во рамките на своите можности**

**Општината и субјектите на својата територија се должни навреме да ги организираат и превземаат превентивните и оперативните мерки за заштита и спасување за време на кризи настанати од елементарни непогоди и друг вид на природни несреќи.**

**Во денешно време се соочуваме со различни предизвици кои директно се поврзани со природни непогоди и другите несреќи кои во основа се непредвидливи и со истите се причинуваат човечки загуби и предизвикуваат материјални штети. Поради тоа неопходно се наметнува потребата од преземање на превентивни мерки во заштитата и спасувањето.**

**Општината Ѓорче Петров согласно Законот за заштита и спасување и Законот за управување со кризи и другите подзаконски акти презема соодветни мерки и активности за заштита на граѓаните и материјалните добра на целата територија од општината, а со предвидените мерки и активности кои се зацртани во оваа Програма се со волја да се направи чекор напред во заштитата, спасувањето и управувањето со**

**кризи, а со цел да се нагласи пред се превентивната улога како предуслов во заштитата на граѓаните и материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство.**

**II. Програмски Активности**

**1. Ажурирање на процената за загрозеноста од природни непогоди и други несреќи на територијата на општината Ѓорче Петров за 2022 година.**

**2. Тековно ажурирање на изготвените плански документи по мерките од планот за заштита и спасување.**

**3. Редовно ажурирање на персоналот вклучен во општинскиот штаб за заштита и спасување и универзалната единица за заштита и спасување.**

**4. Редовен сервис и одржување на противпожарните апарати во објектите сопственост на општината.**

**5.Следење на одржувањето на хидрантската и громобранската опрема во објектите сопственост на општината.**

**6. Чистење на оџаци на општинските објекти, објектите на општинските основни и подрачните училишта и објектите на детската градинка.**

**7. Следење на реализацијата на дезинфекција и дератизација на општинските објекти, Основните училишта, објектите на ЈОУДДГ „ Росица“ и шахтите на територијата на општината.**

**8. Определување и соодветно опремување на просторија за активности на Општинскиот штаб за заштита и спасување.**

**9. Определување на магацински простор за сместување на опрема и средства за работа на Универзалната единица и просторните единици за заштита и спасување.**

| Ред.бр. | Активност | Извор на финансирање | Временска рамка | Проценет буџет /денари/ |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Опремување на просторија за штабот за заштита и спасување<br>-маса со 10 столици<br>-метална каса<br>-компјутер | Буџет на општина Ѓорче Петров | Во текот на годината | -70.000,00 ден.<br>-30.000,00 ден.<br>-20.000,00 ден.<br>Вкупно:120.000,00 ден |
| 2. | Опрема за членовите на општинскиот штаб и универзалната единица за заштита и спасување(униформи и обувки) | Буџет на општина Ѓорче Петров | Реализација во текот на годината согласно годишниот план за јавни набавки | 200.000,00 ден. |
| 3. | Организирање на обука за припадниците на универзалната единица за заштита и спасување | Буџет на општина Ѓорче Петров | Второ тромесечие | 30.000,00 ден. |
| 3. | Организирање на обука за вработените и учениците во ООУ и вработените во ЈОУДГ | Буџет на општина Ѓорче Петров | Прво и второ училишно полугодие | 40.000,00 ден. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **4.** | **Редовен сервис и одржување на противпожарните апарати во објектите сопственост на општината** | **Буџет на општина Ѓорче Петров** | **Реализација во текот на годината согласно годишниот план за јавни набавки** | **120.000,00 ден.** |
| **5.** | **Изготвување на планови за евакуација од објекти во случај на елементарна непогода (ангажирање на стручно лице)** | **Буџет на општина Ѓорче Петров** | **Во текот на годината** | **30.000,00 ден.** |
| | | | | |
| **9.** | **Чистење на оџаци на општинските објекти, објектите на општинските основни и подрачните училишта и објектите на детската градинка** | **Буџет на општина Ѓорче Петров** | **Време за реализација I и II шестомесечие од годината** | **295.000,00** |
| **ВКУПНО:** | | | | **835.000,00** |

**III. Финансирање**

**Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма, во износ од 835.000,оо денари, е предвидено со Буџетот на општината за 2022 година.**

**Дополнителни финансиски средства можат да бидат обезбедени и од спонзорства и донации.**

**За одредени активности кои не се содржани во Програмата, а за кои советот на Општината на предлог на градоначалникот ќе процени дека по својата актуелност се од поширок јавен интерес, за истите ќе бидат предвидени и дополнителни финансиски средства од Буџетот на општината.**

**До советот на Општината по реализацијата на годишната програма се доставува извештај за потрошените финансиски средства за програмските мерки и активности.**

**Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08-2326/32** — **Совет на општина Ѓорче Петров**
**од 30.12.2021 година** — **Претседател,**
**Скопје** — **Ленче Нелоска с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за формирање на Општински штаб за заштита и спасување и управување со кризи**

**Се објавува Одлуката за формирање на Општински штаб за заштита и спасување и управување со кризи, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Шесттата седница на советот, одржана на ден 30.12.2021 година.**

**Број 09-2410/31**
**од 31.12.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**Врз основа на член 15, став 1, точка 9 и став 5, како и член 6 од Законот за Градот Скопје ("Службен весник на Република Македонија" бр.55/04 и 158/11), член 21 и член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија), а во врска со член 4, став 2, член 34, став 1, точка 2 и член 94, став 3 од Законот за заштита и спасување ("Службен весник на Република Македонија" бр.36/04; 49/04; 86/08; 85/09; 124/10; 18/11; 93/12 и 41/14), како и врз основа на Уредбата за видот, големината и организирањето на силите за заштита и спасување ("Службен весник на Република Македонија" бр.12/06), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), советот на општина на 6-тата на седницата одржана на ден 30.12.2021 година ја донесе следната:**

## О Д Л У К А
## за формирање на Општински штаб за заштита, спасување и управување со кризи

**Член 1**

**Се формира Штаб за заштита и спасување на општина Ѓорче Петров во следниот состав:**

**1.Александар Стојкоски -Командант на штабот (Градоначалник на општина Ѓорче Петров)**

**2.Филип Ефтимов – Началник на штабот (Раководител на сектор урбанизам, просторно и урбанистичко планирање)**

**3.Бошко Стојанов - Началник на штабот (Раководител на сектор за нормативно-правни работи, работа со совет и јавни набавки на општина Ѓорче Петров)**

**3.Помошници началници на штабот:**

**- Кире Ристовски – Помошник началник на штабот (Одделение за општи и стручно административни работи, советник за заштита, спасување и управување со кризи)**
**- Тони Пројкоски –Помошник началник (сектор урбанизам)**

**4.Помошен персонал:**

**-Лепа Ѓорѓиевска Јакимовска - Записничар**
**-Ангеле Бошковски – Ракувач со компјутери и средства за врски**
**-Данијел Трајковски – Извршител/возач**
**-Славчо Петров – Извршител/курир**
**-Илија Исакоски - Извршител**
**-Иван Марковски – Извршител**
**-Борче Јованоски – Извршител**
**-Даниел Петковски - Извршител**
**-Звонко Атовски - Извршител**
**-Сашо Јаневски - Извршител**

**Член 2**

**Општинскиот штаб има обврски да ги превземе сите дејства поврзани со заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи, согласно постоечките закони.**

**Член 3**

**Со стапувањето во сила на оваа Одлука, престанува да важи Решението за формирање на штабот за заштита и спасување на општина Ѓорче Петров бр.09-826/1 од 19.03.2020 година.**

**Член 4**

**Одлуката стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08-2326/33** **Совет на општина Ѓорче Петров**
**Од 30.12.2021 година** **Претседател,**
**Скопје** **Ленче Нелоска с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2022 година**

**Се објавува Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2022 година, што советот на општина Ѓорче Петров го донесе на Шесттата седница на советот, одржана на ден 30.12.2021 година.**

**Број 09-2410/32**
**од 31.12.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**Врз основа на член 36 став 1 точка 2 и член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 28 точка 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ( Сл.весник на РМ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18, 244/19 и Сл.весник на РСМ бр.77/21), член 16 став 1 точка 2 од Статутот на општина Ѓорче Петров-пречистен текст (Сл.гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/13) и Статутарните одлуки за измени и дополнувања на Статутот на општина Ѓорче Петров ( Сл.гласник на општина Ѓорче Петров бр.3/19 и 5/21), советот на општина Ѓорче Петров на 6-тата седница одржана на 30.12.2021 година донесе:**

# Б У Џ Е Т
## на општина Ѓорче Петров за 2022 година

**1.Општ дел**

**Член 1**

**Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2022 година се состои од:**

| | | |
|---|---|---|
| **I.** | **Вкупни приходи** | **856.602.113** |
| | **Даночни приходи** | **438.471.302** |
| | **Неданочни приходи** | **124.182.500** |
| | **Капитални приходи** | **27.650.300** |
| | **Приходи од дотации** | **221.221.000** |
| | **Приходи од трансфери** | **26.543.612** |
| | **Приходи од донации** | **18.533.399** |
| **II.** | **Вкупни расходи** | **894.185.634** |
| | **Од утврдени намени** | **892.585.634** |
| | **Расходи од резерви** | **1.600.000** |
| **III.** | **Дефицит** | **-37.583.521** |
| **IV.** | **Финансирање** | **37.583.521** |
| | **Прилив** | **50.583.521** |
| | **Прилив од домашно** | **39.113.745** |
| | **Прилив од странски заеми** | **0** |
| | **Депозити** | **11.469.776** |
| | **Одлив** | **13.000.000** |
| | **Отплата на главница** | **13.000.000** |

**Член 2**

**Приходите на Буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи, а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходи и тоа како што следи:**

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ

## Ниво на: ПОТСТАВКА

| Категорија / Ставка / Потставка | О П И С | Предходен буџет | Б У Џ Е Т 2022 Буџет | Приходи од самофинан. активности | Приходи од дотации | Приходи од донации | Приходи од кредити | Вкупни приходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 914.300.105 | 586.346.647 | 31.331.000 | 230.797.000 | 19.597.242 | 39.113.745 | 907.185.634 |
| **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **462.465.765** | **438.471.302** | **0** | **0** | **0** | **0** | **438.471.302** |
| **711** | **Данок од доход, од добивка и од капитални добивки** | **15.080.000** | **14.530.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **14.530.000** |
| 711111 | Данок на плати на вработени лица кај корисниците и единките корисници на средства од буџетот на рм, единиците на локалната самоуправа и градот скопје и фондовите основани со закон | 3.000.000 | 3.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.000.000 |
| 711112 | Данок на плати на вработени лица во трговски друштва, јавни претпријатија, кај трговци и кај други правни и физички лица што вршат дејност кои не се корисници и единки корисници на буџетот | 8.500.000 | 8.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8.500.000 |
| 711114 | Данок на плати остварени во странство | 200.000 | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150.000 |
| 711133 | Данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност | 3.000.000 | 2.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.500.000 |
| 711139 | Данок на доход на Приходи од занаетчиска дејност според паушално утврден нето приход | 350.000 | 350.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 350.000 |
| 711140 | Камата за ненавремено плаќање на персонален Данок на доход од занаетчиска дејност | 30.000 | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.000 |
| **713** | **Даноци на имот** | **52.600.000** | **64.300.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **64.300.000** |
| 713111 | Данок на имот од физицки лица | 16.500.000 | 16.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 16.000.000 |
| 713112 | Данок на имот по повисока стапка | 500.000 | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 200.000 |
| 713113 | Данок на имот од правни лица | 5.000.000 | 5.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.000.000 |
| 713114 | Данок на имот од физицки лица наплатен по присилен пат | 1.000.000 | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.000.000 |
| 713211 | Данок на наследство и подарок | 3.000.000 | 3.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.500.000 |
| 713311 | Данок на промет на недвижности | 13.000.000 | 19.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 19.000.000 |
| 713312 | Данок на промет на недвижности по повисока стапка | 13.000.000 | 19.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 19.000.000 |
| 713512 | Камата за ненавремено плаќање на Данокот на имот | 600.000 | 600.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 600.000 |
| **717** | **Даноци на специфични услуги** | **394.585.765** | **359.541.302** | **0** | **0** | **0** | **0** | **359.541.302** |
| 717112 | Комунална Такса за истакнување на фирма, односно назив на деловна просторија | 6.000.000 | 5.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.000.000 |
| 717115 | Комунална Такса за користење на улици со патнички, товарни, моторни возила, автобуси, специјални возила и моторцикли, што се плаќа при регистрација на возилата | 3.000.000 | 3.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.000.000 |
| 717116 | Комунална Такса за користење и одржување на јавно осветление | 27.500.000 | 35.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 35.000.000 |
| 717119 | Други Приходи по основа на Комунална дејност | 300.000 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300.000 |
| 717129 | Други комунални Такси | 3.500.000 | 3.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.500.000 |
| 717131 | Комунална Такса за користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност | 300.000 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300.000 |
| 717132 | Комунална Такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места | 20.000 | 20.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20.000 |

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ

## Ниво на: ПОТСТАВКА

| Категорија / Ставка / Потставка | О П И С | Предходен буџет | БУЏЕТ 2022 Буџет | Приходи од самофинан. активности | Приходи од дотации | Приходи од донации | Приходи од кредити | Вкупни приходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 914.300.105 | 586.346.647 | 31.331.000 | 230.797.000 | 19.597.242 | 39.113.745 | 907.185.634 |
| 717135 | Комунална Такса за користење на плоштади и друг простор во градовите и другите населени места,со цел изложување на предмети, приредување изложби и забавни приредби за вршење на дејност | 30.000 | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.000 |
| 717137 | Надомест за уредување на градежно земјиште | 353.925.765 | 312.371.302 | 0 | 0 | 0 | 0 | 312.371.302 |
| 717140 | Камата за ненавремено плаќање на комунални Такси кои се приход на елс | 10.000 | 20.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20.000 |
| **718** | **Такси на користење или дозволи за вршење на дејност** | **200.000** | **100.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **100.000** |
| 718134 | Надомест за управување со отпад на општината, односно градот скопје | 200.000 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **48.937.200** | **92.851.500** | **31.331.000** | **0** | **0** | **0** | **124.182.500** |
| **722** | **Глоби, судски и административни такси** | **2.250.000** | **2.750.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **2.750.000** |
| 722149 | Глоби за сторени прекршоци од областа на јавна чистота во надлежност на елс | 100.000 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| 722150 | Глоби за сторени прекршоци од области во надлежност на овластените градежни инспектори кои се приход на елс | 150.000 | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150.000 |
| 722315 | Административни Такси кои се плаќаат за списите и дејствијата кај органите на општината | 2.000.000 | 2.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.500.000 |
| **723** | **Такси и надоместоци** | **36.891.000** | **1.000.000** | **31.331.000** | **0** | **0** | **0** | **32.331.000** |
| 723111 | целодневна и претшколска грижа | 22.000.000 | 0 | 22.000.000 | 0 | 0 | 0 | 22.000.000 |
| 723112 | Средства за екскурзии | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 723116 | Надоместоци за оброци во ученички и студентски домови, училишта, градинки и други институции | 11.980.000 | 0 | 5.900.000 | 0 | 0 | 0 | 5.900.000 |
| 723119 | Други помошни активности во образованието | 1.286.000 | 0 | 3.401.000 | 0 | 0 | 0 | 3.401.000 |
| 723212 | Книги и други материјали за образование | 25.000 | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 30.000 |
| 723914 | Приходи од закупнина на општински имот | 1.500.000 | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.000.000 |
| **724** | **Други владини услуги** | **100.000** | **100.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **100.000** |
| 724125 | Приходи од тендери (јавни нарачки) | 100.000 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| **725** | **Други неданочни приходи** | **9.696.200** | **89.001.500** | **0** | **0** | **0** | **0** | **89.001.500** |
| 725917 | Приходи на месните заедници, местен самоПридонес и други Приходи на месните заедници | 4.500.000 | 4.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.000.000 |
| 725930 | Приходи на органите на управата | 1.200 | 1.500 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.500 |
| 725939 | Останати неданочни Приходи | 5.195.000 | 85.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 85.000.000 |
| **73** | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **32.510.300** | **27.650.300** | **0** | **0** | **0** | **0** | **27.650.300** |
| **733** | **Продажба на земјиШте и нематеријални вложувања** | **32.510.300** | **27.650.300** | **0** | **0** | **0** | **0** | **27.650.300** |
| 733111 | Приходи од продажба на неизградено градежно замјиште во сопственост на република македонија | 24.000.000 | 20.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20.000.000 |
| 733115 | Приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата | 10.000 | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150.000 |

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ

## Ниво на: ПОТСТАВКА

| Категорија / Ставка / Потставка | О П И С | Предходен буџет | БУЏЕТО: Буџет | Приходи од самофинан. активности | Приходи од дотации | Приходи од донации | Приходи од кредити | Вкупни приходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **914.300.105** | **586.346.647** | **31.331.000** | **230.797.000** | **19.597.242** | **39.113.745** | **907.185.634** |
| 733119 | Надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини (по основа на простор) | 500.000 | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 500.000 |
| 733120 | Надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини (по основа на експлоатирана минерална суровина) | 2.500.000 | 2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.000.000 |
| 733131 | Приходи од Надомест за долготраен закуп и времен закуп на градежно земјиште | 300 | 300 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300 |
| 733132 | Приходи на елс остварени при отуѓување и закуп на градежно земјиште сопственост на рм | 1.000.000 | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 500.000 |
| 733144 | Надомест за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти | 4.500.000 | 4.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.500.000 |
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **326.932.022** | **27.373.545** | **0** | **230.797.000** | **19.597.242** | **0** | **277.767.787** |
| **741** | **Трансфери од други нивоа на власт** | **306.634.530** | **27.373.545** | **0** | **230.797.000** | **1.063.843** | **0** | **259.234.388** |
| 741112 | Трансфери од буџетот на рм | 377.000 | 400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 400.000 |
| 741113 | Трансфери од буџетите на фондовите | 4.500.000 | 4.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.500.000 |
| 741114 | Пренесен вишок на Приходи од претходната година | 41.353.463 | 829.933 | 0 | 9.576.000 | 1.063.843 | 0 | 11.469.776 |
| 741115 | Дотации на општината, од Приходи од ддв | 16.665.955 | 18.100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 18.100.000 |
| 741120 | Блок дотации на општината по одделни намени | 222.256.000 | 0 | 0 | 221.221.000 | 0 | 0 | 221.221.000 |
| 741211 | Капитални трансфери од други нивоа на власт | 21.482.112 | 3.543.612 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.543.612 |
| **742** | **Донации од странство** | **20.297.492** | **0** | **0** | **0** | **18.533.399** | **0** | **18.533.399** |
| 742111 | Приходи од обединетите нации | 3.261.600 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 742114 | Приходи од европската унија | 15.972.049 | 0 | 0 | 0 | 16.958.484 | 0 | 16.958.484 |
| 742115 | Приходи од европските држави | 1.063.843 | 0 | 0 | 0 | 1.074.915 | 0 | 1.074.915 |
| 742119 | Други општи и тековни донации | 0 | 0 | 0 | 0 | 500.000 | 0 | 500.000 |
| **75** | **ДОМАшНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ** | **43.454.818** | **0** | **0** | **0** | **0** | **39.113.745** | **39.113.745** |
| **754** | **Друго домашно задолжување** | **43.454.818** | **0** | **0** | **0** | **0** | **39.113.745** | **39.113.745** |
| 754111 | Други домашни задолжувања | 43.454.818 | 0 | 0 | 0 | 0 | 39.113.745 | 39.113.745 |

**Член 3**

**Вкупните расходи во износ од 907.185.634 денари се распоредуваат по намени и подпрограми во делот на Посебни податоци,како што следи:**

# БИЛАНС НА РАСХОДИ
## Ниво на: Потставка

| Категорија / Ставка / Потставка | О П И С | Предходен буџет | БУЏЕТ 2022 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
| | | 914.300.105 | 586.346.647 | 31.331.000 | 230.797.000 | 19.597.242 | 39.113.745 | 907.185.634 |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **255.290.000** | **60.128.000** | **0** | **212.515.944** | **0** | **0** | **272.643.944** |
| **401** | **Основни плати** | **179.549.000** | **38.580.000** | **0** | **153.344.860** | **0** | **0** | **191.924.860** |
| 401110 | Основни плати -функционери | 750.000 | 780.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 780.000 |
| 401120 | Основни плати - државни службеници | 23.653.000 | 30.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.000.000 |
| 482910 | Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на други објекти | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

# БИЛАНС НА РАСХОДИ ПО ПОТПРОГРАМИ

| Потпрограм / Категорија / Ставка / Потставка | О П И С | Предходен буџет | Б У Џ Е Т | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
| | | **914.300.105** | **586.346.647** | **31.331.000** | **230.797.000** | **19.597.242** | **39.113.745** | **907.185.634** |
| 482920 | Изградба на други објекти | 3.200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482940 | Надзор над изградбата | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **483** | **Купување на мебел** | **0** | **0** | **50.000** | **0** | **0** | **0** | **50.000** |
| 483120 | Купување на училишен мебел | 0 | 0 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 50.000 |
| **485** | **Вложувања и нефинансиски средства** | **0** | **100.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **100.000** |
| 485230 | Компјутерстки софтвер | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| Q00 | ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ | 390.000 | 540.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 540.000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **390.000** | **420.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | 420.000 |
| **423** | **Материјали и ситен инвентар** | **100.000** | **200.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **200.000** |
| 423310 | Униформи | 50.000 | 130.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 130.000 |
| 423320 | Обувки | 50.000 | 70.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 70.000 |
| **424** | **Поправки и тековно одржување** | **220.000** | **120.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **120.000** |
| 424440 | Поправки и одржување на друга опрема | 220.000 | 120.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 120.000 |
| **425** | **Договорни услуги** | **70.000** | **100.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **100.000** |
| 425730 | Инструктори на кратки курсеви | 70.000 | 70.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 70.000 |
| 425970 | Консултантски услуги | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.000 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **0** | **120.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | 120.000 |
| **480** | **Купување на опрема и машини** | **0** | **20.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **20.000** |
| 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | 0 | 20.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20.000 |
| **483** | **Купување на мебел** | **0** | **100.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **100.000** |
| 483110 | Купување на канцелариски мебел | 0 | 70.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 70.000 |
| 483190 | Купување на друг мебел | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.000 |
| R10 | ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА | 150.000 | 3.190.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.190.000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **150.000** | **2.740.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | 2.740.000 |
| **424** | **Поправки и тековно одржување** | **0** | **2.350.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **2.350.000** |
| 424590 | Одржување на други зелени површини | 0 | 2.350.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.350.000 |
| **425** | **Договорни услуги** | **150.000** | **390.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **390.000** |
| 425630 | Испитување на кавалитетот на водите и воздухот | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425920 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 0 | 90.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 90.000 |
| 425930 | Научно истражување (вклучувајќи статистичко истражување) | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425970 | Консултантски услуги | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300.000 |

# БИЛАНС НА РАСХОДИ ПО ПОТПРОГРАМИ

| Потпрограм / Категорија / Ставка / Потставка | О П И С | Предходен буџет | Б У Џ Е Т | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
| | | **914.300.105** | **586.346.647** | **31.331.000** | **230.797.000** | **19.597.242** | **39.113.745** | **907.185.634** |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **0** | **450.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | 450.000 |
| **463** | **Трансфери до невладини организации** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 463110 | Трансфери до здруженија на граѓани и фондации | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **464** | **Разни трансфери** | **0** | **450.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **450.000** |
| 464990 | Други трансфери | 0 | 450.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 450.000 |
| V10 | ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | 88.671.080 | 4.750.000 | 20.400.000 | 56.395.000 | 0 | 0 | 81.545.000 |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **50.597.000** | **0** | **0** | **51.547.000** | **0** | **0** | 51.547.000 |
| **401** | **Основни плати** | **36.347.000** | **0** | **0** | **37.140.000** | **0** | **0** | **37.140.000** |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 33.900.000 | 0 | 0 | 34.800.000 | 0 | 0 | 34.800.000 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 2.447.000 | 0 | 0 | 2.340.000 | 0 | 0 | 2.340.000 |
| **402** | **Придонеси за социјално осигурување** | **14.250.000** | **0** | **0** | **14.407.000** | **0** | **0** | **14.407.000** |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 9.500.000 | 0 | 0 | 9.600.000 | 0 | 0 | 9.600.000 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 3.800.000 | 0 | 0 | 3.900.000 | 0 | 0 | 3.900.000 |
| 402220 | Основен придонес за професионално заболување | 290.000 | 0 | 0 | 252.000 | 0 | 0 | 252.000 |
| 402310 | Основни продонеси до Агенцијата за вработување | 660.000 | 0 | 0 | 655.000 | 0 | 0 | 655.000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **34.870.080** | **4.750.000** | **20.400.000** | **4.848.000** | **0** | **0** | 29.998.000 |
| **420** | **Патни и дневни расходи** | **50.000** | **0** | **50.000** | **0** | **0** | **0** | **50.000** |
| 420120 | Патување во земјата - патни расходи | 50.000 | 0 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 50.000 |
| **421** | **Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | **6.190.000** | **2.400.000** | **400.000** | **4.308.000** | **0** | **0** | **7.108.000** |
| 421110 | Електрична енергија | 1.100.000 | 300.000 | 0 | 1.100.000 | 0 | 0 | 1.400.000 |
| 421120 | Водовод и канализација | 400.000 | 50.000 | 0 | 350.000 | 0 | 0 | 400.000 |
| 421130 | Ѓубретарина | 500.000 | 50.000 | 0 | 460.000 | 0 | 0 | 510.000 |
| 421190 | Други комунални такси и услуги | 20.000 | 0 | 20.000 | 0 | 0 | 0 | 20.000 |
| 421240 | Течни горива | 3.500.000 | 2.000.000 | 0 | 2.148.000 | 0 | 0 | 4.148.000 |
| 421310 | Пошта | 40.000 | 0 | 40.000 | 0 | 0 | 0 | 40.000 |
| 421320 | Телефон и телефакс | 300.000 | 0 | 20.000 | 250.000 | 0 | 0 | 270.000 |
| 421410 | Горива и масла (моторни возила) | 160.000 | 0 | 160.000 | 0 | 0 | 0 | 160.000 |
| 421420 | Регистрација на моторни возила | 120.000 | 0 | 120.000 | 0 | 0 | 0 | 120.000 |
| 421440 | Транспорт на луѓе | 50.000 | 0 | 40.000 | 0 | 0 | 0 | 40.000 |
| **423** | **Материјали и ситен инвентар** | **13.892.000** | **100.000** | **13.900.000** | **0** | **0** | **0** | **14.000.000** |
| 423110 | Канцелариски материјали | 200.000 | 0 | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 200.000 |
| 423120 | Списанија, весници и други изданија за користење од страна на враб | 100.000 | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| 423310 | Униформи | 0 | 0 | 400.000 | 0 | 0 | 0 | 400.000 |

# БИЛАНС НА РАСХОДИ ПО ПОТПРОГРАМИ

| Потпрограм / Категорија / Ставка / Потставка — О П И С | Предходен буџет | Б У Џ Е Т | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
| | **914.300.105** | **586.346.647** | **31.331.000** | **230.797.000** | **19.597.242** | **39.113.745** | **907.185.634** |
| 423320 Обувки | 0 | 0 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 300.000 |
| 423410 Прехранбени продукти и пијалаци | 9.502.000 | 0 | 9.500.000 | 0 | 0 | 0 | 9.500.000 |
| 423610 Наставно-образовни помагала | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423710 Средства за одржување на хигиена | 1.040.000 | 100.000 | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 600.000 |
| 423810 Ситен инвентар | 400.000 | 0 | 400.000 | 0 | 0 | 0 | 400.000 |
| 423990 Други материјали | 2.500.000 | 0 | 2.500.000 | 0 | 0 | 0 | 2.500.000 |
| **424 Поправки и тековно одржување** | **12.518.080** | **1.850.000** | **4.500.000** | **0** | **0** | **0** | **6.350.000** |
| 424120 Поправки и сервисирање на товарни возила | 100.000 | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| 424210 Одржување на згради | 10.438.080 | 1.750.000 | 3.000.000 | 0 | 0 | 0 | 4.750.000 |
| 424230 Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | 780.000 | 100.000 | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 300.000 |
| 424440 Поправки и одржување на друга опрема | 1.200.000 | 0 | 1.200.000 | 0 | 0 | 0 | 1.200.000 |
| **425 Договорни услуги** | **1.520.000** | **400.000** | **550.000** | **540.000** | **0** | **0** | **1.490.000** |
| 425420 Примарна здравствена заштита | 240.000 | 0 | 240.000 | 0 | 0 | 0 | 240.000 |
| 425790 Други образовни услуги | 30.000 | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 30.000 |
| 425920 Услуги за копирање, печатење и издавање | 20.000 | 0 | 20.000 | 0 | 0 | 0 | 20.000 |
| 425990 Други договорни услуги | 1.230.000 | 400.000 | 260.000 | 540.000 | 0 | 0 | 1.200.000 |
| **426 Други тековни расходи** | **700.000** | **0** | **1.000.000** | **0** | **0** | **0** | **1.000.000** |
| 426310 Семинари и конференции | 200.000 | 0 | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 500.000 |
| 426410 Објавување на огласи | 250.000 | 0 | 250.000 | 0 | 0 | 0 | 250.000 |
| 426990 Други оперативни расходи | 250.000 | 0 | 250.000 | 0 | 0 | 0 | 250.000 |
| **46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **70.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | 0 |
| **463 Трансфери до невладини организации** | **10.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 463110 Трансфери до здруженија на граѓани и фондации | 10.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **464 Разни трансфери** | **60.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 464990 Други трансфери | 60.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **3.134.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | 0 |
| **480 Купување на опрема и машини** | **3.134.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 480190 Купување на друга опрема | 3.134.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| VA0 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | 14.933.000 | 15.886.161 | 1.600.000 | 0 | 0 | 0 | 17.486.161 |
| **48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **14.933.000** | **15.886.161** | **1.600.000** | **0** | **0** | **0** | 17.486.161 |
| **480 Купување на опрема и машини** | **0** | **0** | **1.600.000** | **0** | **0** | **0** | **1.600.000** |
| 480190 Купување на друга опрема | 0 | 0 | 1.600.000 | 0 | 0 | 0 | 1.600.000 |
| **481 Градежни објекти** | **6.133.000** | **3.200.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **3.200.000** |

# БИЛАНС НА РАСХОДИ ПО ПОТПРОГРАМИ

| Потпрограм / Категорија / Ставка / Потставка | О П И С | Предходен буџет | БУЏЕТ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
| | | **914.300.105** | **586.346.647** | **31.331.000** | **230.797.000** | **19.597.242** | **39.113.745** | **907.185.634** |
| 481210 | Подготвување проекти на деловни објекти | 2.200.000 | 3.200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.200.000 |
| 481220 | Набавка или нова изградба на деловни објекти | 3.933.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **482** | **Други градежни објекти** | **8.800.000** | **12.686.161** | **0** | **0** | **0** | **0** | **12.686.161** |
| 482920 | Изградба на други објекти | 7.100.000 | 11.620.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 11.620.000 |
| 482930 | Реконструкција на други објекти | 1.500.000 | 866.161 | 0 | 0 | 0 | 0 | 866.161 |
| 482940 | Надзор над изградбата | 200.000 | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 200.000 |
| X10 | РОДОВА ЕДНАКВОСТ | 190.000 | 327.400 | 0 | 0 | 0 | 0 | 327.400 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **190.000** | **327.400** | **0** | **0** | **0** | **0** | 327.400 |
| **463** | **Трансфери до невладини организации** | **190.000** | **275.400** | **0** | **0** | **0** | **0** | **275.400** |
| 463110 | Трансфери до здруженија на граѓани и фондации | 190.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 463190 | Останати трансфери до невладини организации | 0 | 275.400 | 0 | 0 | 0 | 0 | 275.400 |
| **464** | **Разни трансфери** | **0** | **52.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **52.000** |
| 464990 | Други трансфери | 0 | 52.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 52.000 |

# III. РАЗВОЕН ДЕЛ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА Ѓорче Петров ЗА ПЕРИОД 2022- 2024 ГОДИНА

JDA ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СЕРВИСНИ И СТАНБЕНИ УЛИЦИ ВО ОПШТИНАТА

ЦЕЛ Развојната програма има за цел да ги ревитализира сервисните и станбени улици во општина Ѓорче Петров, кои се асфалтирани од пред 30-40 години или пак воопшто не се пробиени и асфалтирани

| | Категорија | Извор на финансирање | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|---|
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **20.000.000** | **15.000.000** | **15.000.000** |
| | | БУЏЕТ | 20.000.000 | 15.000.000 | 15.000.000 |
| | | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | | **ВКУПНО** | **20.000.000** | **15.000.000** | **15.000.000** |

JGA ИЗГРАДБА НА ВОДОВОДНИ МРЕЖИ ВО РУРАЛНО ПОДРАЧЈЕ

ЦЕЛ Цел на програмата е изградба на водоводни мрежи во с.Никиштане и с.Кучково,како и доизградба на краци во реонот на с.Волково,кои сеуште немаат питка вода за пиење.

| | Категорија | Извор на финансирање | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|---|
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **6.000.000** | **10.000.000** | **10.000.000** |
| | | БУЏЕТ | 6.000.000 | 10.000.000 | 10.000.000 |
| | | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | | **ВКУПНО** | **6.000.000** | **10.000.000** | **10.000.000** |

JIA ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА СО ПРЕ6ИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ВО РУРАЛЕН ДЕЛ НА ОПШТ

ЦЕЛ Цел на програмата е да се доизградат мрежите за одведување и пречистување на отпадни води во руралното подрачје во реонот на с.Волково, како и изградба на фекална мрежа над пруга, патот за с.Кондово, место викано Стрелиште.

| | Категорија | Извор на финансирање | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|---|
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **5.000.000** | **5.000.000** | **5.000.000** |
| | | БУЏЕТ | 5.000.000 | 5.000.000 | 5.000.000 |
| | | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ВКУПНО** | **5.000.000** | **5.000.000** | **5.000.000** |

**Член 4**

**Буџетот на општината Ѓорче Петров за 2022 година влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во Службен гласник на општина Ѓорче Петров, а ќе се применува од 01.01.2022 година со вчитување во Сектор буџет во Министерството за финансии.**

**Број 08-2326/34**
**Од 30.12.2021 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за извршување на Буџетот**
**на општина Ѓорче Петров за 2022 година**

**Се објавува Одлуката за извршување на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2022 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Шесттата седница на советот, одржана на ден 30.12.2021 година.**

| | |
|---|---|
| **Број 09-2410/33** | **ГРАДОНАЧАЛНИК НА** |
| **од 31.12.2021 година** | **ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ** |
| **Скопје** | **Александар Стојкоски с.р.** |

**Врз основа на член 36, став 1, точка 2 и 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и 244/19), членовите 1, 3, 29-а, 29в, 29г и 29д од Законот за изменување и дополнување на Законот за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на Р.М. и други избрани и именувани лица во Р.М.(Сл.весник на Р.М. бр. 121/07, 161/08, 92/09, 42/10, 97/2010, 162/2010, 11/2012, 145/2012, 170/2013, 139/2014 и 233/18), член 9 од Законот за исплата на платите во Република Македонија (Сл. Весник на Р.М. 70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02, 37/05, 121/07, 161/08, 92/09, 97/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14, и 147/15) и член 16 точка 37 од Статутот на општина Ѓорче Петров-пречистен текст ("Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр 18/13) и Статутарните одлуки за измени и дополнувања на Статутот на општина Ѓорче Петров ( Сл. гласник на општина Ѓорче Петров бр.3/19 и 5/21), советот на општина Ѓорче Петров на 6-тата седница одржана на 30.12.2021 година, донесе**

## О Д Л У К А
## за извршување на Буџетот на Општината Ѓорче Петров за 2022 година

### Член 1

**Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2022 година (во понатамошниот текст Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.**

### Член 2

**Буџетот на Општината се состои од : Општ, посебен и развоен дел:**

- **општиот дел ги содржи вкупните приходи и други приливи и вкупните расходи и други одливи на буџетот за фискалната година, како и глобални проекции на приходите, приливите, расходите и одливите за наредните две години,**
- **посебниот дел содржи план на одобрени средства на буџетските корисници по програми и ставки за финансиската година и**
- **развојниот дел се содржи од тригодишно развојни програми**

**Буџетот на Општината е консолидиран и се состои од: Основен буџет; Буџет на самофинансирачки активности; Буџет на донации; Буџет на дотации и Буџет на кредити.**

**Планот на програмите за развој ги содржи среднорочните проекции на одобрени средства по:**

- **одделни буџетски програми и потпрограми,**
- **години во кои истите ќе се реализираат и**
- **изворите на финансирање, односно буџети.**

**Член 3**

**Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.**

**Член 4**

**Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.**

**За да се преземат нови обврски, до советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ, односно да се изврши пренамена на средствата.**

**Член 5**

**Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи, како и извршувањето на расходите по програми и подпрограми и други одливи на основниот буџет на општината, на буџетот на дотациите, како и на приливите од кредитот.**

**Член 6**

**Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници и подпрограми ја одобрува советот на општината.**

**Одобрените средства со буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и буџет, не може да бидат намалени повеќе од 20% со прераспределбите во тековната фискална година.**

**Во Буџетот може да се врши пренамена со која се зголемува буџетот одобрен за плати , но не повеќе од 10% од вкупно планираните плати и надоместоци.**

**Член 7**

**Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности; буџетот на донации и/или буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување, односно зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои градоначалникот ги доставува до советот на општината на одобрување.**

**Член 8**

**Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.**

**Член 9**

**Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно нето платите се утврдуваат:**
**-Коефициентот на градоначалникот изнесува 3,2, а основицата изнесува 26.755,00 денари.**

**- за вработените кои немаат статус на државни службеници, вредноста на бодот за пресметување на бруто плата изнесува 13,12 денари.**

**Ако Владата на Р.С.М. донесе одлука за зголемување или намалување на платите, ќе се применува новата вредност.**

**Член 10**

**Исплатата на платите и надоместоците на вработените во основните училишта и детската градинка ( во понатамошниот текст локални јавни установи) ќе се финансираат од блок дотации од општинскиот буџет под контрола и одобрување на Министерство за финансии и ресорните Министерства.**

**Локалните јавни установи се должни три дена пред исплатата на платите до општината да достават барања за одобрување на средства за исплата на плати и надоместоци кон кои ќе ги приложат образците ПДД-МП и МП-1, копија од рекапитуларот за пресметаните нето и бруто плати, образец Ф1 за бројот на вработените по име и презиме и други податоци во електронска и пишана форма.**

**Член 11**

**На членовите на советот на општина Ѓорче Петров им се исплаќа месечен надоместок за присуство на седниците на советот и надоместок на патните и дневни трошоци.**

**Месечниот надоместок на членовите на советот на општината за присуство на седниците на советот се утврдува согласно бројот на жители на општината во процентуален износ од 60% од просечната месечна нето плата во Република Северна Македонија исплатена за претходната година.**

**На претседателот на советот на општината за раководењето и организирањето на работата на советот, надоместокот од став 2 на овој член се зголемува за 30%.**

**Член 12**

**На вработените во општинската администрација се исплаќа надоместок за годишен одмор во висина од 60% од просечна нето плата исплатена за последните три месеци во Републиката.**

**Член 13**

**За работниците ангажирани со договор за отстапување на работник за привремено вработување, средствата за исплата ги обезбедува работодавачот, а исплатата на вработениот ја врши Агенцијата за привремени вработувања.**

**Член 14**

**Трошоците за сместување и патување при службени патувања, кога не паѓаат на терет на организаторот, ги надоместува општината од Буџетот.**

**За патување во странство дневницата се исплатува во висина од 50% од утврдената дневница, ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на управата, 20% од утврдената дневница, ако издатоците за сместување и исхрана не паѓаат на товар на органот на управата и 5% од утврдената дневница, ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓа на товар на органот на државната управа, а престојот е над 30 дена ( Согласно**

**Уредбата за издатоци за службени патувања и селидби во странство што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци "Сл. весник на РМ бр. 20/00, 64/01, 11/08, 82/10, 12/12, 05/13, 1/14 и 90/14) .**

**За користење на сопствено возило за службени цели во земјата се исплаќа надоместок од 20 до 30% од вредноста на горивото за поминат километар, но не повеќе од 3.500,00 денари а за користење на сопствено возило за службени цели во странство се исплаќа надоместок од 20 до 30% од вредноста на горивото за поминат километар,(согласно Закон за работни односи,Закон за плата и други надоместоци на пратеници во собрание на Р.М и други избрани и именувани лица во републиката,Закон за данок од личен доход,Закон за данок на добивка и др.).**

**Член 15**

**Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување, и други случаи на вработниот во општината и локалната јавна установа му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.**

**Член 16**

**Во случај на смрт на вработен во општинската администрација или во Локална јавна установа на неговото семејство му се исплаќа парична помош во износ од 30.000,00 денари .**

**На вработен во општинската администрација и во Локална јавна установа во случај на смрт на член од потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посинок, посвоено дете и дете земено на издржување), му припаѓа парична помош во износ од 15.000,00 денари.**

**На вработен во општинската администрација и во Локалната јавна установа кој ќе замине во пензија му следува надоместок во вид на отпремнина во висина од две просечно месечни нето плати. Висината на овој надоместок се пресметува врз основа на просечна месечна нето плата во Републиката објавена до денот на исплатата.**

**Надоместоците од ставовите 1, 2 и 3 од овој член се исплатуваат по претходно доставено барање во тековната односно наредната година.**

**Исплатите на надоместоците од претходниот став се вршат по претходно оформена и комплетирана документација и донесено решение од страна на градоначалникот на општината, од програмите Д0- Градоначалник, за вработените во локалните јавни установи и од Е0-Општинска администрација, за вработените во општинската администрација, а од позиција 464 - Други трансфери.**

**Член 17**

**Исплата на јубилејни награди на вработените се врши согласно закон и Колективен договор на ниво на дејност.**

**Член 18**

**За користење на средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), кои неможе да надминат износ од**

**3% од вкупно планираните средтва во основниот буџет на општината, одлучува советот на општината.**

**По исклучок за користење на средствата од тековната резерва до износ најмногу до 50.000,00 денари одлучува градоначалникот. За искористените средства градоначалникот е должен да поднесе годишен извештај за користењето на средствата од резервите до советот на општината.**

**Член 19**

**Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на општината, а кои се однесуваат за набавки на стоки и услуги, се врши со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.**

**Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во против вредност од 6.000,00 денари, каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.**

**Член 20**

**Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува градоначалникот на општината.**

**Член 21**

**Нови вработувања во општинската администрација за државни службеници можат да се вршат само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во буџетот на општината, а врз основа на претходно добиена согласност од Агенцијата за администрација.**

**Во случај на нови вработувања во Локалните јавни установи, истите се должни да обезбедат согласности од надлежно Министерство.**

**Член 22**

**Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.**

**Повратот на погрешно, на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на градоначалникот на општина Ѓорче Петров, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.**

**Член 23**

**Буџетот на општина Ѓорче Петров се извршува од 01.01.2022 година до 31.12..2022 година.**

**Член 24**

**Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Ѓорче Петров”, а ќе се применува од 01 Јануари 2022 година.**

**Број 08-2326/35**
**Од 30.12. 2021 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за утврдување на вредност на бодот**
**за платите на државните службеници за 2022 година**

**Се објавува Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2022 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Шесттата седница на советот, одржана на ден 30.12.2021 година.**

**Број 09-2410/34**
**од 31.12.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. број 05/02), член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на општина Ѓорче Петров – Пречистен текст (Сл.Гласник на општина Ѓорче Петров бр. 18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), советот на општина Ѓорче Петров на 6-тата седница одржана на ден 30.12.2021 година, донесе**

**ОДЛУКА**
**за утврдување на вредност на бодот за платите**
**на административни службеници на општина Ѓорче Петров**
**за 2022 година**

**Член 1**

**Вредноста на бодот за платите на административните службеници за периодот од 01.01. до 31.12.2022 г. изнесува 81,6 денари.**

**Член 2**

**Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров", а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2022 година.**

**Член 3**

**Со донесување на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката број 08-2040/29 од 28.12.2020 година (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 11/20).**

**Број 08-2326/36** — **Совет на општина Ѓорче Петров**
**Од 30.12. 2021 година** — **Претседател,**
**Скопје** — **Ленче Нелоска с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотација на основните училишта на општина Ѓорче Петров за 2022 година**

**Се објавува Одлуката за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотација на основните училишта на општина Ѓорче Петров за 2022 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Шесттата седница на советот, одржана на ден 30.12.2021 година.**

**Број 09-2410/35**
**од 31.12.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. број 05/02), член 8 став 2 алинеа 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр. 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/2011, 192/15, 209/18 и Сл.Весник на Р.С.М. бр.244/19, 53/21 и 77/21), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на општина Ѓорче Петров - Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/13) и Статутарните одлуки за измени и дополнувања на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.3/19 и 5/21), советот на општина Ѓорче Петров на 6-тата седница одржана на ден 30.12.2021 година, донесе**

## ОДЛУКА
## за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на територијата на општина Ѓорче Петров за 2022

### Член 1

**Со оваа Одлука се пропишува методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на територијата на општина Ѓорче Петров.**

### Член 2

**Согласно Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2022 година, во Програма Н1 и Подпрограма Н10 - Основно образование, се врши финансирање на сите 6 (шест) основни училишта на територијата на општина Ѓорче Петров.**

### Член 3

**Средствата утврдени во член 2 од оваа Одлука наменски се распоредуваат на секое основно училиште врз основа на податоците доставени од страна на основните училишта и нивните годишни финансови планови усогласени со висината на средствата од блок дотација.**

### Член 4

**Критериуми за распределба на блок дотацијата за 2022 година по основни училишта се:**

**- вкупно добиената сума на блок дотацијата за 2022 година од Министерството за образование и наука,**

**- бројот на ученици вкупно на ниво на општина, односно по основно училиште, запишани за учебната 2021/2022 година и**

**- големина на училиштето.**

**Бруто платите, бидејќи се пресметани и дадени се како задолжителна обврска по број на вработени, се минусираат од методологијата за распределба.**

### Член 5

**Распределбата се врши само на средствата од блок дотацијата кои служат за покривање на сите материјални трошоци според следната формула:**

**НД= (м2џ0,3)+(бр.уч.џ4):(вк.м2џ0,3)+(вк.бр.уч.џ4) , каде**

**НД – Наменски дел за покривање на материјални трошоци за 2022 година = ( 171.702.000,00 – 160.968.944,00 = 10.733.056,00 + 2.700.000,00 =13.433.056,00 ден.),од кои:**

**-171.702.000,00 денари е износот на вкупната блок дотација за 2022 г., наменета за општина Ѓорче Петров за Основно образование, утврдена со републичкиот буџет за 2022 година;**

**- 160.968.944,00 денари е вкупниот износ за бруто плати за сите О.О.У.;**

**- 10.733.056,00 денари е разликата што останува за распределување за материјални трошоци;**

**- Во наменскиот дел за покривање на потребите на О.О.У. за материјални трошоци во износ од 10.733.056,00 денари, се додава салдото од нереализирана блок дотација за О.О.У. од минати години во вкупен износ од 2.700.000,00 денари. Збирот од наменскиот дел и салдото од минати години изнесува 13.433.056,00 и претставува вкупниот износ за распределба на наменскиот дел од блок дотацијата за О.О.У. за 2022 година, наменет за покривање на материјалните трошоци.**

**К м2 – коефициент за површина =0,3 и**
**К уч. - коефициент за број на ученици = 4**

**Табела1**
**РАСПРЕДЕЛБА НА НАМЕНСКИОТ ДЕЛ ОД БЛОК ДОТАЦИЈАТА (БЕЗ БРУТО ПЛАТИ)**

**Наменскиот дел за 2022 година изнесува 13.433.056,00денари**
**Коефициент за површина = 0,3**
**Коефициент за број на ученици = 4**

| Ред. бр. | Име на основно училиште | Вк. Површина | Вк. Ученици | Вк. Коефициент | ПРОЦЕНТ | Распределба на средства по утврдени намени изразени во апсолутен износ Вкупно (МКД) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Мирче Ацев | 4.400 | 726 | 4.226 | 20,17% | 2.709.000 |
| 2. | Ѓорче Петров | 3.820 | 334 | 2.483 | 11,45% | 1.712.500 |
| 3. | Д.П.Г. Беровски | 4.762 | 920 | 5.111 | 24,60% | 2.768.000 |
| 4. | Страшо Пинџур | 2.964 | 618 | 3.364 | 15,86% | 1.978.000 |
| 5. | Т.Милошевски | 1.335 | 461 | 2.249 | 10,27% | 1.430.556 |
| 6. | Јоаким Крчовски | 1.464 | 520 | 2.524 | 17,65% | 2.835.000 |
| | Вкупно: | 18.745 | 3.579 | 19.957 | 100 % | 13.433.056 |

**Во табелата 1, во колоната на процентот за распределба се врши корекција, односно намалување по 1 апоен, на петте основни училишта, за сметка на О.О.У.Јоаким Крчовски, на кое му се додаваат 5%, бидејќи само тоа училиште има организиран превоз на ученици за што на годишно ниво му се потребни околу 1.000.000,00 денари.**

**Член 6**

**Средствата за блок дотација се насочуваат до основните училишта, преку Секторот за финансиски прашања за бруто плати и за материјални трошоци месечно, односно како што се трансферираат средствата од Министерството за образование и наука до општината.**

**Член 7**

**Распоредувањето на наменскиот дел од блок дотацијата по основни училишта за 2022 година, ќе се врши согласно распределбата на средствата прикажани во апсолутен износ во табела 1 од член 5, која е составен дел на оваа Одлука.**

**Член 8**

**Одлуката стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров".**

**Број 08-2326/37**<br>**Од 30.12. 2021 година**<br>**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**<br>**Претседател,**<br>**Ленче Нелоска с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за доделување еднократна парична помош на семејствата со новороденче на подрачјето на општина Ѓорче Петров во 2022 година**

**Се објавува Одлуката за доделување еднократна парична помош на семејствата со новороденче на подрачјето на општина Ѓорче Петров во 2022 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Шесттата седница на советот, одржана на ден 30.12.2021 година.**

**Број 09-2410/36**
**од 31.12.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**Врз основа на член 22 став 1 точка 7 в.в со член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на општина Ѓорче Петров-пречистен текст („Службен гласник на општина Ѓорче Петров" бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), советот на општина Ѓорче Петров на 6-тата седница одржана на ден 30.12.2021 година, донесе**

## О Д Л У К А
## за доделување еднократна парична помош на семејствата со новороденче на подрачјето на општина Ѓорче Петров во 2022 година

### Член 1

**Со оваа Одлука се утврдува доделувањето на еднократна парична помош на семејствата со новороденче, кои се со живеалиште на подрачјето на општина Ѓорче Петров за 2022 година.**

### Член 2

**На секое семејство со новороденче во 2022 година, со живеалиште на подрачјето на општина Ѓорче Петров, ќе му биде доделена еднократна парична помош во износ од 5.000,00 денари.**

### Член 3

**Еднократната парична помош ќе се доделува врз основа на поднесено Барање од страна на семејствата, до општина Ѓорче Петров, со уредно приложена документација на увид која ќе го потврди раѓањето на новиот член во семејството, брачниот статус на сопружниците, територијалната припадност (живеалиштето) на подрачјето на општина Ѓорче Петров и трансакциска сметка на име на еден на родителите.**

**Територијалната припадност (живеалиштето) на подрачјето на општина Ѓорче Петров, ќе се потврди со приложување на увид важечки лични карти или патни исправи од двајцата родители, со исклучок за новороденчиња на самохрани родители.**

**Раѓањето на новороденото дете се потврдува со извод од матична книга на родените.**

**Доколку подносител на Барањето за доделување на еднократна парична помош за новороденче е самохран родител, а притоа во Изводот од матичната книга на родени за новороденчето е впишан само родителот Барател, истиот е должен да приложи изјава дадена под морална и материјална одговорност дека е самохран родител, заверена на Нотар.**

**Доколку подносител на Барањето за доделување на еднократна парична помош за новороденче е самохран родител, а притоа во Изводот од матичната книга на родени за новороденчето се впишани двајцата родители, истиот е должен да приложи изјава дадена под морална и материјална одговорност која што ќе биде заверена на Нотар дека е самохран родител.**

**Член 4**

**Рокот за поднесување на пријавите со комплетната документација е 90 (деведесет) дена од денот на раѓањето на новороденчето.**

**Член 5**

**Средствата за оваа намена ќе се издвојуваат од Буџетот на општина Ѓорче Петров, поточно од подпрограмата ДОО – Градоначалник, група 47-социјални бенефиции, 471230-помош за новороденчиња.**

**Член 6**

**Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров“, а ќе се применува од 01.01.2022 година.**

**Број 08-2326/38**
**од 30.12.2021 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**